**Универзитет „Св. Кирил и Методиј “-**

**Филозофски факултет**

**Скопје**

**Институт за историја**

**Магистерски труд**

# Првата крстоносна војна од византиска перспектива

Ментор:

Проф.д-р Александар Атанасовски

Кандидат:

Ванчо Арнаутовски

Бр. Индекс 3885/10

**Скопје, февруари 2013**

## Содржина

# Првата крстоносна војна од византиска песпектива

**Вовед**..........4

**Глава Прва**

Улогата на Византија во иницирањето на Првиот Крстоносн поход

1. Политичката ситуација во Византија непосредно пред доаѓањето на првите Крстоносци..........8
2. Односот на Алексиј I со Западните земји..........23
3. Византиската перцепција за Латините до почетокот на Крстоносните војни (VII - XI век)..........30
4. Придонесот на Алексиј I Комнин во поттикнувањето на Првиот крстоносен поход..........37
   4.1 Наводното писмо на Алексиј I Комнин до Роберт Фландриски..........37
   4.2 Византиските пратеници на соборот во Пјаченца..........46

**Глава Втора**

Првиот крстоносен поход и Византија

1. Походите на Византиските императори во Сирија како претходница на Крстоносните војни..........51
2. Улогата на религијата во односите меѓу двете страни..........57
3. Хронолошки преглед на текот на Првиот Крстоносоен поход (1095 - 1099)..........67
4. Односите помеѓу водачите на Крстоносците и императорот..........73

**Глава  Трета**

Идеолошкиот судир меѓу Византијците и Крстоносците

1. Општата претстава за Византија на Латинскиот Запад.................................................84
2. Коцептот за "Света војна" од Византиска перспектива................................................92
3. Ана Комнина за Крстоносците.........................................................................100

**Глава Четврта**

Промените во Византија предизвикани од Првиот крстоносен поход

1. Византиската перцепција за Латините во Првиот крстоносен поход......................106
2. Економските промени во византискиот свет..........................................................111
3. Воено-политичките последици за Византија..........................................................118

**Заклучок**..........................................................................................................125

**Извори  и  литература**........................................................................................127

## Вовед

Од почетокот на XX век, а особено во последните неколку децении, се воспоставува еден вид тренд во историската наука на детално разгледување на значајните историски настани од сите можни перспективи. Ваквиот пристап е неопходен и есенцијален во секој обид за објективно обработување на историјата и историските настани во науката. Посебен акцент во овој тренд во прв ред се става на оние теми коишто отсекогаш биле контроверзни, а во исто време актуелни и обработувани и надвор од историската наука како што се Крстоносните војни. Скоро секој аспект од историјата на Крстоносните војни е реинтерпретиран во последните неколку децении, често од многу различни гледишта. Притоа во научниот свет, но се повеќе и кај јавноста има апетит за дела на тема на Крстоносните војни. Веројатно повеќе од било кој феномен во Европската историја, Крстоносните војни се огледало на тоа како Западот гледа на самиот себе и како е гледан од другите, и како што се менува аголот на огледалото, така се менува и погледот на Крстоносните војни. Од Средновековието па се до крајот на XIX век, тие биле дел од современата историја, и Муслиманите, паганите, еретиците и шизматиците биле гледани како закана за стабилноста на христијанскиот запад. По XIX век тие се поместуваат во минатото и биле третирани со извесна аверзија, што подоцна ќе премине во воодушевување и носталгија за на крај да прераснат во мит, сметани во исто време за херојски и варварски, но сеуште не подложени на детално истражување. Во меѓувреме, се создаваат нови теории во обидот Крстоносните војни да се поврзат со современите настани и да бидат видени од перспектива различна од онаа на Западот. Нема причина да се мисли дека овој процес на ревизија се ближи кон својот крај, или дека било каков консензус за причините, природата и последиците од Крстоносните војни некогаш ќе биде постигнат. Денес, во не помала мера од минатото, пишаните дела на сметка на Крстоносните војни мора да бидат интерпретирани во светлината на различните позиции од коишто биле пишувани.

Разбирливо е што Крстоносните војни, како еден вид историски феномен, се доста обработувани во научните дела, особено во западната историографија. Меѓутоа, многу мал акцент е ставен на различните перспективи на сите кои директно или индиректно имале свој удел или на било каков начин биле опфатени од нив. Крстоносните војни, општо гледано, се претставуваат како конфликт меѓу западноевропските христијани и муслиманите од Блискиот Исток. Во овој конфликт, Византиската империја, којашто дотогаш е присутна како најважен христијански фактор во областите коишто ќе бидат опфатени од Крстонсните војни, повеќе со своите интереси отколку со физичкото присуство, е потисната во заден план. Сепак, останува да игра една своја посебна, карактеристична за неа улога на посматрач и повремен учесник во тие настани, секогаш водејќи се од сопствените интереси. Притоа, со своја традиција и богата историографија ни оставила доста современи извори коишто можат да послужат за да биде реконструирана атмосферата и расположението на нејзините поданици, вклучувајќи ги тука и оние од нашите простори, кон феноменот на Крстоносните војни. Во ова истражување во прв ред ќе биде направен обид за разгледување на Првата крстонсна војна од аспект на Византија, реакциите и согледувањата во Византија во допирот со првите Крстоносци како преседан за понатамошните интеракции меѓу Византијците и Крстоносците, како со оние коишто формираат држави на Блискиот исток, така и со учесниците во Вториот и Третиот крстоносен поход коишто непосредно ја засегале империјата минувајќи низ нејзина територија. Понатаму, ќе биде разгледано и влијанието на непосредниот допир на Византијците со "Латините" за воспоставувањето на претставата за Западноевропските земји во Византија. Најпосле, во помала мера ќе бидат опфатени и воено-политичките и економските последици и промени во Византиската империја од Првиот крстоносен поход. Разгледувајќи ја темата на Крстоносните војни, може да се направат многу релации со сегашноста, од самата разлика во менталитетот на источните и западните христијани, дури до причините за технолошкиот и економски напредок и колонијалниот експанзионизам на западноевропските земји чиишто корени лежат уште во Средниот век.

Изобилството на литература којашто се однесува на Првиот крстоносен поход, од неговиот зачеток до формирањето на Ерусалимското кралство, пружа доста материјал за

оваа тема. Иако Крстоносните војни биле документирани во изворите уште од нивниот зачеток, секој извор треба да биде интерпретиран земајќи во предвид каде, кога, од кого и што е најважно во чиј интерес бил напишан. Тука ќе се задржиме само на западните извори кои непосредно се однесуваат на Византија и нејзината улога во Првиот крстоносен поход, како и Византиските извори кои го засегаат период, во прв ред "Алексијадата" на Ана Комнина, којашто пишувајќи со нескриена пристарст јасно ни го доловува расположението во византиската престолнина кон Крстоносците. Земајќи во предвид дека и најнепосредните извори биле пишувани по Првиот крстоносен поход, тешко е да се одделат примарните од секундарните сведочења, како и легендите и имагинацијата на авторот од "историската реалност", ако воопшто постои како таква. Тука спаѓа анонимната Gesta Francorum и делата на Гвиберт од Ноген, Балдрик од Бургел, Фулхер од Шартр, Рајмунд од Агије, Алберт од Ахен и Гијом од Тир. Иако опишуваат ист период, забележлива е субјективната интерпретација на настаните и учесниците во походот кои веќе достигнале легендарен статус. Исто така, голем дел од авторите ги потенцирале улогите на одредени крстоносни водачи, давајќи има централна улога во своите дела; Боемунд од Тарент во анонимната Gesta Francorum, а неговиот сестричник Танкред во делото на Ралф од Кан, Рајмунд од Тулуз за Рајмунд од Агије, Балдуин од Бујон за Фулхер од Шартр, а Петар Пустиникот и Годфриј од Бујон во делото Алберт од Ахен, од коишто последниот е главна тема и на еповите посветни на Првиот крстоносен поход, и чиешто гледиште ќе доминира во популарната перцепција за Крстоносните војни се до XIX век. И покрај тоа што пишувале од различни перспективи, и со различна цел, во поглед на Византија, гледиштата на хроничарите на Првиот крстоносен поход воглавном се поклопуваат. Во сведоштвата за походот, Византијците и нивниот император се здобиваат со репутација на итри, недоверливи, дури и кукавички сојузници во споредба со Крстоносците, коишто во крајна сметка ја предаваат крстоносната света кауза за да ги остварат своите интереси. Критичкото обработување на изворите за Крстоносните војни во западноевропската наука почнува околу средината на XIX век, во Германија, Франција, Велика Британија, Италија, и во нешто помала мера и во САД. Во првата половина на XIX век веќе почнуваат да се појавуваат генерални дела за Крстоносните војни, при што највлијателни се тритомните истории на Рене Грусе, од 1934 - 36 година и Стивен Рансиман, чијашто *Историја на Крстоносните војни* е објавена во 1954 година. Во однос

на темата на овој труд, значајни се по тоа што, Грусе како ориенталист и Рансиман како византолог ги претставуваат Крстоносните војни во поглед на односите меѓу истокот и западот, односно помеѓу хриситијаните и муслиманите или Латините и Грците. Од истиот период, вреди да се спомнат и *Оксфордската илустрирана историја на Крстоносните војни*, како и *Потеклото на крстоносната идеја (Entstehung des Kreuzzugsgedankens)* на Карл Ердман од 1935 година, чиешто дело е карактеристично по тоа што обрнува посебно внимание на критикување на изворите, а сличен пристап имаат и Етиен Деларуел во своите *Есеи за формирањето на крстоносната идеа (Essai sur la formation de l'ide'e de croisade)* објавени меѓу 1941 и 1954 година и Пол Алфандери во својот двотомен труд *Христијанството и крстоносната идеа (La chre'tiente' et l'ide'e de croisade)*. На крај вреди да се спомне и Американската школа која својот придонес во модерното проучување на Крстоносните војни го дава во т.н. Висконсинска историја, колаборативно шест-томно дело меѓу Универзитетите на Пенсилванија и Висконсин, објавено меѓу 1955 и 1989 година.

Примарините извори не покажуваат дефиниран концепт во однос на идеологијата на Крстоносните војни, којшто во голема мера стои зад настаните коишто тие ги опишуваат. Исто така, не постои единствен генерално прифатен назив за Крстоносните војни не само кај современиците, туку низ целиот Среден век. И крстот, како симбол на Крстоносците којшто ги идентификувал од обичните аџии е прифатен како таков дури во крајот на XII век.[1] Така, уште кај основните извори се јавува и прашањето на дефинирањето на Првиот крстоносен поход. Тука постојат неколку гледишта. Во *Orderic Vitalis* од 1130-тите години, походот на Боемунд против Византија од 1107 е вброен во Крстоносните војни како "трета експедиција на западнњаците кон Ерусалим", најверојатно броејќи ги оние од 1096-97 и 1101-2 како прв и втор.[2] Можно е и друго толкување, при што сите походи превземени во периодот од 1095 до 1107 година, па и подоцна, се дел од Првиот крстоносен поход. Сите тие претставуваат одговор на поракатa од соборот во Клермон, којашто се ширела полека и на којшто учесниците одговарале со различна брзина. Дел од денешните научници наместо со нумерирање ги идентификуваат

[1] M. Markowski, *Crucesignatus: ts Origins and Early Usage*, JMedHist 10 (1984): 158, и C. Tyerman, Were There Any Crusades in the Twelfth Century? *EHR* 110 (1995): 575
[2] Ordericus Vitalis, *Historia ecclesiastica,* 5.19, ed. M. Chibnall, Oxford Medieval Texts (Oxford, 1969–80) 3 : 182

крстоносните војни по датите (на пример Походот од 1101 година). Генерално земено, најприфатено е гледиштето според кое Првиот крстоносен поход трае од 1096 до освојувањето на Ерусалим во 1099 година, и како такво ќе биде прифатено и во ова истражување. Во него е вклучен и *походот* на народните маси предводени од Петар Пустиникот. Иако пропагирана како Крстоносен поход[3], војната на Боемунд притив Византија од 1107 овде ќе биде третиран како уште еден неуспешен обид за норманска експанзија на Балканот.

# 1. Улогата на Византија во иницирањето на Првиот Крстоносн поход

## 1.1. Политичката ситуација во Византија непосредно пред доаѓањето на првите Крстоносци

Разгледувајќи ја ситуацијата во Византија пред доаѓањето на првите Крстоносци, мора да се осврнеме на првите години од владеењето на императорот Алексиј I Комнин (1081 - 1118). Неоговото владеење преставува пресвртница во византиската историја. Долгиот период на постепено опаѓање на византиското царство во XI век почнува со смртта на Василиј II (1025 г.) и трае до стапувањето на престолот на Алексиј I Комнин (1081 г.). Во поглед на надворешната политичка сосотјба го кареактеризираат целосниот слом на византиската власт во Мала Азија и Јужна Италија, како и осетното опаѓање на

[3] Riley-Smith, Jonathan*, The First Crusade and the idea of crusading*, University of Pennsylvania Pres (1994): 136

византискиот авторитет на Балканот. Во поглед на внатрешната политичка состојба, овој период довел до дезинтеграција на дотогашниот економско - социјален поредок на Византиската империја. Алксиј I целата работа на обнова на државата морал да ја постави на нови основи. Византија и во Раниот среден век, во VII и VIII век изгледало дека се наоѓа на работ на пропаста. Меѓутоа, во тоа време империјата располагала со свежи, неистрошени сили, коишто овозможувале подлабока и потрајна внатрешна обнова, а во исто време Мала Азија, како нејзино јадро се одржува низ сите кризи и неволји. Затоа таа можела не само да се издигне туку и повторно да ја поврати својата превласт на копно и на море во источниот Медитеран. Но до времето на стапувањето на Алексиј I на престолот, внатрешните сили на царството биле исцрпени. Поредокот на којшто се засновала неговата моќ во текот на претходните векови доживеал слом. Мала Азија била напуштена скоро без отпор. Хегемонијата на море ја извојувале, во економски како и во стратегиски поглед, италијанските градови-држави. Ваквите околности придонеле сите напори на Алексиј I Комнин и неговите наследници да имаат само делумен и привремен карактер.

Императорот Алексиј I Комнин искачил на престолот на 1. 04 .1081 година. Соочувајќи се со критичната ситуација во којашто западнало царството, тој морал да се помири со фактот што цела Мала Азија била во рацете на Турците - Селџуци. Не можејќи да превземе ништо освен да ја препушти изгубената територија на Сулејман како земја за населување на неговите војници, одржувајќи го привидот дека Селџуците ја заземале византиската територија со соглоасност на императорот како негови федерати, а не како суверена странска сила[4]. Тој морал да ги насочи сите свои сили кон борбата со Норманите од Јужна Италија и Сицилија коишто на чело со Роберт Гвискард и неговиот син Боемунд преминале на тлото на денешна Албанија и го ставиле Драч, византискиот провинциски центар во регионот, под опсада. Гвискард ја оправдувал својата инвазија објавувајќи дека војува за да го врати на престолот симнатиот император Михаил VII Дука. Без доволно војска и со празна каса[5] Алексиј I бил приморан веднаш да стапи во борба за одбрана на самата егзистенција на царството. Тој ги собрал сите достапни сили, тргнал во одбрана на

---

[4] Острогорски, Г. *Историја Византије*, Српска Књижевна Задруга, Београд (1959): 336

[5] Anna Comnena,The Alexiad, translated by Elizabeth A. S. Dawes In parentheses Publications Byzantine Series Cambridge, Ontario (2000): 83

Драч и претрпува катастрофален пораз од рацете на искусните Нормани. Во воен поглед ова може да биде сметан за многу посериозен пораз од Манцикерт. Додоека главнината од Норманската армија напредувала по Виа Егнатиа во правец на Солун, Боемунд со еден нејзин дел се упатил кон Централна Грција. Алексиј I со крајни напори успеал да го сопре кај Лариса во 1083 година. Користејќи ја византиската дипломатија како главно оружје во овој конфликт, тој успеал да ги сврти Венецијанците против Роберт, како и да покрене немири помеѓу норманските поданици во Јужна Италија. Како поморска сила, за Венецијанците пред се било важно да си го осигураат слободното движење во Јадранското море, спречувајќи било која сила да се уцврсти и на двата негови брега. Токму тоа била намерата на Роберт Гвискард и во тој момент тој претставувал нивен природен непријател. За Византија поддршката на Венецијанските поморски сили била неопходна. Византиската флота била во уште полоша состојба од копнената војска, така што на море таа била потполно немоќна. Војната на крајот ќе биде решена во корист на Алексиј со смртта на Роберт Гвискард и повлекувањето на остатокот од Норманските војски од територијата на Византија во 1085 година[6]. Алексиј I скапо ја платил венецијанската помош. Венецијанските трговци биле ослободени од царина на целата византиска територија. Освен тоа, тие добиле на располагање пристаништа во Галата и во самиот Цариград. Со овие концесии ќе биде удрен темелот на економската моќ на Венецијанците на истокот, на сметка на Византија. Венецијанската република од тој момент станала пресуден фактор во понатамошниот економски и политички развиток на византиското царство. Соседните земји исто така одиграле извесна улога во византиско - норманската војна, чијашто борба за превласт на јадранскиот брег непосредно ги засегала. Далматинските градови а најверојатно и Хрватска застанале на страната на Норманите, а зетскиот крал Константин Бодин, после долго колебање се придружил на византискиот император, но не земал директно учество во конфликтот, искористувајќи го слабеењето на царството за понатамошно проширување на својата држава[7].

Веднаш по справувањето со Норманите, Византија се нашла во војна со Печенезите коишто ја заземаат Дриста на Дунав и навлегуваат на византиска територија од север и во

[6] За Норманско-Византиската војна поопширно во наредното поглавје

[7] Острогорски, Г. *Историја Византије*, Српска Књижевна Задруга, Београд (1959): 338

1086 година го изненадуваат Алексиј уништувајќи уште една византиска армија, повторно принудувајќи го императорот на бегство од бојното поле. Додека Византијците биле зафатени со овој конфликт, турскиот владетел на Смирна, Чаха, се сојузил со Печенезите и создал своја флота којашто скоро непречено оперирала по Егејските острови и претставувала закана за самата византиска престолнина. Ситуацијата достигнала критична точка во 1090-91 со напредувањето на Печенезите до непосредна близина на Цариград. Очигледната слика за воената немоќ на Византија се гледа од армијата којашто императорот ќе успее да ја собере како одговор на печенешката наезда, која се состоела воглавном од придружниците на неговите роднини и поддржувачи[8]. Тој се насочил кон пристништето Аинос во устието на Марица, во обид да го спречи поврзувањето на Печенезите со нивниот турски сојузник и неговата флота. Ситуацијата се искомплицирала со појавувањето на Куманите, уште еден номадски народ од другата страна на Дунав. Алексиј успеал да ги придобие на своја страна и со нивна помош им нанел катастрофален пораз на Печенезите во битката ка Левунион во Тракија во 1091 година. Конфликтот со Печенезите и Чаха е од посебна важност за овој труд, бидејќи тука може да се најде објаснување за византискиот придонес во мотивите на Првиот крстоносен поход, што подетално ќе биде разгледано понатаму.

[8] *The Cambridge History of the Byzantine Empire c.500 - 1492,* edited by Jonathan Shephard, Cambridge University press, (2008): 611



*(**Алексиј I Комнин**, византиски портрет од минијатура, околу 1300 година,*

Athens College Library*)*

Мала Азија, во првите години од владеењето на Алексиј I Комнин, била во рацете на султанот Сулејман ибн-Кетелмуш, со центар во Икониум (Конија). Врховната власт над оваа територија му била одобрена од неговиот номинален сизерен, багдатскиот калиф Малик-шах. Кога во 1084 година Сулејман ја освојува Антиохија, тој ја лишил Византија и од нејзиното последно важно упориште. Со тоа е нанесена непоправлива штета на византиската власт на исток, иако изсвено влијание Византија задржала кај локалното ерменско население во Сирија. Безначајните локални владетели, коишто со помош на Византија или калифатот им одолевале на сулејмановите претензии, сега биле приморани

да се потчинат на икониумскиот султан. Така тој го поразил емирот на Алепо, Шериф-ал-Давла, а објавил војна на намесникот на Дамаск, Тутуш, братот на самиот багдадски калиф. Меѓутоа овој настан ќе има гибелни последици за самиот Сулејман. Дамаскиот емир му нанел пораз на Сулејман, во кој последниот го загубува својот живот, што го натерало багдадскиот калиф лично да се замеша во конфликтот. Последиците од неговиот поход биле нов распоред на селџучките сили во Сирија и Мала Азија. Антиохија останала под муслиманска власт и добила свој емир во личноста на Бахи-Сиан, којшто управувал со градот и околната територија се до доаѓањето на Крстоносците. Во Алепо власта ја добил Касим ад-Даул Ак-Санкор, а во Едеса - Бузак, додека останатите сириски територии со градовите Шаизар, Лаодикеа, Апамеа и Катартаб, како веќе оттргнати од влијанието на Фатемидите, биле директно припоени на Багдадскиот калифат. Преокупиран со војната со Печенезите Алексиј не можел да ја искористи неочекуваната смрт на Сулејман и потресите што таа ги предизвикала во Мала Азија. Владетелите на поедините градови, кои до тогаш биле потчинети на Сулејман, исстапиле во својство на самостојни емири: Чаха во Смирна, Абул-Касим во Никеја и неговиот брат, емирот Пулхас во Кападокија. Успевајќи да го неутрализира Чаха и да го сврти никејскиот емир и неговите наследници пртив него[9], Алексиј I, веројатно побрзо одошто очекувал, ја пребродил најтешката криза во неговото владееење. Уште повеќе, меѓусебните непријателства на селџучките владетели полека отварале добри изгледи за повторното византиско освојување на Мала Азија. Со поразот кај Левунион, Печенезите престанале да важат како политички фактор и дел од нив биле интегрирани во византиската армија. Куманите останале потенцијална закана за византиските владенија на Балканот, но биле поразени во 1094 година кај Анхијал, на бреговите на Црното море. Византија конечно успеала да воспостави целосна контрола врз Дунавската граница.

На внатрешен план, Алексиј I Комнин најпрво морал да се справува со опозицијата на неговиот режим. Така, во март 1082 година по негова наредба бил осуден како еретик Јован Итал, еден од главните поддржувачи на претходниот император Михаил VII Дука. Со овој, како и подоцнежните процеси против луѓе на иста основа и прогонувањето на богомилите, Алексиј истапил и како бранител на православието и се наметнува над

[9] Острогорски, Историја Византије: 334

црквата. Во крајна мера, мерките на Алексиј I биле во насока на неутрализирање на независноста во дејствувањето на патријарсите, што се зголемувала на сметка на царската власт во XI век.[10] Околностите што ги окружуваат првите години од владеењето на Алексиј I Комнин даваат и драгоцен материјал за утврдување на финансиската и економска положба на Византија. Ширењето на власта на Турците-Селџуци предизвикало нагло прекинување на priливот на средства од Мала Азија. Норманската инвазија го приморала императорот на очаен потег за да дојде до материјални средства. Тој посегнува по богатството на црквите, употребувајќи го за државни потреби, што разбирливо остава лош впечаток кај јавното мислење во престолнината, за што сведочи и самата Ана Комнина[11] и за што подоцна императорот морал лично јавно да се покајува. Алексиј I со ова средство се послужил во крајна нужда, сметајќи го како заем којшто имал намера да го врати по завршувањето на претстојните војни. За да ги затиши оптужбите за светотатство (крадење на свештени предмети), императорот одлучил тоа прашање да биде разгледано на црквен собор, каде што сам лично морал да го брани овој негов потег.[12] Меѓутоа , околностите не се одвивале толку поволно за да ја овозможат исплатата од државната каса и тоа прашање, колку може да се процени, останало нерешено[13].

Нема сомневање дека на ваквата, во тоа време многу ризична финансиска мерка, Алексиј I бил принуден од крајните околности. Материјалната оскудица на државната благајна и сиромаштијата на царството во втората половина на XI век одлично може да биде илустрирана преку разгледувањето на тогашната вредност на монетите. Златната номизма и хиперпирон биле доминантна монетарна единица во почетокот на владеењето на Алексиј I Комнин. Од една фунта злато биле ковани 72 номизми, секоја со тежина од 4,55 грама. Сребрениот милијарисион бил 1/1000 од златната фунта, односно 1/12 од една номизма. Поситна деноминација бил кератионот, со вредност од 1/24 од номизмата. Фолисот, како најниска деноминација, бил бакарна монета чија вредност била околу 1/15 од милијарисионот. Со тие пари во оптег, византиската власт во сите периоди правела

[10] *The Cambridge History of the Byzantine Empire c.500 - 1492,* edited by Jonathan Shephard, Cambridge University press, (2008): 617

[11] Anna Comnena,The Alexiad:100

[12] Ibidem

[13] Успенски, Фјодор, *Историја Византијског царства од 11 до 15 века,* превод на Антонина Пантелиќ, Београд (2000): 96

незаконски операции, дебазирајќи ја нивната вистинска вредност и давајќи ѝ принуден курс. Собирањето на данокот било препуштано на поедини претприемачи по пат на јавно наддавање. Тие, си допуштале секаква злоупотреба којашто можела да се покрие со таквиот монетарен систем. Освен тоа византискиот даночен и финансиски систем во тој поглед допуштал и различни додатни и дополнтелни давачки, предизвикани со прилично сложени калкулации и во нивното спроведување злоупотребите исто така биле можни. Уште Лав III Исавриец заповедал да се собира додатен данок од два кератиони по номизма за обновување на градските ѕидини. И покрај тоа што ѕидините одамна биле обновени , тој данок постоел и во крајот на XI век. Постоеле и други такви дополнителни давачки со различни називи: вообичаени и тековни, кои данокот го кревале и за 2 милирајарисиони .[14]

Сред овие тешки економски прилики, Алексиј I Комнин не само што не го подобрил начинот на оданочување, туку допуштил и нови влошувања кои тешко го оптеретувале населението. Затекнувајќи ја номизмата обезвреднета од неговите претходници, тој почнал да ја изработува со големи примеси на бакар и потоа таквата монета да ја користи за исплата на државните издатоци, додека уплатите во државната благајна задолжително биле наплатувани со полновредната златна монета. Еконмско-политичката ситуација во Византија била толку очајна што чистотата на златните монети била редуцирана од 24 на 8 карати[15]. Дури во 1092 година Алексиј I бил во состојба да стави извесен ред во монетоковањето. Тој ја крева чистотата на стандардните златни деноминации на 22 карати, а ги задржал и дебазираните електрумски монети стабилизирајќи ги на околу 8 карати. Ги задржува и дебазираните сребрени монети во форма на билонска легура со минимален процент на сребро, што го заменила стариот милиаресион. Почнува со ковање и на нов тип бакарни монети[16]. Реформите што ги превзема Алексиј I Комнин во однос на монетарниот систем е типичен за напорите што ги преземал за реставрирањето на империјата. Тој наметнувал ред и стабилност, но неговите мерки имале радикални последици. Реформите од 1092 година биле успешен обид за комплетна реконструкција на целиот монетарен систем врз целосно нови основи и по

[14] Успенски, Ф., *Историја Византијског царства од 11 до 15 века*: 98
[15] *The Cambridge History of the Byzantine Empire c.500 - 1492*: 619
[16] *The Cambridge History of the Byzantine Empire ...*: 619

нивниот обем можат да се споредат само со оние на Диоклецијан[17]. Неговата иновација била во воведувањето на монети на база на легури, наместо од чист метал. Многу е веројатно дека постоењето на електрумски и билонски монети придонесувале за пофлексибилен монетарен систем. Но најголемата услуга на реформите на Алексиј во монетоковањето била воспоставувањето на јасни еквиваленции помеѓу различните деноминации. Нивното отсуство била главна причина за хаосот во фискалниот систем. Во екот на овие реформи Алексиј I систематски го реформирал и системот на собирање на даноците - т.н. *nea logarik¯e.* Во основа, тој претставувал адаптирање на даночниот систем на реформираното монетоковање. Според модерните пресметки, тоа било направено на таков начин што го зголемувал даночниот приход за четири пати[18]. Во крајна мера Алексиј I Комнин ставил крај на пропустливиот фискален режим од единаесетиот век. Византиската економија конечно почнала да се враќа на нозе, по период од 20 години, од поразот кај Манцикерт до победата на Алексиј над Печенезите во 1091 година. Градовите во Грција и на јужните делови на Балканот доживеале просперитет. Градови како Коринт, Теба и Халмира (во Тесалија), бенефицирале од зголемувањето на присуството на италијанските трговци во Егејското море. Империјата сеуште не била истрошена одвнатре. Но, дошло до одлучувачко преместување на гравитациониот центар од Мала Азија во Грција и југот од Балканот, коишто доживувале стабилен економски раст. Не е јасно во колкава мера ова било компензација за губитокот на ресурсите од Мала Азија, чиешто враќање во рамките на империјата останало главната задача на Алексиј I Комнин.

Модерната историографија го карактеризира периодот на XI век како пресвртница во Византиската историја. Георги Острогорски ја предава класичната интерпретација за XI век како почеток на неповратното опаѓање на Византија, што го припишува на засилувањето на феудализмот. Приватниот интерес надвладеал на сметка на државниот. Без ефикасни централни институции било невозможно да се мобилизираат ресурсите на империјата. Паралелно со опаѓањето на авторитетот на централната власт била и борбата за превласт меѓу цивилната и воената аристократија. Втората излегува како победник со искачувањето на тронот на Алексиј I Комнин. Но неговите успеси биле ограничени и

[17] Hendy, Michael F. (1985), *Studies in the Byzantine monetary economy, c. 300–1450*, (1985): 513
[18] *The Cambridge History of the Byzantine Empire ...*: 620

неговата реставрација на империјата само површна. Селското население и нивниот имот забрзано паѓале под контролата на големите замјопоседници. Тој тврди дека ова го компромитирало економскиот и демографскиот потенцијал на империјата. Неговата претстава за историјата на Византија во единаесетиот век е напаѓана од две страни. Пол Лемерл го доведува во прашање гледиштето според кое XI век е период на апсолутно опаѓање на Византија[19]. Според него, во овој период постојат премногу докази за економски пораст и културна виталност, при што тој го поврзува со владеењето на наследниците на Македонската династија, условно нарекувајќи го перидот "владеење на филозофите"[20]. Според сосема спротивното гледиште, кое го држат доста научници во XX век, доаѓањето на власт на Алексиј I Комнин претставувало трагедија за дотогашниот развиток. Тој воспоставил фамилијарно владеење на државата, а Браунинг ќе додаде дека Алексиј ја затапел интелектуалната и религиозна независност на XI век преку користењето на судот за еретиците за пресметување со своите политички опоненти[21]. Александар Каждан зазема различно гледиште. Тој се согласува дека Византија просперирала во XI век, а ја припишува политичката слабост на империјата на реакционерните елементи кои го забавувале процесот на феудализација[22]. Алан Харви не само што го поддржува ваквиот пристап, туку и инсистира дека развивањето на големопоседништвото било од суштинско значење за економскиот и демографски развиток во империјата[23]. Каждан исто така бил зачуден од свежината и иновативноста на византиската култура. Тој смета дека дошло до победа на прогресивните елементи во општеството, кои биле форсирани, а не саботирани од режимот на Комнините[24]. Иако се разликуваат во нивната хронологија, Острогорски и Лемерл се согласуваат дека виталноста на империјата зависела од централизацијата на власта. Како контраст на ова, Каждан смета дека царскиот авторитет можел да биде изграден на други основи и дека токму тоа е она што Алексиј I Комнин успеал да го постигне. Основен проблем преставува суштината на неговите достигнувања.

---

[19] Lemerle P. *Actes de Lavra*, Paris, (1970–82): 249–312

[20] Lemerle P. *Actes de Lavra*, Paris, (1970–82): 249–312

[21] Browning (1975a). *The Byzantine empire*, 2nd edn., Washington, DC

[22] Kazhdan, A. P. и Epstein, A.W., *Change in Byzantine culture in the eleventh and twelfth centuries*, Berkeley (1985): 24-73

[23] Harvey, A. *Economic expansion in the Byzantine empire, 900–1200*, Cambridge (1989): 35–7

[24] Kazhdan, A. P. and Franklin, S. *Studies on Byzantine literature of the eleventh and twelfth centuries*, Cambridge (1984):

Недостаток кај сите овие толкувања на "кризата на единаесетиот век" е наклонетоста кон земањето на владеењето на Василиј II како основа за споредба. Историчарите не земаат во предвид дека неговото железно владеење претставува отклонување во практикувањето на царскиот авторитет во Византија. Неговото издигнување е без преседан кај византиските императори. Во серијата граѓански војни во почетоците од неговото владеење, со надворешна помош тој ја уништил силата на моќните малоазиски фамилии, како што биле оние на Фока и Склер и ја користи неговата моќ за да го потчини византиското општество на својот авторитет. Со реформите во аграрното законодавство тој го заштитил ситниот селски имот од "моќниците", како што биле нарекувани големите земјопоседници. Во пракса, царската власт ваквите мерки ги преземала не поради загриженоста за благосостојбата на селанството колку за осигурувње на даночниот приход што зависел од интегритетот на селската заедница којшто бил основна даночна единица. Василиј II ги приморал големопоседниците да ги подмируваат даноците на селаните чијашто земја ја преземале. Контролата врз селанството за Василиј била витална во одржувањето на империјата во воената состојба во која се наоѓала, а одржувањето на империјата во воена состојба претставувало оправдување за неговата автократија. Во долгата војна со Самуиловото царство тој ја искористил енергијата на малоазиската воена аристократија а во исто време ја заплашувал онаа на територијата на Грција, на чиишто челници им се заканувала опасност да бидат обвинети за соработка со Самуил и неговите наследници.

Привидната сила на Византија зависела од околности што биле надвор од нејзина контрола. Сотојбата на нејзините граници секој момент можела драстично да се промени. Политиката на Василиј II на анектирање на Самуиловата држава и Ерменија била прикладна за неговото време, но ќе предизвика вистински тешкотии за неговите наследници. Неговиот најголем неуспех сепак било занемарувањето на прашањето за адекватен наследник на престолот. Дури со доаѓањето на Алексиј I Комнин на чело на државата царскиот престол повторно бил во цврсти раце. Заговорите околу престолот по смртта на Василиј II биле резултат на наглите промени во византиската елита. Тензиите што се создавале во нејзините редови делумно се одразувале во заговорите околу престолот. Во раниот X век елитните кругови на империјата претставувале многу

поедноставна општествена група од онаа во којашто ќе се развијат во XI век. Тие биле поделени во воен и цивилен естаблишмент. Во првите доминирале воените аристократски фамилии од Мала Азија, а кај другите - аристократските фамилии чии членови со генерации ги пополнувале високите чиновнички позиции. Воената аристократија била во опаѓање од крајот на X век. Фамилијата Фока, на пример, била скоро исчезната. Склеридите имале повеќе среќа, зачувувајќи свои поседи во Мала Азија, тие го прфрлиле својот центар на дејствување во Цариград постепено напуштајќи ја нивната воена традиција. Василиј II почнал да се потпира на други фамилии за пополнување на командните места во војската, меѓу кои во прв ред биле Диогените, Даласените и Комнините. Издигањето на овие фамилии било започнато во времето на неговото владеење. Редовите на воената аристократија станувале проширени и дифузни. Истото важело и за цивилната елита. Покрај старите чиновнички фамилии, се издигнале нови, кои преку трговијата успеале да се здобијат со големо богатство, што го корителе за здобивање со статус и купување на титули. Се создавале многу интереси кои требало да бидат задоволени. Заговорите и побуните можеле да бидат неопходни за задоволување на поддржувачите и клиентите или едноставно можеле да бидат користени како гест за покажување на политичкиот кредибилитет[25]. Нестабилноста била вградена во политичката структура. Некои модерни историчари ова го гледаат низ целиот XI век како борба меѓу цивилната и воената елита, што ќе заврши со победата на воената елита со стапувањето на Алексиј I Комнин на престолот[26]. Во современата историографија постои извесна поддршка за ваквата интерпретација. Но општо гледано се работи за продолжување на политичката поделба која важела за претходиот век. Политичката елита во XI век била доминирана од фамилиите кои ги надминале ваквите поделби и ја црпеле својата поддршка од целиот спектрум на политичкото општество. Често тоа биле стари воени аристократски фамилии што ги напуштиле воените зони и го пренеле своето дејствување во Цариград.

Населението во престолнината претставувало уште еден фактор на политичката нестабилност на XI век. Толпата народ успеала да го симне Миахил V (1041 - 1042) од

[25] Jean-Claude Cheynet, J.-C. *Pouvoir et contestations `a Byzance (963–1210),* Paris(1990), 157–98.

[26] Острогорски, Г. *Историја Византије*, Српска Књижевна Задруга, Београд (1959): 331

престолот. Од тогаш императорите морале да го имаат во предвид и мислењето на цариградските граѓани. Во X век внатрешните тензии можеле да бидат апсорбирани преку водењето на политика на освојување и експанзионизам. Ваквата пристап бил отежнат по смртта на Василиј II. Неговите непосредни наследници направиле обид за продолжување на неговата експанзионистичка политика, со мал успех. Големи и скапи експедиции биле организирани против Сицилија, Сирија, дури и Египет. Единствен резултат од овие напори била анексијата на Едеса во 1032 година. Големите размери на востанието на Константин Бодин од 1040 година покажало дека и освојувањата на Василиј II не биле дефинитивно осигурани. Периодот на експанзија на Византиската империја, започнат со агресивната политика на Никифор II Фока, бил завршен. Одржувањето на империјата во воена состојба може да даде објаснување и за финансиските потешкотии на наследниците на Василиј II. Даночните побуни биле уште една одлика од наредната фаза од византиската историја. Константин IX Мономах почнува со дебазирањето на златните монети. Чистотата на златните монети била намалена од 24 на 18 карати во неколку фази. Секоја од овие фази е јасно обележана со издавање на нова серија монети. Намалувањето на вредноста на монетите го привлекува вниманието на современите историчари бидејќи се чини дека претставува клуч за откривањето на економскиот развиток на Византија во XI век. Во објаснувањето на причините за дебазирањето постојат две главни интерпретации. Првата е едноставна: тоа било одговор на буџетскиот дефицит и начин за излегување од долгорочните фининасиски потешкотии со кои се соочувала државата. Другата интерпретација е пософистицирана; и според неа се чини дека дебазирањето е реакција на проблемот на наглиот економски подем кој Византиската империја наводно го доживеала во раниот XI век[27]. Како резултат, недоволно пари биле во циркулација за да се справат со побарувачката. Со оглед на недоволната снабденост со Скапоцени метали, единственото решение било нивното дебазирање[28]. Сепак, малку е веројтно дека современиците гледале со оправдување за дебазирањето на монетите кои не претрпеле поголеми промени уште од времето на Константин Велики. Буџетските потешкотии на државата остануваат како единствено објаснување за дебазирањето преземено од Константин IX Мономах, што не ја исклучува можноста за економски и демографски

---

[27] Morrisson, C., *Catalogue des monnaies byzantines de la Biblioth`eque Nationale*, 2 тома, Париз (1970)
[28] Ibid.

пораст од почетокот на XI век, но не во толкава мера да предизвика проблеми во ликвидноста на економијата. Дебазирањето било одговор на финансиките проблеми на византиската власт.

Дел од тој проблем лежел во финансиската неодговорност на владетелите. почнувајќи од Зоја и нејзините сопрузи, кои трошеле огромни суми на градежни активности. Роман III Аргир го подигнал манастирот Перивлептос, да служи како негово последно почивалиште. Михаил IV го реновирал манастирот Свети Козма и Дамјан во раскошни размери. Константин IX Мономах ја додава црквата Свети Ѓорги и неколку други градби на комплексот Мангана. Нејзините остатоци се делумно истражени, откривајќи ги нејзините импозантни размери на темелите и купола во дијаметар од околу 10 метри, чијашто големина може да се спореди со градбите од времето на Јустинијан· Градителска дејност од ваков размер во Византија не била позната од VI век. Императорите, освен доградбите на Големата царска палата, воглавном биле задоволни со реставрирањата на јавните споменици наследени од V и VI век. Поправањето на оштетувањата на Света Софија по еден земјотрес во 989 година, претставувале најголем градителски зафат на Василиј II. Императорите од XI век по тогашната аристократска мода, со монументалните градби сакале да остават свој белег на престолнината и за тоа ги користеле државните приходи. Навистина, градењето во вакви грандиозни размери не можело да биде единствена причина за банкротирањето на државата, но секако преставувал доста голем товар за државната каса во комбинација со екстравагантниот дворски живот, карактеристичен за сопрузите на Зоја и нивните наследници. Државните трошоци се зголемувале и од други причини: се повеќе се зголемувала листата на носителите на титули. Псел сметал дека системот на почести, којшто бил едно од обележјата на византиската моќ, сега бил злоупотребуван. Ова го предочил како една од фундаменталните причина за опаѓањето на византиската држава. Во империјата имало развиено сложен систем на титули со двојна хиерархија, чиновничка и почесна. И двете биле платени. И додека продажбата на чиновнички титули била ретка, продавањето на почесните титули била прифатена како дел од системот. Купувачот на титулата со неа добивал стандардна плата. Според пресметките, ова носело повраќање на неговите средства за околу 3%, но било можно да се купат и по девалвирана цена, што ја качувало

каматата за 6%. Ваквата шема скоро сигурно функционирала ефикасно додека била прописно надгледувана. Поголемите трошоци на сметка на државата биле лимитирани и од релативно ограничениот број на титули. Ова се сменило во XI век со новите титули и почести кои биле создадени за да се задоволи побарувачката од истите. Се создале и нови околности при што тие можело да дојдат во рацете на индивидуалци коишто понатаму ги дистрибутирале на своја рака. Тие биле гледани како инвестиција која еден татко можел да ја направи за својот син[29].

Инфлацијата на титулите во XI век секако ја засилилувало потребата од дебазирањето на монетите. Современиците се едногласни во тврдењето дека до времето на Никифор III Вотанијат (1078-1081), системот на титули бил во целосно распаѓање, бидејќи државата повеќе не била во состојба да ги подмири трошоците за платите кои биле вклучени во нив. Реформите во овој систем преземени од Алексиј I Комнин биле сметани за есенцијален чекор кон обновувањето на државата. Тој изградува систем од нови титули кои биле резервирани за членовите на владеачката фамилија. Претходно, овој систем бил хиерархиски а не династички; самата припадност на царското семејство не значела и титула и повисок ранг. Алексиј I Комнин ја организирал царската власт доделувајќи ги главните позиции на неговите роднини, додека пониските чиновнички места ги добивале неговите приврзаници. Со реформите на Алексиј, царскиот епитет "севаст" бил предвиден за членовите на поширoката фамилија. Како највисока после императорската, титулата "севастократор", создадена со комбинирање на "севаст" и "автократор", Алексиј ја дава на неговиот постар брат Исак, кој во голема мера ги делел товарот на владеењето со императорот. Титулата "протосеваст" која со себе го носела едно од главните административни позиции во државата, порано скоро секогаш била држена од евнух. Алексиј I Комнин му ја доделува на еден од неговите зетови. Со овие реформи тој ги укинува високите плати кои оделе со титулите и чиновничките позиции кои биле опфатени со нив. Наместо тоа, нивните носители биле наградувани со доделување на административни и фискални права на одредена територија. Во претходниот период, слични подароци биле давани од царскиот имот, но Алексиј го проширил овој принцип и

[29] *The Cambridge History of the Byzantine Empire c.500 - 1492,* edited by Jonathan Shephard, Cambridge University press (2008): 597

на држаните поседи, создавајќи апанажи кои полека биле разделувани помеѓу неговата фамилија. Тие ќе бидат основата за развивањето на системот на пронии[30]. Ваквите радикални чекори ќе обезбедат да се одржи на власт во тешкиот период на првите години од неговото владеење.

До времето на доаѓањето на првите Крстоносци, позицијата на Византија била значително подобрена во однос на почетокот од владеењето на Алексиј I Комнин. до 1095 година византиската власт на Балканот била стабилизирана. За првпат после поразот кај Манцикерт, византискиот император се наоѓал во позиција да размислува за повторното освојување на Мала Азија. Тој почнал со преместување воени сили преку Босфорот, користејќи ја Никомедија како база. Но наскоро станало јасно дека тој не поседува доволно средства за потфат од вакви размери. Неговата ангажираност на Балканот им дало можност на Селџуците добро да се зацврстат во клучните места во Мала Азија. Самиот император придонел кон тоа со повлекувањето на останатите византиски гарнизони од малоазиските територии во бурниот период од почетокот од неговото владеење. Парадоксално, единствените области каде сеуште постоела потенцијална поддршка за Византија во Азија биле по горното течение на Еуфрат и во Киликија, каде што Ерменците успеале да ја задржат својата независност. Согледувањето на состојбата во која се наоѓала Византиската империја непосредно пред пристигањето на учесниците во Првиот крстоносен поход, дава јасна слика за објаснувањето на односот на Алексиј I Комнин кон нив и за византиската претстава за Крстоносците.

### 1.2. Односот на Алексиј I со Западните земји

Контактот на Византија со христијаните од Западна Европа од каде ќе тргне првиот бран на Крстоносци ќе биде обележан од судирот на Алексиј I Комнен со Норманите од Јужна Италија и ќе има длабок ефект врз односите на Византија со Крстоносците. Роберт Гвискард, кој застанувал на чело на Норманите од Јужна Италија ја продолжувил нивната

[30] *The Cambridge History of the Byzantine Empire*... 613

експанзионистичка политика, насочувајќи го вниманието кон Балакнот. Како повод го искористил симнувањето на императорот Михаил VII Дука од страна на Никифор III Вотанијат (1078-1081) и фактот што неговиот син Константин бил верен со ќерката на Роберт. Во Италија во текот на летото 1080 година, се појавил некој Византиец кој тврдел дека е самиот Михаил VII и дека побегнал од заточеништвото во Студискиот манастир. Тој барал помош од Норманите за враќањето на неговиот престол. Иако несомнено целата работа била лажирана, тој бил срдечно примен од Роберт Гвискард кој му ја ветил својата помош. Многу е веројатно сето тоа да било оркестрирано од самиот нормански водач. Меѓутоа, важно е што папата Гргур VII ја дал својата поддршка на претендентот. По договорот склучен со Гвискард во 1080 година, папата се обврзува да ги поддржува сите нормански планови поврзани со Византија. Сочувано е неговото писмо до епископите на Апулија и Калабрија во кое на сите верни синови на црквата им се допушта да појдат во помош на Михаил VII, под знамето на војводата Роберт Гвискард. Така, за само една година од доаѓањето на власт на Алексиј I Комнин, во Јужна Италија созреал планот за отворен напад на византиските територии[31].

Проценувајќи ја опасноста, Алексиј ги преземал сите мерки за да ѝ удоволи на претензиите на симнатата династија Дука. Најпрвин ѝ ги скратил правата на неговата сопруга Ирина, така што таа не била крунисана заедно со него. Напоредно со тоа, на династичките планови на Комнините им бил зададен удар и со свечената одлука за вклучувањето на Константин Порфирогенит, синот на Михаил VII и царицата Марија, во царската власт. Постоеле и гласини дека во царската власт ќе биде вклучена и царицата Марија, со која новиот император наводно одржувал љубовна врска. Истовремено, ќерката на Роберт Гвискард, која како вереница на Константин живеела во Цариград била третирана со посебна почит и внимание. Новиот император се надевал дека со ваквите мерки, меѓу другото ќе ги отклони причините за непријателскиот напад на Норманите. Без obѕир на ова, и игнорирајќи ги противењата на своите вазали, и нивната нерасположеност за прекуморска борба со Византија, Роберт Гвискард се припремал за овој поход со неверојатна упорност. Боемунд, неговиот помлад син, кој по одважност, сила, храброст и лукавство не заостанувал зад неговиот татко го организирал походот и бил испратен на

[31] Успенски, Ф., *Историја Византијског царства од 11 до 15 века,* Београд (2000): 71

чело на претходницата. Роберт во пролетта 1081 година се наоѓал во Тарент кога до него стигнале вестите за  превратот во Цариград и преземањето на престолот од страна на младиот војсководец Алексиј I Комнин, дотогашниот врховен заповедник на византиските сили на Балканот. Од објаснувањата добиени од пратениците можело да се заклучи дека положбата на фамилијата Дука на дворот била доста поволна и дека претендентот кој се преставувал како Михаил VII Дука бил лажен, бидејќи самиот Михаил Дука бил виден од пратеникот во Студискиот манастир. Ваквите извештаи послужиле за разобличувањето на чисто освојувачките намери на Роберт. Сепак, тој ја издал наребата за кревање на сидрата на 1 мај 1081 година. Со него тргнале и 1300 Нормански витези и 15 000 војници во размешани одреди. Боемунд со 15 бродови веќе се наоѓал на византиска територија како претходница[32] и успеал да ги заземе Валона, Канин и Орик, но наишол на поголем отпор во обидот да го освои Крф. Боемунд останал во негова близина исчекувајќи ја главнината на војската на чело со Роберт. Тој без тешкотии се истоварил во пристаништата заземени од неговиот син, а потоа се упатил на Крф и успеал да го принуди на предавање. Потоа вниманието го насочил кон главниот град на тој дел од Епир - Драч. Во моментот кога Боемунд му се приближувал на градот од копно, Роберт имал намера да започне негова опсада од море. Меѓутоа, силна бура уништила дел од неговата флота и го лишила од залихите кои биле припремени за овој поход[33]. И покрај тоа Роберт со остатоците од флотата се приближил на Драч и ја започнал неговата опсада.

Стратег на оваа тема бил Георги Палеолог, кој се наоѓал во градот со значајни воени средства. Тој го очекувал и доаѓањето на венецијанската флота, со чија помош заедно требало да ги нападнат Норманите. Во јули 1081 година во Драч пристигнала очекуваната венецијанска поморска ескадра под команда на дуждот Доменико Селво. Таа успеала да ги принуди норманските бродови на повлекување и да се поврзе со византискиот гарнизон во опсадениот град. Покрај ваквиот пресврт на ситуацијата, положбата на Норманите и во другите епирски градови била загрозена. Роберт ги вложил сите напори да не отстапи од опсадата на Драч и се одржал под неговите ѕидини се до есента. Во октомври во воените дејства се вклучил Алексиј Комнин со војска која броела

[32] Успенски, Ф., *Историја*... 71

[33] Anna Comnena, *The Alexiad,* translated by Elizabeth A. S. Dawes In parentheses Publications Byzantine Series Cambridge, Ontario( 2000): 68

околу 70 000 војници[34]. Тој го игнорирал советот на Георг Палеолог да не се впушта во одлучувачка битка и веднаш стапил во битка и доживеал катастрофален пораз.




(***Ситуацијата на Западните граници на Византија 1081-1084***)

Надвладеала супериорноста на Норманите во борбата гради в гради и воениот талент на Роберт Гвискард над бројната надмоќност и неискуството на младиот император. Иако се одржал уште неколку месеци, оваа битка ја предодредила судбината на Драч и во почетокот на 1082 година бил приморан да се предаде. Планот на Роберт понатаму вклучувал навлегување на исток во Македонија. Тој сметал на заземање на Солун и дури се занесувал со мислата да го освои Цариград[35]. Вестите за очајната положба на папата, кој бил во судир со германскиот имератор Хенри IV комбиниран со

[34] Успенски, Ф., *Историја*...... 72

[35] Ibid.

непријателското расположение на неговите сопствени вазали во Јужна Италија, го поттикнале Роберт привремено да го сопре походот против Византија. Тој ги оставил трупите на Балканот под команда на Боемунд и во пролетта 1082 година се вратил во Италија.

Боемунд бил приморан да го сопре понатамошното напредување на исток и неговото внимание да го насочи на организацијата на восјката во освоените области и на преговори со локалните албански водачи, на чија помош Роберт Гвискард несомнено сметал кога се подготвувал за овој поход. Албанците и Италијанците играле главна улога во оној дел на Јадранското приморје. Во составот на драчкиот гарнизон Венецијанците заземале истакнато место и одбраната на градот била доверена на албански војсководец, со почесна титула комес[36]. Боемунд некое време се задржал во приморските градови на Епир. И Норманите и Византијците тежнееле кон доминацијата над Арта и Јанина и Алексиј I Комнин овде повторно бил поразен. Лесно може да се воочи дека територијата северно од Тесалија и Епир сеуште била под влијание на превирањата кои биле предизвикани од пропаста на Самуиловата држава и преставувала благодарно тло за нови политички движења кои можеле да бидат од корист на Норманите. И двата завојувани водачи сметале дека ќе го искористат локалното непријателство и спротивностите меѓу етничките елементи[37]. Воените дејства ги зафатиле македонските градови, допирајќи до Охрид, Острово и Бер. Боемунд се задржал во Тесалија и кај Лариса имал уште еден судир со византискиот војсководец Лав Кефал. Иако Византијците повторно биле поразени, Норманите ги изгубиле залихите и опремата. во исто време, во редовите на Норманите владеело незадоволство од одолговлекувањето на походот. Тоа било појачано и од заостанувањето на договорената исплата кое Роберт го ветил на вазалите и нивните придружници. Ова предизвикало побуни во Норманските редови кои биле поттикнувани и од агентите на Алексиј, при што тој успеал да привлече некои нормански војсководци на своја страна[38]. Норманскиот гарнизон во Костур преминал на византиска страна во есента 1083 година. Благодарение на веќе спомenатите трговски бенефиции доделени со царската

[36] Anna Comnena, *The Alexiad*... 221
[37] Успенски, Ф., *Историја*... 72
[38] Anna Comnena, *The Alexiad*... 105

була во 1082 година[39] Венецијанската република во сојуз со Византија во 1083 година ги протерува Норманите од Крф. Од тие причини Норманите во наредните две години не биле во можност да ја осигураат својата положба на Балканот. Во есента 1084 година Боемунд бил приморан лично да отиде во Салерно и да побара помош за потфатот којшто го замислил. Истата година во Тарент биле соберени нови трупи за преземање нов поход на Византија. Сите четири синови на Роберт Гвискард: Боемунд, Рожер, Роберт и Гвидо командувале делови од флотата. Претходницата, под команда на Рожер и Гвидо тргнала кон Валона и го заземала Бутринто, каде набргу им се придружил самиот Роберт Гвискард. Доцна есента норманската флота повторно се насочила кон Крф, во чија тврдина сеуште се одржувал мал нормански гарнизон. Роберт со голем напор ги победил Венецијанците, и го заземал целиот остров. Меѓутоа со приближувањето на зимата не можело да се размислува за продолжување на походот. Залогорувајќи се недалеку од градот Бондица, тој се разболува од тешка болест од која силно настрадала и неговата војска. Боемунд исто така бил погоден од болеста и бил приморан да се врати во Италија заради опоравување. И покрај овие потешкотии, Роберт во летото 1085 година го продолжува походот на исток, но повторно се разболува и на крајот умира на 17 јули истата година. Војската му положила заклетва на верност на Рожер, но знаејќи го расположението на неговите вазали не сметал за можно да го продолжи походот. Норманските одреди забрзано се повлекувале на бродовите, оставајќи го зад себе оружјето, опремата и пленот[40]. Со смртта на Роберт Гвискард Алексиј I Комнин се ослободил од големата опасност која во текот на неколку години ѝ се заканувала на империјата и новата династија.

Овој конфликт ќе ги продлабочи и византиските односи со Венецијанската република. Со веќе спомнатиот договор од 1082 година венецијанскиот дужд ја добил за себе и за совите наследници титулата протосеваст, венецијанскиот патријарх титулата ипертим, а венецијанската црква годишна субсидија од 20 фунти злато[41]. Меѓутоа, најважно, венецијанските трговци од сега добиле право слободно да тргуваат во сите делови на Византиската империја, вклучувајќи го и самиот Цариград, без да плаќаат

---

[39] **Политичката ситуација во Византија пред доаѓањето на првите крстоносци,** стр. 6

[40] Успенски, Ф., *Историја*... 74

[41] Острогорски, Г. *Историја Византије*, Српска Књижевна Задруга, Београд (1959): 338

никаква царина. Ова ги ставило во доста поповолна положба од самите византиски трговци. Освен тоа, тие добиле на располагање стоваришта во Цариград и пристаништа во Галата. Ваквите отстапки на императорот сами по себе зборуваат за сериозноста на нојпрманската закана. Со овие концесии бил удрен темелот на економската моќ на Венецијанците на исток, на голема и трајна штета на византиската трговија. Тоа не го изменило и фактот што Венеција и понатаму формално го признавала суверенитетот на византискиот император, којшто ги сметал за свои поданици. Венецијанската република од тој момент ќе се развие во пресуден фактор за понтамошниот економски и политички развиток на Византиската имерија.

Понатаму, Византијците ги ценеле воените вештини на "Латините" и ги користеле во своите воени редови како платеници, но имале причина да се плашат од нивната недисциплина и амбициозност. Главна територија од каде биле регрутирани била меѓу Норманите од Јужна Италија. Според пресметките, во 1078 година, во византиска служба имало 8000 нормански платеници[42]. Но, средбата на Алексиј I Комнин со грофот Роберт I од Фландрија во 1089 година отворила нова можност за пополнување на византиските редови со Латински коњаници. Роберт, којшто се враќал од аџилак во Ерусалим по копнен пат, дошол да му оддаде почит на византискиот император, кој тогаш се наоѓал во зимски логор на територија на денешна Бугарија. На средбата било договорено грофот да му испрати 500 коњаници на Алексиј, положувајќи ја и "вообичаената латинска заклетва" на императорот. Фландриските коњаници пристигнале следната година и биле испратени да ја штитат околината на Никомедија. Во 1091 година биле евакуирани за да земат учество во кампањата против Печенезите која кулминирала со битката кај Левунион. Тие послужиле како важен додаток на византиските сили во тој критичен момент[43]. Оваа средба ќе одигра одредена улога во византискиот придонес кон иницирањето на Првиот крстоносен поход, што подетално ќе биде разгледано понатаму во овој труд.

Во контактите со Западот на Алексиј I Комнин, важно место заземаат и неговите односи со папата Урбан II (1088-1099), со којшто бил во преговори за реунификација на

---

[42] Ian Heath, Angus McBride, *Men-at-Arms series: Byzantine armies 886-1118,* Osprey (1989): 24

[43] *The Cambridge History of the Byzantine Empire*...621

црквите[44]. Иако овие преговори не вродиле со резултат, императорот и папата останале во срдечни одоси. Така, Алексиј I Комнин му се обратил за помош во обид да дојде до војници од запад. Урбан II знаел дека неговиот ментор Гргур VII (1073-1085) прв правел обиди за организирање на папска експедиција, која требала да тргне во спас на Цариград и потоа да продолжи кон Ерусалим. Во декември 1074 година Гргур VII одржал говор инспириран од настаните по битката кај Манцикерт, за организирање на 50 000-на армија под негово водство, која во името на Св. Петар требало да тргне во ослободување на Ерусалим[45], што преставува и прв обид за организирање на еден Крстоносен поход. Не е познато дали Алексиј I Комнин бил запознаен со ова, но затоа секако бил свесен за важноста на Ерусалим за латинските христијани. Тој секако сметал на помошта од папата во обезбедувањето средства за борба против Селџуците и му пратил повеќе писма во обид да врбува наемнички одреди[46].

### 1.3. Византиската перцепција за Латините до почетокот на Крстоносните војни (VII - XI век)

Византијците го гледале Цариград како престолнина на Римската империја, која за нив претставувала уникатен историски ентитет воспоставен од Бога за да го раководи распространувањето на христијанството. Според нивната перцепција, разни варварски народи окупирале некои нејзини делови, но империјата ги задржала теоретските претензии на тие територии, иако во тој момент тие не биле под нејзина контрола. Така, во Раниот среден век Византија во поглед на Европа била преокупирана со народите кои непосредно ја засегале, што е засведочено кај византиските автори од тој период. За патријархот Никифор, западниот свет лежел надвор од неговите географски хоризонти: по наведувањето на северните соседи; Авари, Хуни, Бугари, Хазари, Скити, Словени, патријархот го занемарува населението во Централна и Западна Европа; дури и Готите ги лоцира на Крим[47]. Теофан Исповедникот ги познавал сите северни соседи наведени од

---

[44]Ibid.

[45]Riley-Smith, Jonathan, *The First Crusade and the idea of crusading*, University of Pennsylvania Pres, (1994): 13

[46] Острогорски, Г. *Историја* ... 341

[47] *Nikephoros, Patriarch of Constantinople: Short History,* ed. C. Mango, Washington, D.C. (1990): paragraf 42.7.

Никифор, како и голем број на племиња и народи активни во Доцноримскиот период на север и запад од империјата: Келти и Гали, Готи, Германи, Гепиди, Вандали и Алемани, западни Галати и Ибери, Алани, Франки, Сицилијанци; и територии: Картагина, Шпанија, Галија, Италија, Калабрија, Кампанија[48]. Продолжувачите на неговото дело даваат уште побогати етнографски информации за одделни западноевропски народи и територии. Во истото дело се наведени и племиња од соседните области на Византија; Хрвати, Срби, Захумљани, Тервуниоти, Каналити, Диоклетианиои и [А]рентани на коишто им е дадена општата етикета "Скити"[49]. Може да се заклучи дека авторот имал некакава идеа за единството на северните византиски соседи, веројатно под влијание на античката традиција, но истата не фигурирала во неговата претстава за Западните народи. Западноевропските земји и народи се појавуваат фреквентно и кај Константин VII Порфирогенит: Шпанија и нејзините поедини региони (Луситанија и сл.), Италија и поединечните региони во неа, особено често Лангобардија и Венецијанците, Галија, Германи, Франки, Гепиди, Готи (и Визиготи), Вандали[50]. Општиот назив Латини (Latinoi) меѓутоа не се појавува никаде. Таков е случајот и со Хрониката на Јован Скилица од околу 1100 година, каде што исто се спомнуваат западните народи како Шпанци, Италијани, Калабри и Франки. Византиските историчари од Теофан до Скилица биле свесни за разединетоста на западнит свет. Терминот Латини станува актуелен дури кон крајот на XI век но често со не точно одредено значење[51].

Средновековните општества на Византија и Западна Европа произлегле од Доцноримскиот свет и имале многу повеќе заедничко од неколкуте иниститиуции, традиција и религија што ги наследиле од Рим. Од Раниот Среден век меѓу нив постоеле доста допирни точки на различни начини. Римската црковна елита била толку хеленизирана, што папата во времето на раѓањето на Карло Велики зборувал Грчки како свој мајчин јазик. Во исто време, Франките служеле во византиската царска гарда и

[48] *Theophanes Continuatus,* ed. I. Bekker, Bonn (1838): 474.22

[49] *Theophanes Continuatus,* ed. I. Bekker, Bonn (1838): 288.19-20

[50] *De administrando imperio,* vol. 1, ed. G. Moravcsik and R. Jenkins, Washington, D.C., (1967): 56–58

[51] Михал Аталијат го користи терминот Latinos на неколку места но значењето на етнонимот е конфузно: неговите Латини биле добри воини, но нивниот етнички идентитет е загадочен. *Michaelis Attaliotae Historia,* ed. I. Bekker Bonn, (1853), 35.12–13

присуствувале на царските банкети[52]. Англо-саксонските мисионери, наследниците на Теодор и Хадриан кои потекнувале од Тарс и Африка и преку Рим го ширеле христијанството во Британските острови, поттикнувале фасцинација со Италија и која преку неа вродила допир со Византиската провинциска цивилизација. Тие исто така ги копирале Антиохиските библиски толкувања на делови од Библијата кои им биле пренесени од нивните византиски учители[53].

Во очите на Византијците, западноевропското христијанство било основа за создавање на нивна посебна врска со империјата. Сепак и традициналните варварски стереотипи сеуште се одржувале во Цариград: "Латините"[54] биле храбри но прости воини, недисциплинирани и склони кон нелојалност[55]. Во VIII век, Византијците го замислувале Рим како типичен византиски град и папите како послушни чиновници кои ги архивирале царските заповеди или ги пренесувале на западните варвари[56]. Ваквите факти го покреваат прашањето за тоа каде и како Византија и Западниот свет доаѓале во директен или индиректен контакт во "мрачниот" Ран Среден век. Големата трговска мрежа која го опфаќала Медитеранот и ја одржувала византиската економска интеракција со Западот од времето на Римската империја, со големите промени од VII век скоро наполно била исчезната. Поморските трговски врски на долги релации по важност им го отстапиле местото на локалните. Со падот на византиска Картагина во 698 година паднала и последната од клучните точки за поморските врски меѓу источниот и западниот Медитеран[57]. Копнените врски исто така биле прекинати. Со губењето на контролата врз Балканот за Византија биле блокирани старите римски патишта кон запад, а како резултат Италија била отсечена од Цариград во зимските месеци[58]. Внатрешната структура на трговските врски во Византија се свртела кон нова оска која го поврзувала Егејот со Црното Море. Кон последната четвртина на VIII век, комуникациите и трговските врски

[52] *The Cambridge History of the Byzantine Empire*...621

[53] Bischoff, B. and Lapidge, M., *Biblical commentaries from the Canterbury school of Theodore and Hadrian*, Cambridge (1994):

[54] Во понатамошниот текст општиот назив "Латини" ќе биде користен како референца за западноевропските христијани

[55] *The Cambridge History of the Byzantine Empire*.. 397

[56] Ibid

[57] McCormick, M. *Eternal victory: triumphal rulership in late antiquity, Byzantium, and the early medieval west*, 2nd edn., Cambridge (1990): 537-547

[58] McCormick, M. *Eternal victory*... 68-73

со Западот се обновиле. Старата инфраструктура била реконструирана или заменета. По еден период на застој, контактите со Западот се засилиле кон крајот на IX век[59]. Иако структурата и опсегот на трговија се разликувале во голема мера од оние од Доцноримскиот период, комуникациите и трговијата повторно биле значаен фактор во односите меѓу Западна Европа и Византија. Тука значајна улога веќе ќе почнат да играат и Венецијанците, како посредници на Византија, чиј суверенитет номинално го признавале.

Уште една уникатна византиска перцепција ги обликувала односите со Западот. Како што Римската империја била посебен историски ентитет, и нејзиниот владетел, василевсот[60] бил Божји преставник на земјата и со тоа бил претпоставен над другите земски владетели *(arhonti)* и кралеви *(reges).* Семејната хиерархија ги проектирала концептите кои го структурирале домашното општество во надворешните односи. "Римскиот" император владеел над сите, како татко на другите владетели. Единствен исклучок бил направен за Персискиот шах, а подоцна и за багдатскиот калиф, кому му било дадено правото за еднаков "братски" статус. Така, присвојувањето на царската титула од Франките во Цариград секогаш било третирано како узурпација. По неуспехот на Втората војна меѓу Карло Велики и Византијците и откажувањето од нивните претензии врз Венеција, византиските пратеници во Ахен го признале Карло Велики за василевс, без притоа да посочат на што и на кого. Од тој момент византиските сребрени монети го носеле натписот *Basileus Romaion: "Римски императори"*[61]. Ваквиот компромис на некое време ќе овозможи основен modus vivendi за двете империи. И покрај фрагментирањето на Франачката држава, нивните царски амбиции и понатаму биле извор на иритација за "Римските императори" во Цариград. Околу 55 пратеници поминале меѓу византиските и владеелите на Франките помеѓу 756, кога првпат биле засведочени и 840 година, при што изворите ги даваат имињата само на водачите на овие пратеништва, коишто веројатно биле придружувани од голем број на помошници со различни чинови и

[59] McCormick, M. *Eternal victory...*447-43

[60] Грчкиот назив официјално го заменил латинскиот *imperator* во 629 година (*The Cambridge History of the Byzantine Empire...*409)

[61] *The Cambridge History of the Byzantine Empire...*417

статус[62]. Овој факт доволно јасно зборува дека во дадениот период византиските односи со западот биле центрирани околу франкскиот владетелски двор. Притоа, интеракцијата со западот главно била од политички и културен карактер. Економските врски биле од секундарна важност. Карактеристично е што територијата на Италија играла главна улога во оваа интеракција. Помалку важни биле царските дворци на двете империи. Поважни контакти веројатно се одвивале и меѓу Латините и Византијците од Ерусалим[63].

Во првата половина на X век, византиските хроничари му посветувале малку внимание на Христијанскиот запад. Постои зачуван Меморандум на дипломатски процедури, делумно составен од постар материјал од средината на X век, кој ни ги пренесува стандардните форми на обраќање кон различни кралеви *(reges)* на "Галија", Баварија и Саксонија. Секој од овие бил нарекуван со "Духовен брат", за разлика од другите форми на обраќање. Исто така, поголемо внимание се обраќало на вежбањето на протоколот при пречекувањето на бугарските и пратениците од источните арапски земји, чиишто посети биле почести и поважни за Византија во тој период[64]. Но, иако настаните од другата страна на Јадранот генерално биле од секундарна важност за византиските владетели, тие биле обврзани да одржуваат врски со Западниот свет во обидот да го одржат своето влијание на Балканот кој бил под бугарска контрола.

Византиските интереси во Јужна Италија и Сицилија исто така биле од примарна важност во одржувањето на релациите со Западот. Губењето на Сицилија на сметка на Арабјаните и неможноста на Клабрија да обезбеди средства за поголеми експедиции, ја приморувало Византија да бара сојузници на запад и на таа сметка постоеле периодични контакти помеѓу Константинопол и неколку западни владетелски дворови. Муслиманските походи и создавањето арапски колонии во Јужна Итлија ги погодувале христијанската осетливост и престиж доволно за да се направи обид за заедничко дејствување. Но, ретко доаѓало до преземање на заеднички воени операции. Најдобро ситуирани за воена кооперација биле самите Ломбардски принцови чиишто поседи биле

---

[62] McCormick, M. *Eternal victory: triumphal rulership in late antiquity, Byzantium, and the early medieval west*, 2nd edn., Cambridge (1990)
[63] *The Cambridge History of the Byzantine Empire*...431
[64] *The Cambridge History of the Byzantine Empire*...537

засегнати со Византиското реетаблирање во Јужна Италија. По вешто водените преговори на византискиот стратег на Ломбардија - Николас Пичингли и папата Јован X (914-28) била формирана коалиција меѓу владетелите на Гаета, Неапол и Капуа-Беневенто, римските благородници, и византиската флота и копнена војска. Коалиционите сили успеале да ги истераат Арабјаните од долината Гариљано. Набргу после оваа победа дошло до "побуна" на Ландулф I од Капуа-Беневенто и неколку други лобардски владетели, кои се свртеле против Византијците и ја повратиле контролата врз поголем дел од византиските владенија во Јужна Италија. Од друга страна, важните западноевропски владетели немале интереси кои доволно се судирале или преклопувале со византиските за да одржуваат интензивни односи со нив во периодот на X век, со исклучок на интензивирањето на дипломатските односи со Отон I и неговите наследници. Венецијанците, пак, и понатаму заземале посебно место во односите меѓу Византија и западните земји. Нивните интереси се поклопувале доста близу со оние на империјата. Византија била најочигледна и најпривлечна за пласман на венецијанската трговија со оружје, дрво и робови, додека византиските луксузни производи биле доста побарувани меѓу елитните кругови на северноиталијанските градови.[65] Од интерес на Византијците било опстојувањето на поморска сила на работ од Јадранското море, која не зависела од империјата во поглед на своето финансиско одржување. Со поддршката на Венеција, Византија била ослободена од одржување на сопствена флота во тој регион. И двете страни гледале да извлечат корист од статус квото во кој дирекните контакти меѓу Цариград и северот од Јадранот биле монополизирани од Венеција, но оданочувани и надгледувани од византиската власт. Со ова, Венецијанците, единствени меѓу Латините, имале директен преглед во настаните во Цариград.

Меѓутоа и Венецијанската република котирала ниско меѓу византиките приоритети и нејзинат послушност кон империјата од Византијците била претпоставена како загарантирана. Од многу поголема важност бил градот Рим, со царските конотации кои ги носел и особено со неговата улога како папска резиденција. Важноста придавана на папството е демонстрирана и во De Administrando Imperio: протоколот за примање на

[65] Archibald R. Lewis, *Nomads and Crusaders AD 1000 - 1368*, Indiana University Press (1991)

папските пратеници е даден прв, детално опишан и целосен.[66] Долгата традиција во овој случај играла голема улога, но постоела и подинамична причина за ова. Папата бил едниствената западна фигура која можела да интервенира доволно во внатрешните работи на империјата и единствен надворешен фактор кој поседувал значително влијание во византиската сфера. Папската јурисдикција во Јужна Италија била од императивно значење за византиската власт да биде во контакт со духовниот водач на нејзините поданици на таа територија. Православните монаси и свештеници оделе на аџилак до светите места во Рим, а западните црковни лица биле во контакт со византиските манастири, кои во X век сеуште постоеле во Рим, иако не во голем број[67]. Во тој период од голема важност во Византија биле и папските мислења за религиозните прашања. Така и императорите сметале на помош од страна на Папата и при раководењето со Цариградската патријаршија. Роман I Лакапин ја смета папската поддршка при поставувањето на неговиот син, Теофилакт, за Цариградски патријарх за есенцијална. Папските легати го раководеле чинот на неговото устоличување на 2 февруари 933 година[68]. Во очите на папата земјите во Илирик биле под негова јурисдикција па затоа тој често директно се замешува во Балканските збиднувања. Бенефициите од соработката меѓу папата и визнатискиот император биле засегнувани од интервенциите на западните владетели во Рим, коишто можеле да го подлегнат папството на сопствените амбиции, барајќи ја грандиозноста на императорската титула.

Како заклучок, може да се утврди дека до XI век Византијците го третирале Западниот свет како да се состоел од одделни земји и народи или племиња. Идеата за единството на Западноевропските христијани се развила во XI век како резултат на интензивирањето на контактите со нив, особено со се поголоемиот број на западноевропски, пред се Нормански платеници во византиска служба и била изразена преку воведувањето на терминот Латини (Latinoi) во византискиот литературен вокабулар што ги опфаќал сите западни народи. Главниот обединувачки фактор на народите од Западна Европа, бил олицетворен во нивната религиозна обединетост и потчинетоста на Римската столица и латинскиот јазик којшто бил идентификуван со неа. Средствата со кои

[66] *De cerimoniis aulae byzantinae*, превод J. J. Reiske, 2 тома., *CSHB*, Bonn (1829–30); 680-1

[67] *The Cambridge History of the Byzantine Empire*... 539

[68] Ibid.

Визнатија се служела при постигнувањето на своите цели се движеле од доделување подароци до воена интервенција. Верската преобразба била користена за неутрализирање на потенцијалните ривали и имала ист ефект како и создавањето марионетски држави како тампон зони и играњето со проспектот за брак со член на царската фамилија. Популарна била и тактиката на охрабрување непријателски дејствија на непријателите на византиските непријатели[69]. Ваквите пристапи биле користени и во византискиот дипломатски дијалог со Западот, којшто за Византијците бил само еден од многуте надворешни ентитети кои ја опкружувале империјата.

### 1.4. Придонесот на Алексиј I Комнин во поттикнувањето на Првиот крстоносен поход

Неспорно е дека византискиот император барал помош од папата за борбата со Селџуците; тој тоа го направил повеќепати. Прашањето кое тука се рзгледува се однесува на тоа каква била целта на неговото барање: дали сакал само да врбува наемнички одреди или неговата намера била токму да покрене Крстоносен поход. Во модерната историска наука е прифатено првото гледиште, според кое Алексиј I Комнин во неговите молби упатени до папата за помош не сметал на поттикнување на одговор од Запад во размерите на Крстоносен поход[70] и покрај постоењето на спротивставените гледишта. Исто така воглавном е прифатено дека да му се припише намерата да покрене Крстоносен поход, би значело да се претпостави дека кај него постоела интенција која очигледно ја немало ниту можело да ја има, а воедно и да се превиди фактот дека крстоносното движење било условено од приликите на самиот Запад. Ова делумно е потврдено и од неговата изненаденост од пристигањето на првите Крстоносци, што доста сликовито е засведочена од Ана Комнина[71]. Во овој труд ќе бидат разгледани фактите според кои иако неговите

[69] Obolensky, D. *The Byzantine commonwealth: Eastern Europe 500–1453*, London (1971):
[70] Острогорски, Г. *Историја* ... 341
[71] Anna Comnena,*The Alexiad... 176*

апели за помош од западот можеби не биле со намера за Крстоносен поход, тие индирекно имале свое влијание во поттикнувањето на истиот.

Во историските извори, засведочени се 2 наврати во кои византискиот император Алексиј I Комнин директно бара воена помош од запад; преку "наводното" писмо до Фландрискиот гроф Роберт I (1071 - 1093) и преку неговите пратеници на папскиот собор во Пјаченца (1095 година). Може да се претпостави дека до почетокот на Првиот крстоносен поход, апелите за помош од Цариград кон западните кристијани не биле никаква новост.

### **1.4.1.** Наводното писмо на Алексиј I Комнин до Роберт I Фландриски

Во примарните извори за Првиот крстоносен поход, во ракописот на Монахот Роберт од XI век се појавува писмо кое наводно е испратено од Алексиј I Комнин до фламанскиот гроф Роберт I.[72] Грофот Роберт I од Фландрија (1071-1093) со значајна воена придружба бил на аџилак во Ерусалим во 1086 година. При неговото враќање тој поминува некое време помагајќи му на Алексиј I Комнин во борбата против Селџуците. Во една битка, Роберт и тројца од неговите придружници сами јуришале на чело на војската против Туците водени од Кербога, чиишто сили набрзо биле рспрснати.[73] Фландрискиот гроф остава ветување за понатамошна соработка во форма на испраќање на воена помош на византискиот император. Токму на ова ветување се повикува Алексиј, барајќи помош од својот личен пријател од Западот. Притоа во писмото остава информации за богатствата на Византија и ги повикува браќата-христијани да дојдат и да ги земат пред истите да паднат во рацете на неверниците. Писмотото се појавува во 36 од 38-те копии од ракописите на Монахот Роберт, а епитом од него, со додатни детали се појавува и во *Gesta Dei per Frankos* на Гвиберт од Ноген.[74]

---

[72] *Robert the Monk's History of the First Crusade: Historia Iherosolimitana*, tanslation by Carol Sweetham (Aldershot, UK: Ashgate, 2005):130-136

[73] Runciman, Steven, *History of the Crusades*, Volumes I & II , Cambridge University Press, 1952

[74] Guibert of Nogent, Dei gesta per Francos, translated by Robert Levine, The Boydell Press, Woobridge, UK (1997): 100-104

Во белешката од воведот на описот на писмото, е наведено дека тоа е испратено "...од Константинополскиот император, во четвртата година пред славната експедиција на Ерусалим... до сите западни цркви но особено до фламанскиот гроф Роберт" [75] и дека самиот император бил поразен од "Сулејман таткото на помладиот Сулејман"[76] којшто подоцна бил победен од Крстоносците, што го зачудува авторот на воведот зошто истиот император се однесувал непријателски кон нив и "не се плашел да возврати на доброто со лошо"[77]. Важноста на овој опис во детерминирањето на оригиналноста на писмото ќе биде разгледана подолу. Самото писмо, после вообичаените поздрави од императорот до фламанскиот гроф, веднаш почнува со сликовит опис на само "мал дел од многубројните" зла кои ја снашле империјата од рацете на "Печенезите и Турците"[78]. Тука се наведени секакви оскврнувачки дела кои биле вршени врз христијанските цркви и самите христијани. Во овие описи е направена споредба со библиските страдања на Израелците по освојувањето на Ерусалим од Вавилонците. Понатаму, авторот наведува дека "скоро целата земја од Еусалим до Грција, и цела Грција со нејзните горни региони[79]" биле заземени од Турците и само Цариград останал неосвоен, но и тој бил во опсаност "доколку помошта од Бог и Латинските христијани... не стигне набрзо"[80]. Во продолжение писмото продолжува со опишување на турските поморски напади на Пропонтида со бродови одземени од Грците, што директно кореспондира со конфликтот со флотата на Чаха од 1090-91 година.[81] Тука авторот прекинува со описот, за да не го "згрози читателот".[82] Во продолжение авторот бара од грофот да ги собере сите расположиви сили и како што во претходната година ја ослободиле "Галиција и други Западни кралства" од муслиманите, да настојуваат да го ослободат и "кралството на Грците" бидејќи императорот не можел да најде друг спас и бил во постојано повлекување пред Турците и Печенезите. Авторот

---

[75] Овој, и сите наредни цитати преставуваат директни извадоци преведени од авторот од англиската верзија на писмото направена од Еинар Џорансон -*The problem of the spurious letter of emperor Alexius to the count of Flanders*, The American Historical Review , Vol. 55, No. 4, Jul. (1950): 812

[76] Einar Joranson, *The problem of the spurious letter of emperor Alexius to the count of Flanders*, The American Historical Review , Vol. 55, No. 4, Jul. (1950): 812

[77] E. Joranson, *The problem of the spurious letter of emperor Alexius to the count of Flanders:* 813

[78] Ibid.

[79] авторот мисли на Мала Азија, што може да се заклучи од набројаните територии во неа во продолжение на писмото: E. Joranson, *The problem of the spurious letter...* 814

[80] ibid.

[81] **Политичката ситуација во Византија непосредно пред доаѓањето на првите Крстоносци:** 6-7

[82] ibid.

додава дека смета за подобро да се биде потчинет на Латините одошто на "паганите"[83] и ги поттикнува Латините да се борат за да бидат наградени на небесата. Понатаму во писмото се набројани значајните христијански реликвии во Цариград: столбот за кој бил врзан Исус при мачењето, камшикот со кој бил камшикуван, црвената наметка во која би завиткан, круната од трн, трската која ја држел Исус како жезол при измачувањето, неговата облеката која била разделена меѓу војниците пред распнувањето, дел од Светиот крст, клинците од Распетието, платното кое било пронајдено во Исусовиот гроб по Воскресението, 12 кошници со остатоците од петте леба и двете риби, главата на Св. Јован, голем број остатоци и цели тела на Невините младенци, како и на одредени пророци, апостоли и маченици, посебно првомаченикот Св. Стефан и на исповедници и девици во огромен број. [84] Во продолжение, како што наведува авторот,доколку реликвиите не биле доволна мотивација, се набројани и материјалните богатства кои се наоѓале во престолнината, поседувани од црквите, благородниците и трговците како и богатствата трупани "не само од Цариградските императори... туку и од сите Римски императори" и скриени во царските палати. Писмото завршува со порака до грофот и западните христијани да дејствуваат додека има време доколку не сакаат да го загубат "кралството на христијаните, и што е поважно, Гробот Божји".[85]

*Gesta Dei per Fracos* на Гвиберт од Ноген од раниот XII век содржи епитом на Писмото, кое содржи два додатни детали кои не се појавуваат во текстот на Монахот Роберт, имено опишувајќи ги злосторствата на Турците меѓу другото додава дека по уништувањето на христијанството во освоените територии, тие ги претворале црквите во штали за нивните коњи и во набројувањето на реликвиите и богатствата во злато и сребро што ги очекувале Латините во престолнината, императорот ги додава и цариградските жени и го опишува нивниот раскошен шарм и убавина.[86] Тие меѓутоа само укажуваат дека Гвиберт, или препишувачот кој ја направил копијата која дошла во рацете на Гвиберт, сметал дека може да си земе за слобода да ги додаде овие елементи за да остави поголем впечаток кај читачот. Во суштина, епитомот кореспондира со текстот во *Historia*

---

[83] E. Joranson, *The problem of the spurious letter... 815*
[84] Ibid.
[85] E. Joranson, *The problem of the spurious letter...* 815
[86] Gilbert of Nogent, *Dei gesta per Francos*, translated by Robert Levine, The Boydell Press, Woobridge, UK (1997):36-38

*Iherosolimitana* и нема причина за сомневање дека и двете го претставуваат едниот и ист документ.

Во контекст на хрониките во кои е пренесено Писмото до нас, неспорно е дека неговата улога е да биде excitatorium-дело кое има за цел да ги крене страстите на народните маси. Сосема друго е прашањето дали оригиналот од писмото бил напишан, на грчки или латински, по нарачка на византикиот император Алексиј I Комнин. Најраните теории се движеле меѓу две спротивставени мислења: дека Писмото претставува фалсификат на некој латински монах кој за таа цел мора да користел западни орални податоци за ситуацијата во Византија, каталог од светите реликвии кои се чувале во Цариград, информации за злоставувањата на сириските христијни од Турците и извадоци од проповедите на папата Урбан II од една и дека Писмото во формата која ја има во овие 2 дела е оригинален документ, несовршено преведен од Грчки на Латински, кој претставува excitatorium испратен од Алексиј до Роберт најверојатно во 1091 година, односно во времето кога императорот се наоѓал во најголема нужност од воена помош.[87] На средината меѓу овие е мислењето дека иако писмото во онаа форма која е забележана во делото на Монахот Роберт[88] е напишано во Западна Европа, тоа е базирано на комуникација на византискиот император со фламанскиот гроф и дека постои адекватна причина да се смета дека во основа е автентично.[89] Во прилог на ова тврдење се земаат точно наведените малоазиски територии во писмото кои биле заземени од Турците, и набројувањето на реликвиите во Константинопол. Притоа, авторот, чија цел била да напише *excitatorium,* го пренагласил описот на суровоста на Туристите и безнадежноста на империјата до таа мерка што писмото не одговара со стилот кој бил користен во византискиот двор. Голем дел од проучувачите се согласуваат дека целта на Алексиј I Комнин била да го натера Роберт I од Фландрија да го исполни ветувањето кое го дал при посетата на императорот да му испрати 500 витези како помош против Турците. Како потврда се зема сведоштвото на Ана Комнина, која во Алексијадата пренесува дека не само што Роберт I го дал тоа ветување а и го одржал, како и дека во меѓувреме Алексиј I

---

[87] E. Joranson, *The problem of the spurious letter...* 817-818

[88] Коешто понатаму во овој текст ќе биде референцирано како Писмото

[89] Heinrich Hagenmeyer, *Der Brief des Kaisers Alexius Komnenus an den Grafen Robert von Flandern,* Byzantiniche Zeitchrift VI, (1897): 1-32; E. Joranson, *The problem of the spurious letter...* 817

бил силно притиснат од Печенезите и Турците.[90] Според повеќето, може да се претпостави дека Алексиј I во тие моменти, одлучил да го потсети Роберт на нивната спогодба, што го направил со ургентна порака, од која Писмото претставува нејзин директен латински превод или некој вид адаптација.[91] Околу прашањето каде и кога било напишано Писмото исто така постојат повеќе теории, во зависност од тоа која би била неговата цел. Според одредени приврзаници на теоријата според која писмото е чист фалсификат, тоа било напишано во крстоносниот камп за време на опсадата на Антиохија, помеѓу 1098 и јули 1099 година, за да се привлечат повеќе Крстоносци од Европа, по нивните големи губитоци во истиот период како резултат на епидемии и дезертација; или пак, пред иницирањето на Првата Крстоносна војна, со цел да послужи како *excitatorum.* Приврзаниците на теоријата на неговата оригиналност, пак, сметаат дека било испратено од Алексиј I меѓу 1089 и 1091 година.

Познатиот историчар Карл Ердман, во 1935 во неговите студии за потеклото на идеата за Крстоносните војни, прв ја предлага теоријата според која Писмото е создадено во 1105-1106 како дел од пропагандата на Боемунд за Крстоносна војна против Византија. Како докази Ердман го наведува Воведот на писмото каде е нагласено предавничкото однесување на Алексиј I, при што смета дека постоел сличен таков додаток кај сите негови копии; потоа сигнализирањето на материјалното богатство и реликвиите на Цариград како и наводната волја на императорот да го предаде Цариград на Латините наместо на паганите; исклучувањето на Светото копје од списокот на реликвии кои се наоѓале во Цариград, а кое било "пронајдено" од Крстоносците во Антиохија; понатаму последната реченица " за да не го изгубите... Гробот Божји"[92], којашто не би имала смисла пред 1099 година, како и фактот што изворите каде се појавува потекнуваат после 1105 година, меѓутоа без било какво образложение за фактот што се чини дека писмото повеќе имало за цел да генерира сочуство кон Алексиј I Комнин.[93] До истиот заклучок доаѓа и Е. Јорансон 2 декади подоцна без знаење на хипотезата на Ердман,[94] при што понатамошно

---

[90] Anna Comnena,*The Alexiad...179-182*

[91] E. Joranson, *The problem of the spurious letter...* 822

[92] ibidem

[93] Erdmann, Carl,The origin of the idea of crusade, translated from the German by Marshall W. Baldwin and Walter Goffart, Princeton, (1977): 365

[94] E. Joranson, *The problem of the spurious letter...* 823

ја разработува и како таква е прифатена во современата наука, и ќе биде земена како валидна во рамките на ова дело.

Веднаш по враќањето во Европа, Боемунд официјално бил назначен од папата Паскал II да организира нова Крстоносна војна против Византија. [95] Кампањата за регрутирање воглавном се одвивала во Франција, од март до летото 1106 година I и била пропратена со пропаганда која била жестоко насочена против Алексиј I Комнин. За да се добие претстава за обвиненијата кои биле трупани против него за време на оваа кампања доволно е да биде земено во предвид неодамна објавеното писмо од Боемунд до папата Паскал, датирано од септември 1106 година, во коешто императорот и неговите поданици биле обвинети, помеѓу другото, дека ги пљачкале, прогонувале и убивале западноевропските аџии. [96] Дека и Писмото од Алексиј до Роберт I од Фландрија било користено за истата цел директно ни сведочат делата од два современи автори, хроничарот Гвиберт од Ноген и пишувачот на Воведот во Писмото како што е предадено во *Historia Iherosolimitana* на монах Роберт. Како што е веќе наведено, постои епитом од Писмото во *Gesta Dei per Frankos*, хрониката за Првиот крстоносен поход на абатот Гвиберт од Ноген, Директно по неговото презентирање, Гвиберт се впушта во жестоки напади против Алексиј и неговото третирање на учесниците во Првиот крстоносен поход,[97] што несомнено е одраз на пропагандата на Боемунд во Франција од 1106 година, особено кога се земе во предвид дека делот кој го содржи епитомот на писмото и нападите на Алексиј биле напишани набрзо потоа, во пролетта 1108 година[98]. Гвиберт, меѓутоа, со сигурност го напишал делото пред да дознае дека балканскиот поход на Боемунд пропаднал и дека тој бил поразен од Алексиј и принуден да го попише понижувачкиот договор од Девол во 1108 година, бидејќи меѓу другото сугестира дека Боемунд веројатно бил предодреден да го оствари наводното пророштво, за чие постоење се иреле гласини во тоа време, дека

---

[95] Riley-Smith Jonathan, *The First Crusade and the idea of crusading*, University of Pennsylvania Pres (1994): 136; E. Joranson, *The problem of the spurious letter...* 823

[96] E. Joranson, *The problem of the spurious letter...* 824

[97] Gilbert of Nogent, *Dei gesta per Francos*, translated by Robert Levine, The Boydell Press, Woobridge, UK (1997):36-38

[98] E. Joranson, *The problem of the spurious letter...* 824

некој "Франк" ќе му го одземе животот и престолот на Алексиј I Комнин.[99] Воведот во Писмото како што е предадено во *Historia Iherosolimitana* на монах Роберт исто така оди во прилог на теоријата дека целта на Писмото била да послужи како excitatorium за претстојната Крстоносна војна против Византија. Самиот вовед бил напишан во почетните години на XII век, бидејќи се појавува, заедно со самото Писмо во најстарата копија од Ракописот на монах Роберт од тој период и не постои ништо што би индицирало дека неговиот автор бил друг од оној на Писмото. Бидејќи Писмото било напишано како инструмент на пропагандата, природно е да се заклучи дека неговиот автор го надополнил со објаснување за целта на неговото пишување, при што Воведот во Писмото како што е предадено во *Historia Iherosolimitana* претставува точно такво објаснување. Како и сите пропагандни дела, Воведот на писмото не се придржува строго до вистината. На почетокот неговиот автор наведува дека писмото било испратено 4 години пред иницирањето на Првиот крстоносен поход, што би го датирало во 1091 година, односно 4 години пред Соборот во Клермон од 1095 година, кој се сметал за нејзин почеток.[100] Тврдењето, во продолжение, дека копии од него биле испратени до сите Западни Цркви[101] со сигурност е неточно, но веројатно укажува дека голем број копии од Писмото биле пуштени во циркулација, во прилог на регрутирачката кампања на Боемунд од 1106. Од друга страна, она што во Воведот се однесува на аџилакот на Роберт I Фландриски на Светиот гроб, неговата средба со Алексиј и враќањето пред 1091 година може да се земе за точно, сведоци на тие настани сеуште би биле живи во 1106 година, што би одело во прилог на создавањето импресија за вистинитоста на информациите дадени понатаму во писмото. Следна точка во Воведот од која може да извадат докази за вистинската цел на Писмото би била податокот за "паганите" од кои бил притиснат Алексиј и нивниот водач "Сулејман, таткото на помладиот Сулејман", за подоцна да додаде дека "помладиот Сулејман" односно Килич Арслан I, бил поразен и принуден на бегство од страна на Крстоносците. Целта на авторот била да потенцира дека "паганите" од чии ужаси импеаторот барал спас од Латините, со истите оние со кои Крстоносците дошле во контакт во Мала Азија и ги победиле, и да посочи на завршната реченица од Воведот каде го изразува чудењето од злонамерноста на Алексиј кон Крстоносците иако тие му

[99] ibidem
[100] Ibidem
[101] E. Joranson, *The problem of the spurious letter...* 812

направиле услуга со поразувањето на Килич Арслан I, водачот на истите луѓе против кои Алексиј толку ургентно барал помош од Латините во Писмото.[102]

Целата содржина на Воведот е во корелација со тврдењата изразени од Гвиберт, дека Алексиј побарал од Латините да му дојдат на помош и дури им го понудил Цариград во поседување, факти за кои доказ е Писмото. А кога Латините одговориле на неговите молби, тој им возвратил со неблагодарност и предавство. Во случајот со Воведот, импликациите се чинат толку силни што може да се изедначат со насоката во која би било интерпретирано Писмото. Заклучокот на Е. Јорансон, е дека може слободно да се претпостави дека Воведот бил наменет да ги поучи различните распространувачи на пропагандата од 1106 година што треба да кажуваат за Писмото за да ги убедат слушателите дека тоа го има значењето кое и било припишувано од пропагандата. Токму со таа цел, смета Јорансон, епитомот на Писмото бил вметнат и во делото на Гвиберт кое било пишувано во истиот период.[103] Заедно со воведот, во неговата цела форма било вклучено во Hstoria Iherosolimitana на монах Роберт во 1116 година.[104] Околу неговото точно датирање, Јорансон смета дека било фабрикувано во Италија во 1105, веднаш по донесувањето на одлуката за отпочнување кампања против Византија, по нарачка на Боемунд, како што може да се претпостави и дека кон крајот на 1105 и почетокот на 1106 година копиите од Писмото, и од *Gesta Dei per Frankos* биле испратени во Франција, за да ја подготват почвата за регрутирачката кампања што следувала.[105]

Сепак се остава простор за претпоставка дека постои автентично писмо врз коешто е базиран самиот фалсификат. Во тој случај, истото мора да било зачувано по смртта на Роберт I од Фландрија и да било достапно во Италија во 1105 година. Во прилог на тоа одат податоците кои се дадени за ситуацијата која Алексиј ја дава во Византија, а која кореспондира со онаа од февруари-март, 1091 година, во најтешките периоди од неговото владеење, којашто е опишана од неговата ќерка во Алексијадата.[106] Сосема е веројатно дека Алексиј во тие моменти побарал Роберт, од кој веќе ги имал добиено петстоте

[102] E. Joranson, *The problem of the spurious letter...* 827
[103] E. Joranson, *The problem of the spurious letter...* 828-830
[104] ibidem
[105] Ibid... 830
[106] Anna Comnena,*The Alexiad... 128-132*

фламански витези, да регрутира и да му дојде на помош со бројна армија од западни платеници. Исто така е веројатно дека императорот ги спомнал територијалните губитоци на империјата на сметка на Печенезите и Турците и дека нив ги опишал како варварски луѓе, брутални кон христијаните кои потпаднале под нивна доминација. И, можеби за да го зајакне неговиот апел, го потенцирал значењето од губиткот за целото христијанство доколку Цариград, како скровиште на христијански реликвии, бил заземен од нехристијани. Овие забелешки може да се земат во прилог на претпоставката дека составувачот на Писмото, во времето на неговото пишување сепак имал пред себе автентично писмо од Алексиј, од кое денес немаме остатоци, а коешто го искористил за составување на excitatorium.

Што се однесува до улогата на писмото во иницирањето на Крстоносните војни, со самото негово датирање таквата можност е наполно исклучена. Од друга страна, постоењето на автентичното писмо напишано по нарачка на византискиот император, и неговото присуство во Италија во 1104-5 година, може да играло некаква улога, меѓутоа за тоа е потребно подлабоко истражување на историската наука што можеби ќе даде некаков поконкретен резултат во таа насока.

### **1.4.**2 Византиските пратеници на соборот во Пјаченца

Соборот во Пјаченца претставувал мешан синод од претставници на Римската Католичка црква, кој се одржал од 1 до 5 март 1095 во Пјаченца во Северна Италија. Соборот бил свикан од папата Урбан II, за време на неговата тура низ Италија и Франција, чија цел било реафирмирање на папскиот авторитет по неговиот конфликт со германскиот император Хенрих IV, што било и главна тема и причина за неговото свикување. Според Бернолд од Констанца, кој преставува главен извор за овој собор и се смета за негов очевидец, за време на Соборот биле присутни и византиски пратеници на императорот Алексиј I Комнин.[107] Алексиј бил екскомунициран од папата Гргур VII, но Урбан II ја кренал екскомуникацијата кога станал папа во 1088 година и односите меѓу

[107] Carleton, Munro Dana ,*Did the Emperor Alexius I. Ask for Aid at the Council of Piacenza, 1095?* The American Historical Review Vol. 27, No. 4 (Jul., 1922):1

Источното царство и Рим барем привеременo биле пријателски.[108] Пратениците на Алексиј и нивното учество на Соборот во Пјаченца се засведочени во *Хрониконот* на Бернолд од Констанца кој бил сведок и на Соборот и примарен извор за овој историски настан.[109] Според него, главната цел на византиските пратеници била да врбуваат во името на императоротот Алексиј I Комнин за неговата кампања против Турците. Тие побарале од римскиот понтиф и сите "верни во Христа" да пружаат помош за одбраната на "светата црква" која паганите ја опустошувале се до ѕидините на Цариград. Понатаму Бернолд пишува дека Урбан повикал многу од насобраните да "дадат заклетва" дека ќе отидат на помош на Алексиј.[110]

Оваа епизода е позната, и често цитирана во историите за Крстоносните војни и поголемиот дел од историчарите не се сомневаат во нејзината точност, бидејќи како што е веќе спомнато во ова дело Алексиј веројатно повеќепати апелирал до папата и барал наемници од Западна Европа. Нема причина за сомневање дека папата Урбан им дозволил на Византиските пратеници да се обратат со овие барања на присутните на Соборот. Не постојат податоци за тоа колкав бил нивниот број и кои точно биле, како изгледале и кога точно во 5 дневното траење  на Соборот тие го имале своето обраќање. Она што Бернолд го опишал е еден од повеќето аспекти на Соборот кои тој ги сметал за важни, како што се присуството на германската царица Пракседа, легаатот на францускиот крал Филип II и устоличувањето на архиепископпот Арнулф во Милано. Бернолд сите овие ги смеатал како потврда за важноста на Соборот. Пратениците веројатно ја пренагласиле непосредната опасност за империјата, којашто всушност во тој период била неутрализирана со внатрешните пресметки меѓу селџучките владетели во Мала Азија. Бернолд пренесува и дека Алексиј побарал од нив да ги потсетат учесниците дека Ерусалим исто така бил под власта на муслиманите, знаејќи дека западните христијани ист така придавале посебно значење на градот до којшто муслиманите го спречувале нивното ходочастие. [111] Не е познато дали Алексиј ги испратил пратениците со точна намера да се појават на папскиот собор, меѓутоа молбата на византискиот император била

---

108 G. Every, *The Byzantine Patriarchate*, London (1962): 156

109 Bernold of St Blasien (of Constance*), Chronicon*, ed. Pertz, MGH Scriptores 5, Hanover (1844): 451

110 ibidem

111 Somerville, Robert, *Pope Urban II's Council of Piacenza* Oxford University Press (Oct 27, 2011):3

земена во предвид многу сериозно од страна на папата, кој ја ставил во функција на остварување на неговата идеја за Крстоносна војна. Исто така лесно можела да биде интерпретирана како знак на слабост на Источната империја и црква. Исто така, во настаните што следувале постојат сугестии дека папата можеби се надевал дека со испраќање помош тој бил во состојба да ги обедини црквите под негов авторитет; меѓутоа тој никогаш не ја предлага идеата за обединување на црквите во ниту едно од неговите четири познати писма за Првиот крстоносен поход. Вестите за заканата за Византија како и наводната опасност за Ерусалим се прошириле низ Франција по завршувњето на Соборот, а веќе во ноември истата година Урбан II го свикал Соборот во Клермон, каде организацијата на Првиот крстоносен поход била формално прогласена. За улогата која Крстоносците требало да ја имаат во избавувањето на Византија од муслиманската закана зборува и фактот што во верзијата на Фулхер од Шартр за Говорот на Урбан во Клермон, тој воопшто не го споменува Ерусалим, а ја наведува потребата од помош на Византиската империја против муслиманските напади.[112] Фулк од  Шартр, во неговото сумирање на говорот на Урбан II во Клермон, исто така содржи референцаенца за потребата од испраќање  помош на "Грчката империја".[113]

Најголем дел од податоците за Соборот во Пјаченца во западната историографија потекнува од веќе спомнатиот Бернолд од Констанца, а во помала мера и од Екехард од Аура и Гвиберт од Ноген. Во византиските извори не постои ни еден директен податок за пратениците на Алексиј, иако треба да се земе во предвид дека голем дел од византиските извори од тоа време повеќе не постојат, како на пример спомнувањето на Соборот во Пјаченца од страна на византискиот хроничар Теодор Скутариот во XIII век, којшто цитира постари, денес непознати извори. Меѓутоа, постои уште еден документ од XIII век кој му е припишан на Теодор Скутариот, објавен во *Synopsis Chronike* од 1261 година, каде што Алексиј I дирекно се поврзува со иницирањето на Првиот крстоносен поход.[114] Авторот на документот сведочи дека откако Алексиј увидел дека за него било невозможно

---

[112] Fulcher of Chartres: Gesta Francorum Jerusalem Expugnantium, trans in Oliver J. Thatcher, and Edgar Holmes McNeal, eds., A Source Book for Medieval History, New York (1905): 513-17

[113] D. C. Munro, *Did the Emperor Alexius I. Ask for Aid to the Council of Placenza, 1095?*, *The American Historical Review, Vol. 27, No.4 ( Jul., 1922*)

[114] Peter Charanis, *A Greek Source on the Origin of the First Crusade*, Speculum, Vol. 24, No. 1 (Jan., 1949):93-94

сам да ја води борбата со Турците "од којашто зависело се",[115] одлучил дека е потребно да ги земе "Италијаните како сојузници"[116], за што употребил тактика и итрина. Понатаму, авторот наведува дека тој знаел дека тие не можеле да се помират со "доминацијата на Персијците (Турците) над Ерусалим и животодарниот Гроб на Нашиот Спасител Исус Христос"[117], што решил да го искористи за остварување на своите цели. Веднаш потоа, тој продолжува "Со испраќањето на амбасадорите до бискупот на Стариот Рим и до, како што тие ги нарекуваат, кралевите и владетелите на тие територии, и користејќи адекватни аргументи, тој надвладал над не мал број од нив да ја напуштат земјата и успевал на секој начин да ги насочи кон исполнувањето на целта." Според него "Тоа е причината зошто толку многу од нив, илјадници и десетици илјади на број, откако го поминале Јонското море, стигнале до Цариград со сета брзина, и ,откако разменил ветувања и заклетви со нив и заклучил договори, тој (Алексиј) тргнал кон Исток". [118] На крајот авторот додава дека со нивна помош Алексиј успеал да ги истисне Турците од "Римските територии... И да ја врати контролата над истокот до поранешната величественост." Во последната реченица авторот ја пофалува остроумноста на императорот во обмислувањето и успешноста на неговиот план.[119]

*Synopsis Chronike* претставува хроника на историјата на светот и потекнува од 1261 година. Примарните извори на делото се познати; но на одредени места се појавуваат информации кои не се познати на никое друго место, што особено важи за делот кој се однесува на раниот Комнински период. Теодор Скутариот очигледно поседувал пристап до податоци кои сега веќе се изгубени и без сомневање од таков извор ги извлекол и податоците за текстот на овој документ. Овој документ преставува грчки извор кој го потврдува она што го пренесуваат латинските хроничари како Екхард и Бернолд - дека Алексиј неколкупати побарал помош од запад. Дали пратениците кои се спомнуваат во документот, коишто Алексиј ги испратил, биле истите оние од Соборот во Пјаченца не можеме да знаеме со сигурност. Од даденото во него не може со сигурност да се заклучи

[115] Peter Charanis, *A Greek Source on the Origin of the First Crusade*, Speculum, Vol. 24, No. 1 (Jan., 1949):93

[116] Овој, и сите наредни цитати преставуваат дирекни извадоци преведени од авторот од англиската верзија на писмото направена од Питер Каранис - *A Greek Source on the Origin of the First Crusade*, Speculum, Vol. 24, No. 1 (Jan., 1949):93

[117] Ibidem

[118] Peter Charanis, *A Greek Source on the Origin of the First Crusade*, Speculum, Vol. 24, No. 1 (Jan., 1949):93

[119] Ibidem

ни дали се работи за едно или повеќе пратеништва. Она што документот го овозможува, доколку го земеме за автентичен, за разлика од латинските извори на хроничарите како Екхард и Бернолд би била точната намера која Алексиј I Комнин ја имал со неговите апели за помош од Западот. Екхард едноставно наведува дека молбата била направена во името на одбраната на источните цркви, а Бернолд за црквата и империјата.[120] Грчкиот хроничар е поспецифичен, и тој прави разлика меѓу вистинските мотиви и оние кои Алексиј преку неговите пратеници ги преставувал на папата и западните владетели. Според него византискиот император во пораките до западот намерно го преставувал ослободувањето на Ерусалим од власта на неверниците како негова цел, додека вистинскиот мотив бил истерувањето на Селџуците од Мала Азија и враќањето на византиската власт на тие територии. За да ја оствари таа негова цел, Алексиј го искористил расположението кое постоело во Западна Европа, дека владеењето на Турците со Светата земја е незамисливо и не смее да се толерира, кое веројатно добро му било познато од контактите со аџиите од Западна Европа кои минувале преку Цариград, а можеби му било пренесено дирекно од Ерусалимскиот патријарх, Еуфимиј, кој го посетил Цариград во 1083 година.[121] Земајќи ги во предвид овие податоци, византискиот император застанува рамо до рамо со папата Урбан II како иницијатор на Првиот крстоносен поход, иако и двајцата имале различни мотиви. Во секој случај, неговите дејствиа по пристигањето на Крстоносците со сигурност одат во прилог на податоците од документот.

Оваа теорија претставува дијаметрално спортивна од пораспространетата теорија, која е потврдена и од Ана Комнина, дека императорот и Византијците биле наполно изненадени од големиот број Западњаци кои почнале да навлегуваат на визнатиска територија како дел до Првиот крстоносен поход[122]. За нејзиното потврдување потребни се повеќе грчки извори како оној кој е предаден во *Synopsis Chronke*, кои ја потврдуваат тероијата дека не само што Алексиј I Комнин испратил свои пратеништва кон папата и западните владетели, веројатно повеќепати, најважното од кое би било она на Соборот во Пјаченца, да побара помош во борбата против Турците, туку и дека го користел осободувањето на Ерусалим како причина да ги поттикне владетелите од Западна Европа

[120] ibidem
[121] ibidem
[122] Anna Comnena, *The Alexiad... 176*

во остварувањето на неговата намера. Од досегашните проучувања сметам дека е наполно возможно, иако недоволно потврдено во изворите, иницирањето на Првиот крстоносен поход да било и вистинската намера на византискиот император.

# 2. Првиот крстоносен поход и Византија

## 2.1. Походите на Византиските императори во Сирија како претходница на Крстоносните војни

Една од поважните улоги коишто ги играла Византија во Крстоносните војни, а која како таква заслужува внимание е што како единствена христијанска сила во регионот дотогаш, е тоа што нејзините вони конфликти и походи од рановизантискиот период во Сирија и Палестина се гледало како на претходница на Крстоносните војни од страна на хроничарите на Првиот крстоносен поход.[123] Гијом од Тир, кој е најпознат како еден од хроничарите на Првиот крстоносен поход му го посветува своето дело *L'Estoire d'Eracles (Историјата на Ираклиј),* на византискиот император Ираклиј, каде што дава детален опис на освојувањата во Византиско - Персисиките војни во VII век, сметајќи го повторното освојување на "Светата Земја" од страна на Ираклиј како "Прв крстоносен поход". Потоа го предава и освојувањето на истите земји од Арабјаните на чело со калифот Умар и нивното потпаѓање под муслиманска власт. Меѓутоа, иако религијата играла важна улога за време на конфликтот неговите војни современиците не ги гледале како "Свети" и тие претставувале една фаза од геополитичкиот конфлик помеѓу империите на Римјаните и Персијците којшто траел веќе 6 века.[124] Тука се покренува и прашањето за перцепцирањето на поимот "Света војна" кај Византијците и Ларините,

---

[123] William of Tyre, *Chronicon, ed. R. B. C.Huygens,* CCCM63, 63A, 2 vols., Turnout (1986)

[124] *The Crusades from the Perspective of Byzantium and the Muslim World* © 2001 Dumbarton Oaks Trustees for Harvard University Washington, D.C. Printed in the United States of America published by *Dumbarton Oaks Research Library and Collection Washington, D.C.* www.doaks.org/etexts.html *edited by Angeliki E. Laiou and Roy Parviz Mottahedeh: 34*

коешто ќе биде разгледано подолу. Понатаму, следен пат кога Византија се нашла во офанзива на теритиорија на Блискиот Исток било дури 3 века подоцна, со походите на императорите Никифор II Фока (963-969) и Јован Цимискиј (969-976) и делумно на Василиј II (976-1025) кои вратиле голем дел од Сирија и Палестина во рамките на царството, но во споредба со оние од времето на Ираклиј може да се сметаат само за делумно успешни. Меѓутоа, според истиот хроничар, поразот кај Манцикерт бил еднаков на абдикација на Византија од нејзините претензии за превласт во Азија. Од тој момент Латините ги заменуваат Византијците како покровители и заштитници на Светите земји. [125] Авторот, меѓутоа, наполно пропушта да спомене дека, помеѓу завојувањата на Арабјаните од VII век и на Турците во XI век, во X век Византијците успеваат да вратат дел од нивните владенија на Блискиот исток. Пренебрегнувањето на тој факт ќе им создаде сериозни проблеми на Крстоносците и нивните наследници - Франко-сириските принцови од XII век. Имено, дури и во годините на најголемата криза во Византија во двете децении по владеењето на Ираклиј, Византијците не престануваат да војуваат со Арабјаните коишто стигнуваат до границите на Кападокија. Во почетокот на X век, етничките, политички и религиозни противречности ја намалуваат моќта на Арабјаните. Во исто време, во Константинопол, на власт се утврдува Македонската династија, којашто воглавном врз принципот на доведување на тронот на плејада од надарени војсководци, повеќето од коишто произлегувале од анадолските теми, ќе отпочне со враќање на византиската моќ.

Византискиот поход за завојување на древните римски провинции од Арабјаните почнува за време на владеењето на третиот император од Макдонската династија Константин VII Профирогенит (913-959). Во тој период државата на Абасидите е разделена меѓу Буидите во Багдад, Хамданидите во Мосул и Алепо и Ихшидите во Египет и Дамаск. Византиските војски, од 927 до 929 година, под водство на ерменскиот генерал Јован Гурген, го превземаат Теодосипол, и ги приндуваат арапските владетели на Малатија, Амида и Мартиропол да плаќаат данок на империјата. Во 934 година истиот генерал го задушува бунтот во Малатија, уништуајќи го градот и ја анексира неговата

---

[125] *Грусе, Рене, История на кръстоносните походи и Иерусалимското кралство, том I, превод Владимир Владов, Васил Стоев, София 2010; 16*

територија. Во 941/2 година Византијците го осцојуваат Мартиропол и се приближуваат кон владенијата на емирот на Едеса.[126] Следната фаза од византиско-арапските војни почнува со огормната византиска операција предводена од генералот Никифор Фока, кој во 961 го зазема Крит од Арабјаните, по што следувала молскавична кампања против емирот на Алепо, кој бил наполно поразен и Византиските војници влегуваат во самиот град и го пљачкаат. во 963 година тој се искачува на византискиот престол и почнува подготовка за нов поход на Блискиот исток. Императорот дури му испраќа манифест на Багдадскиот емир, објавувајќи ги своите намери за превземање на цела Сирија и победнички поход на Мека и Ерусалим. [127] Во овој манифест јасно се гледа сличноста реториката користена од Крстоносците, и според Рене Грусе слободно може да се смета дека го одбележува почетокот на Крстоносната епоха[128] цели 130 години пред соборот во Клермон. Повиците за џихад во муслиманскиот свет не го даваат очекуваниот резултат. Разединетоста во исламот го парализира обединувањето на неговите сили, ситуација којашто ќе се задржи до XII век и која ги објаснува успесите како на Крстоносците така и на Византијците во X век. Никифор Фока го довршува преземањето на Киликија од Хамданидите со освојувањето на Мамистра и Тарс, и Кипар во 964-5 година. Арапското население е прогонето од Киликија и областа посепено е населена со христијанско население. Потомците на овие доселенци ќе го олеснат успехот на Крстоносците од Првиот крстоносен поход при нивното поминување низ Киликија. Во 966 година византискиот император навлегува во срцето на хамданидските владенија се до Нисиб. Во почетокот на 967 година умира Саиф-ад Давла, владетелот на Алепо, и неговиот наследник не е во состојба успешно да се спротистави на Никифор Фока кој во 968 година презвзема нов поход во Сирија, повторно ги поразува Хамданидите кај Алепо и ги зазема и уништува Шаизар, Хама и Хомс, прогонувајќи го арапското население. Понатаму Византијците ја опустшуваат долината на Оронт и стигнуваат се до Триполи, разорувајќи ја околината на Триполи и претворајќи го владетелот на Лаодикеја во свој вазал. Оставајќи во Сирија дел од армијата со задача да ја блокираат Антиохија, имепраторот се враќа во Константинопол со сто илјади пленици. Во меѓуврме Саад-ал Давла, хамданидскиот емир на Алепо е прогонет од својата престолнина од неговиот генерал

---

[126] Грусе, Рене, *История* ... 26

[127] Шљумберж, *Nichephore Phokas, 427-430*

[128] Грусе, Рене, *История* ... 27

Каргуја. Михаил Вурца, еден од византиските генерали оставени во Сирија го искористува конфликтот меѓу узурпаторот и емирот и со помош на локалното христијанско население, од ерменско потекло, кое редовно го извества за ситуацијата во градот, ноќта на 29 октомври, на чело на еден елитен одред  навлегува во тврдината. Гарнизонот бргу се созема од изненадниот напад но во клучниот момент другиот византиски генрал, Петар Фока пристигнува со засилувања. Градот е завземен на 1 ноември 969 година од страна на Византијците, на идентичен начин како и од Крстоносците во Првиот крстоносен поход. Муслиманското население е прогонето и во Антиохија се населуват христијани од различни делови а Сирија. [129]

До 1084 година, Антиохија ќе биде главен столб на имеријата во тој регион. Нејзината 14-годишна окупација од Селџуците е без значајни последици. Во практика може да се види дека од визнтиска преспектива, Крстоносците го преземаат владеењето со Антиохија непосредно по Византијците. Овој факт ќе им послужи на Комнините, наследниците на Макдонската династија од X век, да изјават претензии за сопственоста над градот низ целиот период на латинската окупација по Првиот крстоносен поход. По падот на Анитохија, Византијците се замешуваат во конфликтот меѓу Саад-ал Давла и Каргуја и му наметнуваат вазалство на Алепо во почетокот на 970 година. Така, до крајот на владеењето на Никифор Фока цела Северна Сирија е покорена од византискиот император.

Во меѓувреме настапуваат промени во исламскиот свет. ВО 969 година, династијата на Фатемидите од Тунис со шиитска вероисповед го презема Египет од Ихшидите, и формира калифат којшто бил спротиставен на ортодоксниот калифат на Абасидите во Багдад. Оваа поделба во исламот која ќе трае се до 1171 година. Ефектот од оваа шизма во исламскиот свет ќе биде искористена од Крстоносците во Првиот крстоносен поход, меѓутоа во тој момент воспоставувањето на младата Фатимидска династија ќе стави преграда во понатамошното настапување на Византијците во Светата земја.

---

[129]Грусе, Рене, *Историја ...* 27

Јован I Цимиски го наследува Никифор Фока на византискиот престол во 969 година, наследувајќи ја ваквата неблагопријатна ситуација за Византија на територијата на Блискиот Исток. За негова среќа и Фатемидите се среќаваат со потешкотии во воспоставувањето на својата власт во Сирија. [130] Првиот негов поход во Азија во 974 година бил насочен кон Ерменија, при што тој обезбедува сојуз со Ерменскиот владетел обединувајќи ги двете најголеми христијански сили во регионот. Во есента истата година императорот се насочува кон Месопотамија, заземајќи ги градовите Мартиропол, Амида и Нисиб и опустошувајќи ги околните земји. Во 975 година тој превзема нов поход од Антиохија по долината на Оронт, покорувајќи ги Хомс и Баалбек. Карактеристично е што императорот го прифаќа предавањето на непријателските градови доколку тие прифатиле да му плаќаат данок. Таков бил случајот и со Дамаск, чијшто независен владетел, турчинот Афтекин се признава себе си за вазал на императорот, задржувајќи ја власта над градот, а притоа примајќи и доста подароци од византиксиот цар. Од Дамаск бројната византиска армија се спушта кон Галилеја. Тиверијада и околните места доброволно му се предаваат на Цимиски, но Византијците наидуваат на отпор од Фатимидските гарнизони и не успеваат да го продолжат походот јужно од  Бетсан. Императорот се насочува кон Феникискиот брег, покорувајќи ги Акра, Кесарија и Библос. Единствено Триполи успешно му се противвставил, благодарение на добрата одбрамбена позиција на полуостровот ал Мина. Повеќе од еден век подоцна, Крстоносците ќе поминат десет години во опсадата на истиот. Цимиски го завршува походот враќајќи се во Антиохија, при што ги превзема крајбрежните градови Балане и Џабала, и двете важни тврдини Сахион и Барзуја расположени источно од Латакија.

Овој поход заслужува вниманиие бидејќи во историската наука честопати е карактеризиран како "Византиски" крстоносен поход.[131] Целта и идејата од коишто биле водени Византијците била многу блиска до онаа на Кртоносците од Првиот крстоносен поход, за што ни сведочи и самиот византиски император во своите писма до неговиот сојузник - ерменскиот владетел Ашот III: " Додека се одмаравме (Во близина на планината Таур), луѓе од Ерусалим дојдоа кај нас, за да ни се покорат и да не молат за милост...

[130] за осамостојувањето на турскиот наемник Афтекин во Дамаск, ibid.

[131] Грусе, Рене*, История ...* 27

Нашата желба беше да го ослободиме Гробот Господов од осквернавувањето на муслиманите... ако проколнатите африканци не беа укрепени во крајбрежните тврдини, со Божја помош ние ќе отидевме во светиот град Ерусалим да се помолиме во светиот храм."[132] Внимание заслужува и последниот дел од извадокот; целта на византискиот император е да се помоли на Божјиот гроб, слично на Крстоносците кои себе се гледале како аџии, кои одат да се поклонат на Светиот гроб. Сепак, токму поради тоа што не успеал во таа намера, походот на Јован Цимиски најверојатно бил занемарен од Гијом од Тир и останатите крстоносни хроничари, на сметка на оној на Ираклиј од VIII век. Неуспехот на Византијците да го завладеат Ерусалим, како и Триполи, ќе има и сериозни правни последици за нив. Претензиите на Византија на Антиохија и Едеса[133] ќе бидат признаени за основани од Крстоносците, во однос на Ерусалим и Триполи ќе бидат наполно отфрлени. Во крајна сметка придобивките на Византијците се само делумни. "Крстоносниот поход" на Јован Цимиски никогаш не е повторен. Неговиот наследник Василиј II, е зафатен со внатрешните борби во Византија и Војните на Балканот со Самуил, па се задоволува со утврдувањето на власта во Антиохија, одржувајќи го протекторатот над емиратот во Алепо, којшто во наредните години постојано е под напад од Фатимидските војски.

Во септември 995 година Василиј превзема поход и ги принудува Фатемидите на отстапување од опсадата на Алепо. Тој го зазема Шаизар, Хомс, Тортоса и неколку поважни тврдини во околината и се враќа во Цариград. По неговото повлекување, Фатемидите преминуваат во контранапад и ги поразуваат Византијците кај Апамеја. Василиј II одговара на овој пораз со нова офанзива во 999 година, поворно превземајќи го Шаизар, каде што населува Ерменски колонисти. Освојувајќи ги Хомс и Баалбек, се насочува кон Феникискит брег, но претрпува неуспех во нападите на Бејрут, Џебел и Триполи. Ова бил последниот важен византиски поход на оваа територија се до Првиот крстоносен поход. Во 1001 година е склучен договор меѓу Василиј II и фатимидскиот калиф ал Хаким, којшто го утврдил распределувањето на територијата помеѓу овие две

[132] Матеј од Едеса, Chronique de Matthieu de Edesse, Recuiel de Historiens de Croisides, Documents armeniens, I, 13-20

[133] којашто е освоена во 1031 година и ќе остане под номинална власт на Византија се до 1087 година-бел.ав.

најголеми сили во регионот. Власта на Византија била ограничена над Антиохија и чисто формалниот протекторат над емиратот Алепо. Останатиот дел од Сирија останува во власта на Фатемидските калифи од Египет. Дури и превземањето на протекторатот над Алепо од страна на Фатемидите не предизвикува никаква реакција од византиска страна. Станува јасно дека и покрај прогоните над христијаните во Светите места[134], Василиј II се откажал од идејата за "Крстоносен поход" кон Ерусалим на неговите претходници Никифор Фока и Јован Цимиски. Во 1030 година, византискиот управник на Смосата, Георги Маниакис, преземајќи еден смел поход го изненадува арапскиот[135] гарнизон во Едеса и со мал одред, но со помош на локалното христијанско население, составено од сиријци-монофизити, несторијанци и Ерменци го превзема градот. Мирдрасидите од Алепо и фатимидските управници од Сирија ги обединуваат своите сили за да го вратат градот. Малубројниот византиски гранизон успешно им се спротиставува и во критичниот момент пристигнуваат византиските засилувања. Освојувањето на Едеса е од не помала вредност од она на Антиохија. Ваквата ситуација ќе остане скоро непроменета до доаѓањето на Селџуците и ќе претставува основа за византиските претензии над латинските држави на тие територии.

## 2.2. Улогата на религијата во односите меѓу двете страни

Религијата имала секогаш главна улога кога зборуваме за односите меѓу Западна Европа и Византија. Разгледувањето на византиските религиозни текстови во кои дискутираат за Западна Европа доведува до заклучок дека секогаш биле акцентирани различни проблеми во зависност од периодот во кој биле пишувани. Тоа вооопшто не треба да биде зачудувачко со оглед на тоа што културолошкиот расцеп меѓу Византискиот исток и Латинскиот запад; начинот и степенот на контакт меѓу Византијците и Латините; економската и воената моќ и софистицираноста на двете култури - сите овие нешта се промениле неизмерно во текот на милениумот на постоењето на Византиската империја. Токму затоа не може да се помириме со претпоставката дека несогласувањето околу

[134] Грусе, Рене, *История* ... 38
[135] Алепо и Едеса во тоа време се наоѓаат под власта на независната династија на Мирдрасидите, заб.ав.

Filoque секогаш играло централна улога во несогласувањата помеѓу двете цркви. Понатаму, кога се стават во историскиот контекст во кој биле создадени, религиозните полемики многу помалку биле поврзани со експлицитните мети на полемичарот, Латините, отколку со самиот полемичар и неговио свет. Религиозниот проблем станува главна тема во византиската теолошка литература само тогаш кога ќе стане актуелен во сферата на Византиското православие. Ваквиот однос ги трга Латините од центарот на сликата и открива до која мера дебатите кои експлицитно биле за Латините, всушност имплицитно биле за самите Византијци. Во самата империја преговорите и дебатите за тоа како да се одредат разликите помеѓу "нас" и "нив" не биле новост уште од VII век. Ако се вратиме поназад, тоа не е ништо непознато и за хрисијанството уште од неговите зачетоци како религија. Хриситјаните се одделувале од другите групи, раликувајќи се како "следбеници на Исус" од "Евреите"; "Православни" од Аријаните, Несторијанците и Монофизитите; праведни и православни обожувачи на икони од еретичните иконокластичари. Притоа, ниеден од овие разликувачки поими не биле воспоствени за еден ден, или дури за една декада или век. За сите било потребно време кое влкучувало многу дебати и предизвикало многу жртви. Истото важи и за периодот на Крстоносните војни, кога станало важно да се етикетираат Христијаните во империјата од Латините од западна Европа. И ваквата дистинкција не дошла лесно и брзо и била предмет на дискусија со векови.

Почнувајќи од IX век, со т.н. "Шизма на Фотиј" ќе почне еден период на отворени конфликти меѓу источната и западната црква во различни форми се до доцниот Среден век. Во доцниот IX век сеуште биле свежи последиците од иконоборството и несогласувањата околу овој проблем ќе ги обележат сите други црковни судири од тој период, вклучувајќи ја и онаа на патријархот Фотиј со Рим. Освен иконоборството, Фотиј бил вклучен и во пишувањата за други "еретици": Павликијани, Ерменци, Муслимани, Богомили, Монофизицисти и други. [136] Така, црковните несогласувања со Рим биле само едни од многуте во Византија во IX век. Претходникот на Фотиј, Игнатиј, ги имал истите

[136] H.-G. Beck, *Kirche und theologische Literatur im byzantinischen Reich,* Munich (1959): 520–30

проблеми со Рим за време на неговиот патријархат (847-858).[137] Во контроверзијата околу легитимноста на депозицијата на Игнатиј и издигањето на Фотиј на патријаршискиот престол и двете страни апелирале кон папата. Признавањето на јурисдикцијата на Рим е карактеристична за овој период во Византија, додека сеуште било општоприфатено дека папите го имаат авторитетот на први помеѓу еднаквите, којшто според Византијците ќе го изгубат кога ќе западнат во ерес.[138] Од друга страна Фотиј и некои од неговите современици биле и меѓу првите кои отворено се противеле на доктрината на Filoque, како и на други латински "заблуди"[139], што веројатно доаѓа како реакција на претпочитањето на Игнатиј од страна на папата. Освен тоа веќе постоеле судири меѓу византиските и римските мисионери на територијата на Бугарија. Сепак, анти-латинските аргументи од текстовите на Фотиј оставиле мал впечаток. Неговите аргументи околу овие проблеми не биле прифатени и малкумина ги земале во предвид до крајот на XIII век кога Filoque ќе стане централен во Византиската полемика од други причини. Фотиј и други после него го манифестираат калсичниот византиски став од тоа време кон Западноевропските "варвари". Фотиј тврди дека папата Лав III ги терал римските христијани да го користат Грчкиот во литургијата бидејќи латинскиот бил толку инфериорен што често ја искривувал доктрината.[140] Фотиј ги припишувал повеќето од грешките на Латините на незнаењето и недостаток од образование. Речникот кој тој го користи сепак не е сличен со острите полемики од подоцнежниот период. Тој во описот на Латините ќе ја користи класичната терминологија за одликите на еретиците: ароганција, избрзаност, склононост кон навреда, необузданост, горделивост.[141] Кога со овие епитети Фотиј ги опишува Франкските мисионери во Бугарија, тој не коментира за етничките или расни карактеристики на Западњаците, тој едноставно ги опишува еретиците. Тука треба да се земе во предвид и силната мисионерска улога која ја превзема Римската црква, улога во којашто Цариградската црква генерално гледано, освен во Кавказките области долго заостанувала зад неа. Сето тоа почнало да се менува со појавата на неколку важни мисионери, од кои најпознати биле Св. Кирил и Методиј, кои ќе почнат со конверзација на

[137] F. Dvornik*, The Photian Schism: History and Legend,* Cambridge (1948): 6

[138] F. Dvornik, *Byzantium and the Roman Primacy,* trans. E. A. Quain, New York (1966): 159–62

[139] Photius*, Epistulae et Amphilochia,* ed. B. Laourdas and L. G. Westerink, Leipzig (1988): 43

[140] Photios, trans. J. P. Farrell*: The Mystagogy of the Holy Spirit,* Brookline, (1987): 103

[141] Photios, trans. J. P. Farrell*: The Mystagogy of the Holy Spirit,* Brookline, (1987): 59, 66-68, 80

Словените на Балканот во времето на доцниот IX век и овој тренд ќе продолжи во X и XI век и ќе биде крунисан со покрстувањето на Киевските Руси во крајот на X век.

Кон крајот на 1053 година, цариградскиот патријарх Михаил Керулариј праќа писмо до бискупот Јован од Трани, во кое критикува одредени литургиски практики на Латинската црква, во прв ред користењето на бесквасниот леб во евхаристијата и побарал од бискупот да му ги пренесе неговите гледишта на тогашниот папа Лав IX. Во својот одговор папата се повикува на приматот на Рим меѓу другите цркви и одбивајќи било каква сугестија од според него "инфериорниот" цариградски патријарх и испраќа делегација од папски легати на чело со кардиналот Хумберт од Силва Кандида во Цариград со порака во која бара да му биде признаен приматот меѓу црквите. Патријархот и императорот ќе одбијат да влезат во преговори со папските пратеници и на 16 јули 1054 година легатите, на чело со Хумберт закачуваат анатема на цариградската патријаршија во црквата Света Софија екскомуницирајќи го птаријархот Керулариј и прогласувајќи ја црквата за еретичка. На 20 јули, патријархот го свикува Синодот на Цариградската патријаршија и прогласува антема на папските легати. Папата Лав IX не бил жив кога ова меѓусебно анатемизирање се случило, а неговиот наследник не преземал ништо за да ги поправи односите со цариградскиот патријарх. Другите источни цркви биле информирани за одлуката на Цариградскиот синод и ја прифатиле. Така, 1054 година се зема за моментот кога Западната црква конечно се одделила од другите апостолски цркви. Антилатинската реторика во Цариград ќе заживее повторно од 1054 година и со помал или поголем интензитет ќе трае се до пропаста на Византија. Тонот на аргументите овојпат е малку полош од времето на Фотиј, но не е ни одблиску толку непријателски како што обично се претпоставува. Општата претпоставка за настаните се базира само на сведоштвата напишани од главните протагонисти од двете страни, кардиналот Хумберт од Силва Кандида и византискиот патријарх Михаил Керулариј. Голем дел од текстовите од истиот период се протиставуваат на гледиштатата воспоставени од нив двајца. Во нив, византиските автори сеуште симпатизирале со Западноевропските браќа. Патријархот Петар од Антиохија и Лав од Охрид се претпоставуваат дека Латините отстапиле од вистинскиот пат поради незнаење и дека ако бидат поправени од поучените, помудри

источни браќа, тие ќе се вратат на вистинскиот пат. [142] Латините биле варвари, незапознаени со доктрината. Супериорните православни христијани требало да бидат стрпливи со нив. Византиските диспутанти, исто така, најчесто ги лимитирале нивните инструкции само на дел од Западната црква, сметајќи дека не целата западнала во грешка. Самиот Керулариј, на пример, иако е неконсистентен во поглед на оваа точка, обично инсистира дека папата не ја носи вината за грешките на римската црква, или за неговиот конфликт со Хумберт. Тој правел разлика меѓу папата, со кој сакал сојузништво и "Франките", вклучувајќи го неговиот непријател и византиски управник на јужна Италија, Ломбардот Аргир. Синодот на Керулариј од 1054 не го осудувал папата или Западњаците генрално, а тврдел дека Хумберт и останатите легати биле нелегитимни и noселе лажни писма чија содржина била сменета од Аргир. [143] Петар од Антиохија исто така ги бранел западноевропските хриситјани базирјаќи ги своите аргументи на неговото лично познавање на нивните обичаи и инсистирал дека ако некои од нив го кршеле канонот, тоа го правеле без заење на папата.[144] Зад овој коментар, и од фундаментално значење за разбирање на настаните од 1054 е разбирањето за кое веќе некое време биле свесни и Византијците, а тоа е дека Западот не бил монолитен. Петар од Антиохија, Лав од Охрид и Михаил Керулариј не живееле во свет каде поделбата меѓу истокот и западот била чиста и есенцијална. Наместо тој биполарен свет- Рим наспроти Цариград, којшто доминира во модерните сведоштва од 1054, амаме различни групи, со различни интереси, инволвирани во еклесијастичките преговори и расправи. Само во Италија протагонистите на овие настани биле олицетворени во папата, германскиот император, Норманите од Јужна Италија, Ломбардите и локалното Италијанско население, од кое голем дел сеуште себе си се сметале за поданици на цариградскиот император. Во даден момент оваа комплексна слика била отелотворена во една индивидуа: Аргир, којшто Керулариј го обвинува за целото фијаско, бил Ломбард со римокатоличка исповед. Тој имал живеено во Цариград и во 1054 бил византиски царски управител во Јужна италија.

Друг пример за овој мултилатерален свет претставуваат примачите до кои биле адресирани два од најраните и најважни текстови в врска со бесквасниот леб: Доминик од

[142] Jean Darrouzès, *Document inedits d'ecclesiologie Byzantine,* Paris (1966): 120
[143] ibid.
[144] ibid.

Градо и Јован од Трани. Свесни за етничкиот и религиозен диверзитет на Западна Европа, авторите на византиските религиози текстови од XI век византиските духовни автори не се впуштале во генерализирање и етикетирање кое ќе ја карактеризира анти-латинската полемика од подоцнежните периоди. За нив, за разлика од современите историчари, Западњаците не биле варварски "Франки" или "Келти". Обично тие биле нарекувани "Римјани", дури и кога не се согласувале со нив.[145] Кога и да се појавеле племенски називи во нивните текстови обично се работа за она што ние би го нарекле секуларен контекст. Керулариј, на пример, пишувал за желбата за формирање сојуз со папата против "Франките", под што подразбирал "Нормани".[146] Едноставно гледано, Византијцтте од тој период сеуште не создале свет во кој "Латините" од Запад биле монолитна група која може да се смета за закана. Керулариј бил единствениот кој имплицирал дека Западната црква како целост била во состојба на шизма. Иако тој обично нагласува дека нема ништо против папата, а дека неговата кавга била со "лажните" пратеницији нивните "фалсификувани документи". Идеата дека папите биле еретици и биле во грешка со векови сеуште не била целосно распространета во 1054 година. Во поглед на ефектот што настаните од 1054 година го имале врз народните маси, често е цитиран фактот дека Керулариј ги поттикнал обичните граѓани да се приклучат на неговиот конфликт со императорот и папските пратеници и дека добил силна поддршка од нив бидејќи жителите на престолнината чувствувале ксенофобична омраза кон Западњаците. [147] Меѓутоа доказите за анти-Латинското расположение од тој период се ретки. Патријархот навистина успеал да ги разбранува народните маси во неколку прилики, но бесот на народот изгледа дека имал друга основа:  незадоволството од владеењето на тогашниот император Константин IX Мономах, и генералната состојба на нестабилност во Византија. Накратко, може да се заклучи дека настаните од 1054 година на краток рок имале незначителен ефект и не им се придавало големо внимание во рамките на империјата. Првата позната референца за "Шизмата" помеѓу Керулариј и Хумберт датира од раниот XII век.[148] Како во времето на Фотиј, конфликтот бил повеќе иднивидуален отколку општ - кардиналот Хумберт против патријархот Керулариј, а не Рим против Цариград. Многу од одликите на

[145] Jean Darrouzès, *Document inedits d'ecclesiologie Byzantine,* Paris (1966): 120
[146] ibid.
[147] Ostrogorsky, *History of the Byzantine State*, New Brunswick (1969): 297
[148] A. Michel, *Humbert und Kerullarios, Studien,* vol. 1, Paderborn (1924), 30–33.

подоцнежните односи меѓу Византија и Латините сеуште не биле евидентни. Перцепцијата на Западна Европа како единствена и како закана; вознемиреност поради латинската теолошка софистикација; народната антипатија - сите овие ќе се појават подоцна.

Од средината на XI век најекспониран станува спорот, кој патем не бил познат од времето на Фотиј, околу употребата на бесквасен леб во евхаристијата што станало практика во Римската црква. Причините за ова се исто така последица на општите византиски односи со западот од дадениот период. XI век претставувал еден од оние периоди во византиската историја, кога, како и во VI век и во времето на иконоборството се создала дилема за тоа кој имал право да го дефинира "ортодоксното" од "римското". Причината за оваа дилема индирекно лежела во успехот на византиските војски кои вратиле делови од Мала Азија и Месопотамија во границите на империјата, но уште поважно, го вратиле византиското присуство во Јужна Италија. Овие победи донеле голем број на население во империјата кое било надвор од нејзините граници повеќе од еден век. Овие групи на население се сметале себе си за ортодоксни, апостолски христијани, но теолозите во византиската престолнина имале тенденција да етикетираат дел од нив како еретици. Најважен од сите за еволуцијата на византиската религиозна перцепција на Латините, три од овие групи биле причина за покревањето на прашањето за бесквасниот леб. Ерменците биле меѓу најважните. Ерменија се наоѓала под муслиманска власт се до IX век. Со слабеењето на власта на Абасидите, за Ерменците следел период на независност  кој завршил со нивното анексирање од страна на Византија во почетокот на XI век и претворањето на Ерменија во темата Иберија. На почетокот, императорите биле толерантни окол религиозните разлики на Ерменија и Ерменците. Бидејќи Никифор II Фока и Јован I Цимиски (969-976) сакал да ги насели напуштените источни региони на Мала Азија им пружале добредојде на Ерменските благороднички фамилии кои мигрирале во Кападокија и југоисточна Мала Азија. Овие Ерменци заедно со себе ја донеле и нивната еклесијастичка хиерархија во империјата. [149] Ваквата толеранција траела се до паѓањето на последната независно Ерменско кралство под византиска власт во 1045 година. Набргу по военото покорување, императорот Константин IX Мономах отпочнува

---

[149] G. De´de´yan, *L'immigration arme´nienne en Cappadoce au XIe siecle* (1975): 41–116

и со "духовно" покорување на Ерменците и уништување на ерменскиот монофизитизам (според нив). За таа цел, во 1048 година Петар I, католикот на Ерменската црква бил повикан во Цариград. Така, Во декадата пред познатите настани од 1054 година, групата од анти-Халекдонски Ерменски христијани кои практикувале користење на бесквасен леб дебатирале со халкедонските, Византијци. Оваа религиозна дебата имала негативен ефект во контактите со Латините, бидејќи кога Византијците откриле дека и Латините користеле бесквасен леб, изгледа дека биле премногу преокупирани со полемиките со Ерменците и Евреите за прописно да ја проценат позицијата на римската црква.[150] Во серијата од кампањи од X век и Сирија и нејзиниот центар Антиохија, град кој бил ривал на Константинопол во однос на еклесијастичкото предимство, биле реинтегрирана во империјата. [151] И исто како во случајот со Ерменија, царската толеранција за Сириските монофизити завршила со смртта на Василиј II (976-1025). Во 1029 година Антиохискиот нехалкедонски патријарх Јован VIII Бар Абдун бил повикан во Цариград и откако му била пружана шанса да ги изнесе своите ставови бил осуден, екскомунициран и прогонет од страна на цариградскиот синод. Во меѓувреме, Евреите, кои имаат најдолга историја во оспорувањето на христијанскиот идентитет биле исто така присутни во империјата. Нивниот број во Византија бил зголемен со враќањето на областите во Јужна Италија под царската контрола во IX век и големите еврејски заедници во градовите како што биле Бари и Ориа.[152] По спорадичните прогонувања од истиот век, била обновена царката толеранција на Евреите што охрабрило многумина да мигрираат од истокот во внатрешноста на империјата, особено во Цариград. [153] Во годините пред спорот меѓу кардиналот Умберт и патријархот Керуларij во 1054, Евреите исто така го привлекувале вниманието на царската власт претежно на негативен начин. Во 1042 година, заедно со Ерменците и другите "странци" учествувале во немирите во обидот за симнувањето од престолот на царицитe Зоја и Теодора.[154] Потоа во 1051 година Евреите од Бари кренале бунт, на што христијанското население одговорило со палењето на еврејскиот кварт во градот.[155] Во однос на религиозните спорови, Византијците  го поврзувале бесквасниот

---

[150] John H. Erickson, *Leavened and Unleavened: Some Theological Implications of the Schism of 1054*, (1970): 156–58

[151] **2.1. Походите на Византиските императори во Сирија како претходница на Крстоносните војни:** 27-28

[152] A. Sharf, *Byzantine Jewry from Justinian to the Fourth Crusade,* London (1971): 2

[153] A. Sharf, *Byzantine Jewry from Justinian to the Fourth Crusade,* London (1971): 107–16

[154] Ibid... 112–113

[155] Ibid... 116–117

леб со Еврејскиото празнување на Пасхата. Аргументот на византиските полемичари бил дека користењето на бесквасниот леб само по себе претставувало "евреизирачка" практика која индицирала недостаток на признание дека Новиот Завет во сите сфери го заменувал Стариот. [156] Иако ваквите аргументи не биле прифатени од современите Евреи, Ерменци и Латини, станале длабоко вкоренети во сфаќањата на дел од Византијците.

Заклучуваме дека раниот XI век во Визатнија бил период на дебата за православниот идентитет, поточно за тоа кој требало да биде исклучен од категоријата на "православието". Во таа дебата, бесквасниот леб бил користен како симболот кој ги разликувал неправославните од православните. Кога некои од истите тие луѓе кои ги обележале Ерменците како еретици поради таа причина, станале свесни дека Латините исто така употребувале бесквасен леб во литургијата заклучиле дека латините, исто така се еретици. Но, не сите византиски црковни лица се согласувале со таквата поделба. Така, писмото на Лав од Охрид против користењето на бесквасниот леб, кое обично се зема како предвесник на конфликтот меѓу патријархот Керулариј и кардиналот Хумберт всушност не било директно адресирано до папата и неговиот кардинал, а до Јован, бискупот на Трани, кој бил познаник на Лав, а Трани во тоа време се наоѓал под византиска власт. лав му пишувал бидјќи разбрал дека овој, инаку православен бискуп, почнал да го прифаќа бесквасниот леб во неговата црква.[157] Исто така, Лав е претставник на црковните лица кои сметаат дека ниеден обичај не е доволно важен за да ги подели црквите освен ако не е контрадикторен со догмата и не се согласува со тврдењето дека Латините прават неопростиви гревови со користењето на бесквасен леб во литургијата.

Сепак во времето на Првиот крстоносен поход, користењето на бесквасниот леб сеуште претставувал главна причина за поделбата меѓу истокот и западот. Антиохискиот патријарх Јован IV (1089-1098) по освојувањето на Антиохија од Крстоносците останал во Антиохија каде што раководел со грчкото и латинското свештенство, но набргу дошол во судир со латинските власти и побегнал во Цариград, а набргу абдицирал. Околу 1112 година напишал трактат каде го наведува бесквасниот леб како најголеама грешка на

[156] Ibid... 165-169
[157] B. Leib, *Deux ine´dits byzantins sur les azymes au de´but du XIIe sie`cle,* Rome (1924): 245;

Латините и главна причина за поделбата меѓу Латините и Византијците во религозна смисла.[158] Никета Сеидеј од првата половина на XII век набројува XII латински религиски грешки но инсистира дека само три се навистина важни: процесијата на светиот дух, бесквасниот леб и неословувањето на Марија како Теотокос. Меѓутоа во неговото дело се провлекува и еден друг поважен проблем, имено несогласувањата околу приматот на Римската црква. [159] Иако тој го почнува делото со пишувајќи дека неговата главна тема ќе бидат наведените три доктринални латински "грешки", скоро низ целата содржина тој се занимава со побивање на тврдењата на папските легати дека Рим е мајката на сите цркви.[160] Тој тврди дека ако Рим и навистина е мајката на сите цркви заслужува да биде следена само доколку е верна на Бог. Неговиот пример за тоа како Римската црква не е верна на Бог е токму бесквасниот леб. [161] Теодор Смирнаиј, современик на Сеидеј, исто така се занимава со проблемот на приматот на Римската црква од две причини. Прво, како одговор на отворените папски претнезии, искажани во писмото на папата Паскал II (1099-1118) до Алексиј I каде индицира дека прифаќањето на приматот на Рим во се, па и во прашањата за докртината, е преревизитно за еклесијастичен мир. [162] Сеидеј, Смирнаиј како и други нивни современици биле одредени од императорот да ги одбијат папските аспирации од таков вид. Втората причина за обновениот византиски интерес околу прашањето за папскиот примат се должи токму на Првиот крстоносен поход. По заземањето на Антиохија и Ерусалим, Крстоносците поставуваат Латински патријарси во двете патријархални седишта. Овие патријарси во најмала рака барем номинално биле потчинети на папата, а доста често и директно биле поставувани од самиот поглавар на Римската црква. И пред Првиот крстоносен поход цариградските власти не биле позитивно настроени кон независноста на другите источни патријарси и често, во зависност од византиската политичка и воена моќ, се мешале во нивните патријархати и природно веднаш се противставиле на обидите на Рим да ги контролира истите. Исто така, и проблемот на Filoque повторно се јавува во почетокот Комнинскиот период. Иако бил

[159] Jean Darrouzès, *Document inedits d'ecclesiologie Byzantine,* Paris (1966)
[160] Jean Darrouzès, *Document inedits d'ecclesiologie Byzantine,* Paris (1966): 55
[161] ibid.
[162] Jean Darrouzès, *Document inedits d'ecclesiologie Byzantine,* Paris (1966): 51-54, 57

само од површно значење во несогласувањата околу бескваснот леб во 1054 година, кон крајот на векот Теофилакт од Охрид и други црковни лица се навраќаат на проблемот на Filoque како во времето на Фотиј сметајќи го за навистина голема латинска грешка. Како заклучок, од византиска гледна точка во периодот пред и за време на Првиот крстоносен поход во одосите со западот постоеле истите религиозни несогласувања од 1054 година, особено прашањето на бескваснот леб. Најважно од се, Византијците полека почнуваат да стануваат свесни за неможноста за било каков компромис или дури дискусија со Латините доколку овие не биле подготвени да се откажат од идеата дека папата може да прави се сам, без одобрување од останатите патријарси.

### 2.2. Хронолошки преглед на текот на Првиот Крстоносоен поход (1095 - 1099)

Првиот крстоносен поход официјално бил прогласен на 27 ноември 1095 година од страна на папата Урбан II на Соборот во Клермон. На него се одзвале огромен број на луѓе, како благородници така и обиичен народ главно од територијата на денешна Франција. Тие тргнале во неколку групи и преку Царгирад и Мала Азија успеале да ги освојат Антиохија (јуни, 1098) и Ерусалм (јули, 1099), проследени со огромно крвопролевање. Во 1101 година бил свикан нов поход за засилување на заземените територии, чии учесници биле главно дезертерите од Првиот поход. Овој, познат како Крстносниот поход од 1101 година завршил катастрофално со скоро комплетото масакрирање на неговите учесници во битките со Селџуците кај Мерсиван и Хераклеја Кибистра во Мала Азија. Неговото значење било минимално и затоа нема да биде детално разгледуван во ова дело.

Во продолжение следува краток хронолошки преглед на поважните настани во Првиот крстоносен поход, од неговото свикување (1095 г.) до заземањето на Ерусалим (1099 г.):

- *18 ноември 1095* папата Урбан II го отвора Соборот во Клермон;

- *27 ноември 1095* Урбан II го одржува познатиот говор каде повикува на поход кон Гробот Божји, што се зема како почеток на Првиот крстоносен поход;

- *декември 1095* Адемар од Пуј, бискупот од Монтеј е избран од папата за папски легат на крстоносната војска. И покрај спорот меѓу секуларните водачи за тоа кој има предимство, папата секогаш ќе го смета Адемар за вистински водач на походот;

- *20 април 1096* Петар Пустиникот тргнува со околу 20 000 обичен народ на т.н. Народен Крстоносен поход;

- *6 мај 1096* првиот поголем масакар на Евреите од Крстоносците во Шпеер, кои се движеле по долината на Рајна;

- *18 мај 1096* голем масакар на Евреите во Вормс;

- *30 мај 1096* Крстоносци ги напаѓаат Евреите во Колоњ. И покрај заштитата која им ја пружало локалното население и архиепископот Херман, стотици Евреи се масакрирани;

- *јуни 1096* Крстоносците водени од Петар Пустиникот ги пљачкаат Семлин и Белград и нивната околина, неподготвените византиски трупи се повлекуваат кон Ниш;

- *3 јули 1096* Крстоносците на Петар Пустиникот се судираат со Византиските војници, кои се помагани од локалното население, кај Ниш, при што губат четвртина од нивните сили. Крстоносците се регрупираат и продолжуваат кон Цариград;

- *12 јули 1096* Народната крстоносна војска стигнува кај денешна Софија, од каде е спроведена од византиска придружба до Цариград;

- *август 1096* Годфриј од Бујон, маркграфот од Антверп и директен потомок на Карло Велики, се одзива на повикот на папата тргнува на чело на армија воглавном составена од неговите Лорењци;

- *1 август 1096* Народната крстоносна војска е пренесена преку Босфорот од флотата на Алексиј I Комнин, каде неснабдените со залихи Крстоносци веднаш се оддаваат на пљачкање на околината;

- *септември 1096* германските Крстоносци од Народната крстоносна војска се опсадени до Турците и принудени да се предадат кај Ксериогордон. Дел од нив се егзекутирани а остатокот го примаат исламот и се продадени како робови;

- *октомври 1096* Боемунд од Тарент тргнува на чело на норманските Крстоносци од јужна Италија преку Јадранското море;

- *октомври 1096* Остатокот од Нардоната Крстоносна војска е наполно разбиен во заседа кај Кивитот на патот кон Никеја. Само околу 3000 успешно се евакуирани од византиската флота назад кон Цариград;

- *октомври 1096* Рајмунд, грофот од Тулуз, војвода од Нарбон и маркграф на Прованса, во придружба на Адемар тргнува од Јужна Франција на чело на провансалските Крстоносци;

- *декември 1096* главните армии на Крстоносци почнуваат да стигнуваат пред Цариград. Помеѓу крстоносните водачи нема ниту еден крал, во тоа време Филип I од Франција, Вилијам II од Англија и Хенрих IV од Германија се под екскомуникација од папата;

- *25 декември 1096* Годфриј од Бујон и неговите Крстоносци пристигнуваат пред Цариград.

- *јануари 1097* Крстоносците водени од Боемунд уништуваат населба во Југозападна Македонија под изговор дека е населена од еретичните Павликијани;

-*март 1097* Лорењските Крстоносци ја напаѓаат царската Влахернска палата откако преговорите и односите меѓу византските и крстоносните водачи се влошуваат, но се одбиени;

- *26 април* Боемунд пристигнува со помал одред Крстоносци во однос на другите крстоносни водачи и ги здружува своите сили со оние на Годфриј;

- *мај 1097* пристигнуваат последните Крстоносци од Нормандија водени од војводата Роберт I;

-*21 мај 1097* Крстоносците, помогнати од византиски контингент ја опсадуваат Никеја;

-*19 јуни 1097* Никеја им се предава на Византијците. Крстоносците, лишени од можноста за стекнување воен плен, го обвинуваат Алексиј I Комнин за предавство;

-*1 јули 1097* Крстоносците го победуваат султанот Килиџ Арслан во битката кај Дорилеон и си обезбедуваат сигурен премин преку Мала Азија;

-*август 1097* Годфриј од Бујон привремено ја зазема Коња (Иконија);

-*10 септември 1097* Танкред го зазема Тарс, откако претходно со својот контингент се одделува од главнината на Крстоносната војска;

-*21 октомври 1097* почнува опсадата на Антиохија;

-*21 декември 1097* Крстоносците го поразуваат Дукак, владетелот на Дамаск, кој иде на помош на Антиохија во Првата битка кај Харан;

-*февруари 1098* Танкред и неговиот одред и се приклучуваат на главнината пред Антиохија и на својот пат го затекнуваат Петар Пустиникот во неговиот обид да дезертира и го враќаат во логорот на Крстоносците;

-*9 февруари 1098* ослабените крстоносни војски го одбиваат Ридван од Алепо во неговиот обид да ја крене опсадата на Антиохија во втората битка кај Харан;

-*10 март 1098* Балдуин од Бујон, братот на Годфриј, ја зазема Едеса, главно населена од ерменски христијани;

-*1 јуни 1098* голем контингент од дезертери, на чело со Стефан, грофот од Блуа ја напушта опсадата;

-*3 јуни 1098* Крстоносците, под водство на Боемунд ја заземаат Антиохија;

-*5 јуни 1098* емирот Кербога, атабег на Мосул, ги опсадува Крстоносците во новоосвоената Антиохија.

-*јуни 1098* императорот Алексиј I Комнин, на пат да им се приклучи на Кртоносците кај Антиохија е убеден од дезертерите на чело со Стефан од Блуа дека ситуацијата е безнадежна и веднаш почнува да се повлекува. Крстоносците го сметаат ова за предавство и ќе тврдат дека тоа ги ослободува од заклетвата која му ја положиле;

-*10 јуни 1098* Петар Вартоломеј, прислужник во војската на Рајмунд, тврди дека добил визија за Светото копје со кое бил прободен Исус на крстот кое било закопано во Антиохија;

-*14 јуни 1098* Светото копје е "пронајдено" под подот на црквата Свети Петар во Антиохија, значително подобрувајќи го моралот на опсадените Крстоносци;

- *28 јуни 1098* Крстоносната војска која е во крајно очајна состојба, ја поразува огромната но разединета армија на атабегот од Мосул и ја крева опсадата на Антиохија;

-*1 август 1098* Адемар, единствениот номинален лидер на Крстоносците умира во една од епидемиите кои ја зафаќаат крстоносната војска. Со тоа е ставен крај на дирекната контрола на папата врз Крстоносците;

-*11 декември 1098* еден крстоносен одред во обид да дојде до залихи го зазема Марат, мал град источно од Антиохија. Прегладнетите Крстоносци извршуваат канибализам над локалното население;

-*13 јануари 1099* после долги и неуспешни преговори Рајмунд ја напушта Антиохија со поголемиот дел од крстоносната војска и трга кон Ерусалим. Боемунд останува и се прогласува за кнез на Антиохија;

-*февруари 1099* Рајмунд го зазема Крак де Шевалје, но набрзо мора да го напушти и да продолжат кон Ерусалим;

-*14 февруари 1099* Рајмунд ја опсадува Акра. Опсадата е неуспешна и тој е приморан да ја напушти во април, откако остатокот од крстоносната војска бара да ги води директно на Ерусалим;

-*7 јуни 1099* Крстоносците стигаат пред Ерусалим. Фатемидскиот калиф, под чија власт се наоѓа, им нуди мировни преговори под великодушни услови, но тие бараат безусловно предавање на градот. Почнува опсадата на Ерусалим;

- *8 јули 1099* Крстоносците маршираат во религиозна процесија околу ѕидовите на Ерусалим, по што почнуваат со директен напад но се одбиени;

-*13 јули 1099* крстоносната војска отпочнува со нов напад на Ерусалим;

-*15 јули 1099* Крстоносците продираат во Ерусалим од две страни: Годфриј од Бујон неговиот брат Балдуин и Танкред од северната страна кај портата на Свети Стефан, и Рајмунд од Тулуз од од источната страна, кај портата за Јафа. Градот е подложен на невиден масакар и пљачкање во траење од неколку дена;

-*22 јули 1099* Рајмунд од Тулуз ја одбива титулата крал на Ерусалим, која потоа му е понудена и на Годфриј од Бујон кој исто така ја одбива, наместо тоа земајќи ја - Заштитник на Светиот гроб (Advocatus Sancti Sepulchri) и станува de facto првиот латински владетел на Ерусалим;

-*29 јули 1099* умира папата Урбан II, пред до него да стигнат вестите за успехот на Првиот крстоносен поход;

-*12 август 1099* Крстоносците ја победуваат Фатемидската експедиција од Египет пратена да го преземе Ерусалим во битката кај Аскалон и иднината на латинската власт во Светата земја е осигурана. После оваа битка најголемиот дел од Крстоносците се враќаат во Западна Европа.[163]

## 2.2. Односите помеѓу водачите на Крстоносците и императорот

Како главна собирна точка за крстоносните одреди бил назначен Цариград, по што требало да следува кооперација со византискиот император Алексиј I Комнин. Притоа императорот ќе стапи во директен контакт со сите поважни крстоносни водачи, при што

[163] Runciman, Steven, *History of the Crusades, Volume I, The First Crusade and the foundation of the Kingodm of Jerusalem,* Cambridge University Press (1951)

ќе следува развивање на сложени врски помеѓу двата табора. Односите помеѓу Крстоносните водачи од Првиот крстоносен поход и византискиот император Алексиј I Комнин најдетално се опишани во Алексијадата на Ана Комнина.[164] Од нив најголемо значење им се дава на Боемунд од Тарент и Рајмунд од Тулуз, од кои првиот добива улога на непријател а вториот на сојузник на византскиот император. Следејќи ги настаните од пристигнувањето на Крстоносците до заземањето на Никеја, Ана Комнина кратко се задржува на настаните од Крстоносната војна од 1101 година и се префрла на детално разгледување на војната меѓу Византија и новофрмираното кнежевство во Антиохија на Боемунд и Норманската инвазија од 1107/8 исто така предводена од Боемунд. Односите со другите водачи на Крстоносците главно се однесувале на барањата на Алексиј за заклетва на верност и ветување дека сите територии кои ќе бидат заземени, а кои претходно припаѓале на Византија ќе ѝ бидат вратени.[165]

[164] Anna Comnena,The Alexiad... 176-212
[165] ibid




(***Мапа на Првата Крстоносна војна,*** *Патот на главните крстоносни армии)*

Првите Крстоносци кои пристигнале биле припадниците на Нардоната Крстоносна војска на Петар Пустиникот. Најголемиот број од овие Крстоносци биле обични селани, припадници на пониските слоеви на општеството во Франција и Германија. Оваа толпа од народ која се одзвала на апелот на папата предизвикала загриженост кај византискиот император, во прв ред затоа што нејзините водачи имале минимална контрола над нив. Според Ана Комнина, до Алексиј стигале извештаи дека "целиот запад, дури и варварите кои живеат од другата страна на Јадранот, се до Херкуловите Столбови (Гибралтар)... заедно со нивните фамилии" се приближуваат кон Цариград.[166] Овие извештаи најверојатно се однесувале на припадниците на Народната Крстоносна војска на Петар Пустиникот, кои тргнале месеци пред главните Крстоносни армии водени од истакнати

[166] Anna Comnena,The Alexiad... 176

западни владетели кон Цариград, каде што требало да го чекаат папскиот легат и главнината од Крстоносните војски. До времето кога пристигнале на Унгарско-византиската граница, нивниот број се сотоел од повеќе илјади и тие се спротиставувале на секој обид да бидат ставени под контрола од Петар и на другите водачи, како Волтер од Бретуј и Годфриј Бурел. Поминувајќи ја реката Сава на 26ти јуни 1096 година, Крстоносците од Народната Крстоносна војска, пропратени со насилство и пљачкање на се што можело да се опљачка по патот, стигнале пред Ниш на 3 јули. Првиот акт на Пеатр бил да побара храна за војската, при што од него било побарано да предаде заложници како гаранција за доброто однесување на неговите Кртоносци. Наредното утро, толпата Крстоносци продолжила кон Софија, но една група од Германски Крстоносци се судриле со локалното население и запалиле неколку воденици, на што одговорил византискиот командант на Ниш, Никета, испраќајќи војници да ја нападнат позадината на Крстоносната војска. Петар повторно отпочнал преговори со Византијците за размена на заробениците, додека една поголема група повторно извршила напад на Ниш. Увидувајќи дека преговорите се бесполезни и изморен од провокациите, Никета наредил напад на Крстоносците со целиот византиски гарнизон, при што Крстоносците, пружајќи краток отпор биле потполно разбиени. Самиот Петар ја загубил воената каса и ја поминал ноќта во криење со неколку придружници и околу 500 Крстоносци, при што една четвртина од Народната војска биле заробени или убиени.[167] Остатокот успеал да стигне до Софија, каде биле пречекани од царски пртставници кои ги спровеле до престолнината, каде што стигнале на 1ви август 1096 година.[168]

Императорот Алексиј се сретнал со Петар веднаш по неговото пристигање. Малку е познато за нивната прва средба, меѓутоа крстоносната толпа набргу повторно се оддала на пљачкање на околината.[169] Алексиј бил толку вознемирен од недостатокот на контрола врз толпата Крстоносци, при што изгледало дека за неколку дена самите негови поданици ќе се побунат поради непрестајното пљачкање што набргу подготвил пренесување на сите Крстоносци преку Босфорот до тврдината Киветот, каде што имало остатоци од

[167] Runciman, Steven, *History of the Crusades*, Volumes I & II , Cambridge University Press, 1952: 49-50
[168] ibidem
[169] Runciman, Steven, *History of the Crusades*, Volumes I & II , Cambridge University Press, 1952: 49-50; Anna Comnena,The Alexiad... 176-178

византиски воен логор за сместување на жените, децата и болните, со инструкции да ги чекаат остатокот од Крстоносните армии. [170] Меѓутоа, Алексиј и самиот Петар не можеле многу да направат за да ја контролираат и обуздаат толпата Крстоносци. Сите наредни дејствиа што ги преземале Крстоносците од Народната Крстоносна војска, биле самоволни и реализирани од повеќе некохерентни групи, кои на почетокот се ограничувале на навлегување на турска територија во кратки пљачкашки походи, при што избегнувале директен контакт со Селџучките војници. Околните села биле подложени на нивното пљачкање, без притоа да се прави разлика дали тие биле населени од христијани или не, што набргу го свртело рсположението во овие заедници против Крстоносците. Контролата на Пеатр Пустиникот над неговите Крстоносци се повеќе се намалувала со се поголемиот плен што го носеле овие пљачкашки походи, при што Крстоносците биле поделени во два табори, Германските и Италијанските на една страна и Француските водени од Годфриј Бурел, кои се натпреварувале  во нивните грабачки походи.[171] Во септември овие походи станале посмели и стигнале до предградијата на Никеа, при што еден поголем контингент од Германските Крстоносци  ја заземал блиската тврдина Ксеригордон, за набргу потоа да се најде опсаден во неа од страна на војниците на Килиџ-Арслан, без внатрешен извор на вода, и да биде приморан да се предаде на Турците. Вестите за овој пораз пристигнале во Крстоносниот камп во Киветот, каде што било одлучено да не се презема никаква акција пред враќањето на Петар кој се наоѓал во Цариград на преговори со Алексиј околу снабдувањето со храна. Меѓутоа, еден дел од нив, на чело со Годфриј Бурел, навалувал за неодложив напад на Селџуците и под изговор дека секој кој не се приклучел на нив бил кукавица, скоро целата Народна Крстоносна Војска, без знаење на Петар Пустиникот и Алексиј тргнала во напад на Никеја на 21 октомври и паднала во селџучката заседа, при што скоро сите биле масакрирани. Преживеаните, заедно со жените и децата се засолиле во едно напуштено крајбрежно утврдување, од каде што испратиле вести до византиската престолнина за катастрофата и околу 3000 од нив, меѓу кои бил и Годфриј Бурел и биле евакуирани од византиската флота назад до Цариград, каде што ги чекале главните крстоносни војски коишто почнале

[170] Runciman, Steven, *History of the Crusades,* 50; Anna Comnena,The Alexiad... 176-178
[171] Ibid.

да пристигаат.[172] Петар Пустиникот исто така останал во Цариград да го чека доаѓањето на главните Крстоносни водачи, заедно со византискиот император, кој поучен од искуството со Народната Крстоносна војска бил преокупиран со организирањето и снабдувањето на големите Крстоносни армии кои се приближувале.

Прв пристигнал Годфриј од Бујон, војводата од Долен Лорењ, во декември 1097 година.[173] Како вазал на Германскиот император Хенрих IV, тој учествувал во неговиот поход против папата и опсадата на Рим во 1084 година каде што се истакнал со сојата храброст. Во 1089 година бил прогласен за војвода од Долен Лорењ од страна на Хенрих IV. Во 1095 година Северна Франција била разбранувана од писмото на папата Урбан II, кој барал од благородниците да се приклучат на претстојниот Крстоносен поход. Годфриј бил меѓу првите кои го "земале крстот", заедно со неговите браќа Балдуин и Еустас и целосно се посветил на крстоносната идеа продавајќи многу од своите поседи за да обезбеди средства за претстојниот поход. Самиот Годфриј бил почитуван како персонификација за средновековната идеја за идеален витез и многу од благородниците се приклучиле под неговото знаме. Собраната Крстоносна војска која ја предводел воглавно се состоела од Валонци и Фламанци и се упатила кон Цариград на 15 август 1096 година.[174] Неговите Крстоносци во најголем број биле искусни професионални војници и витези, и во негова придружба биле и неговиот брат Балдуин и Еустас, со исто така голема придружба од витези и војници, а приклучени на нив биле и многу други истакнати витези од северна Франција. Кај Белград, Годфриј добил порака од византискиот император, кој му ветувал помош доколку неговите Крстоносци се воздржат од насилство. Кај Ниш и Софија, неговите Крстоносци наишле на изобилство од провизии, маркети и подароци од императорот.[175] Крстоносците стигнале до Адрианопол на 8 декември и продолжиле кон Цариград, при што дошло до првиот конфлик меѓу нив и царската власт, откако, според Алберт од Ахен[176], Годфриј разбрал дека Алексиј го држи во заробеништво принцот Хју од Вермадоа, братот на францускиот крал Филип I и побарал од импараторот да го

[172] Runciman, Steven, *History of the Crusades,* 50; Anna Comnena,The Alexiad... 178

[173] Riley-Smith, Jonathan*, The First Crusade and the idea of crusading*, University of Pennsylvania Pres, (1994): 38; Anna Comnena,The Alexiad... 176

[174] Brehier Louis, *Godfrey of Bouillon*, The Catholic Encyclopedia ed. by Charles G. Herbermann New York: Appleton, (1909):624-626

[175] Brehier Louis, *Godfrey of Bouillon*, The Catholic Encyclopedia ed. by Charles G. Herbermann New York: Appleton, (1909):625

[176] Albert of Aix, *Historia Hierosolymitana*, RHC, HOcc4, Paris (1879): 122

ослободи. Кога оваа негова молба била одбиена, неговите Крстоносци ја опустошиле околината на Селимврија. Иако обвинувањата за заробувањето на Хју од Вермадоа не биле точни, сепак, Гдфри и неговите Крстоносци пристигнале пред Цариград непријателски настроени и под постојан надзор од византиските војници, на 23 декември 1096 година.[177] Веднаш по нивното пристигање, лоренските Кртоносци на Годфриј стапиле во контакт со преживеаните од војката на Петар, повеќето од кои го обвинувале предавството на византискиот император за нивниот неуспех и самиот Годфриј бил под силно влијание на она што го слушнал од нив. Во такво непријателско расположение кон императоротот, Годфриј се држел настрана од царската палата и го очекувал пристигањето на останатите крстоносни водачи, улогорувајќи се кај Пера на 29 декември.[178] Главната цел на Алексиј била да го спречи обединувањето на крстоносните армии пред Цариградските ѕидини, и тој се надевал дека ќе може да го убеди Годфриј да му се заколне на верност и да го пренесе заедно со Крстоносците кои ги предводел на азиска територија пред да пристигне Боемунд со неговите Нормански крстоносни контингетни од Италија. Годфриј се спротиствувал на ваквото барање целата зима се додека императорот, откако разбрал за приближувањето на Боемунд, не издал наредба за прекин на снабдувањето на Крстоносците на 2 април 1097 година. [179] Следеле неколку судири меѓу Крстоносците и царските трупи и покрај ралзичните податоци за исходот од нив, најверојатно Годфриј бил поразен и Ана Комнина потврдува дека тогаш тој се согласил да положи заклетва на верност кај императорот, ветувајќи дека ќе ги врати сите поранешни византиски поседи кои ќе ги одземе на "неверниците".[180] Неколку дена подоцна лоренските Крстоносци биле пренесени преку Босфорот во Пелекан, на заливот на Никомедиа. Подоцна, Годфриј играл улога на посредник и помирувач меѓу Крстоносците и императорот, поттикнувајќи го Рајмунд IV, грофот од Тулуз, да ја даде истата заклетва на императорот и одбивајќи ги плановите на Боемунд за комбиниран напад на Цариград, наведувајќи дека тргнал во Крстоносен поход заради Христа, а не за да се впушта во борба со други христијани заради лична добивка.[181] Во понатамошниот тек на походот, се до заземањето на Ерусалим

---

[177] Brehier Louis, *Godfrey of Bouillon*, The Catholic Encyclopedia ed. by Charles G. Herbermann New York: Appleton, (1909):625
[178] Ibid.
[179] Anna Comnena,The Alexiad... 184
[180] Anna Comnena,The Alexiad... 185
[181] Albert of Aix, *Historia Hierosolymitana*, RHC, HOcc4, Paris (1879): 122

Годфриј не бил на толку истурена позиција во насочувањето на Крстоносците и нивното дејствување како другите водачи, во прв ред Боемунд и Рајмунд од Тулуз.

Алексиј I Комнин го сметал Боемунд за најопасен од сите Крстоносци. Искуството со Норманската инвазија од 1081-85 ги поучило Византијците дека Норманите се способни непријатели, амбициозни, воинствени, безскрупулозни и серизона закана за царството, и Боемунд се покажал како нивен достоен водач. Норманските војници биле добро опремени, организирани и дисциплинирани и тој ја уживал нивната целосна доверба. Фулхер од Шартр пренесува дека Алексиј, кој тајно многу се плашел од Боемунд, му предложил дека доколку положи заклетва на верност, за возврат тој ќе му даде огромни поседи.[182] Боемунд бил единствениот од Крстоносците со кој византискиот импаратор претходно се имал соочено на бојното поле, за време на Норманската инвазија предводена од Роберт Гвискард, таткото на Боемунд, при што бил повеќекратно поразен од норманскиот водач. Повикот на папата за Крстоносен поход кон Ерусалим за Боемунд била нова шанса за воспоставување негово источно кнежество. Една група од француски витези се приклучила на Боемунд во времето додека тој го опсадувал Амалфи во Јужна Италија во 1096 година, заедно со неговиот чичко Роберт од Сицилија и го убедиле дека треба да се приклучи на Крстоносците. Нивната ревност предизвикала голем ентузијазам кај неговите војници и тој прогласил дека ќе го "земе крстот" и ја повикал целата војска и водечките војници да посведочат за тоа. Пред сите присутни тој ја раскинал неговата црвена наметка за да се направат крстови од неа за неговите вазали, привлекувајќи многу од вазалите и на неговиот чичко, Роберт од Сицилија. Боемунд пристигнал во Константинопол со армија која била помалубројна од онаа на Годфриј, но многу подобро опремена и голем дел од коишто биле ветерани од војните на Боемунд и Роберт Гвискард. Алберт од Ахен пренесува дека по неговото пристигање во април 1097 година, откако разбрал за заклетвата која византискиот император ја барал од секој од крстоносние водачи, веднаш пратил делегат до Годфриј барајќи да ги соединат силите за напад на Алексиј и Цариград, што био одбиено од лоренскиот војвода кој му одгворил дека тргнал во Крстоносен поход заради Христа, а не за да се впушта во борба со други христијани

[182] Fulcher of Chartres, *Historia Hierosolymitana (1095–1127)*, ed. H. Hagenmayer, Heidelberg (1913): 174

заради лична добивка.[183] Имајќи го во предвид минатото и историјата на судирите меѓу него и Алексиј, како и настаните по Првиот крстоносен поход може да се земе како претпоставка дека веројатноста дека Боемунд планирал напад на Алексиј зедно со другите Крстоносни армии била сосема возможна. Меѓутоа, не наидувајќи на поддршка од другите крстоносни водачи, како и без средства за поминување на Босфорот, Боемунд влегол во преговори со Алексиј заземајќи целосно спртивен став. Тој бил блескаво дочекан од Алексиј и не само што ја положил заклетвата кон византискиот император без двоумење, тој предложил на Алексиј да го постави за Заповедник на византиските сили на истокот, што сосема го изненадило Алексиј при што му требале неколку дена за да одговори, индицирајќи загадочно дека Боемунд може да ја добие титулата доколку се покаже лојален. Надмудрувањата на дајцата водачи завршиле со пренесувањето на Крстоносците на Боемунд на 26 април и нивното обединување со оние на Годфриј во Пелекан.[184]

За време на преговорите со Боемнд, Алексиј го дочекал доаѓањето на уште една голема крстоносна армија, составена главно од витези и војници од Јужна Франција и Прованса и предводена од грофот Рајмунд IV од Тулуз, Сен-Жил и маркиз од Прванса, по што следела слична политичка игра. Рајмунд бил првиот истакнат благородник кој го "земал крстот" и положил заклетва на соборот во Клермон, при што во негова придружба бил и папскиот легат Адемар од Пуј, што му давало огромен авторитет меѓу сите Крстоносни водачи. По неколкудневни преговори, од 22 до 26 април 1097 година, византискиот император и грофот од Тулуз, кој бил една од најистакнатите фигури меѓу француските благородници во западното општество, дошле до некаков договор кој бил задоволителен за двете страни. Изворите даваат многу малку податоци за текот на преговорите. По пристигањето до цариградските ѕидини, Рајмунд и неговите провансалски Крстоносци биле сместени во предградијата и тој бил примен од Алексиј на 22 април, при што од него била побарана истата заклетва на верност која Алексиј ја барал од сите крстоносни водачи, која го обврзувала да ги врати сите поранешни византиски територии кои ќе ги освои. [185] Рајмунд одбил да положи било каква заклетва, но од друга

[183] Albert of Aix, *Historia Hierosolymitana*, RHC, HOcc4, Paris (1879): 122
[184] Anna Comnena,The Alexiad... 181
[185] Hill, John Hugh and Laura L.,*The Convention of Alexius Comnenus and Raymond of Saint Gilles,* The American Historical Review, Vol. 58, No. 2 (Jan., 1953): 322

страна ветил дека ќе се стави него и неговите Крстоносци под команда на императорот доколку тој застане на чело на Крстоносните војски и ги поведе кон Ерусалим.[186] Алексиј не сакал да се врзува со големината на таквата обврска на себе, и во меѓувреме вестите за судир меѓу провансалските и византиските трупи ги прекинале преговорите. Рајмунд пристигнал пред неговата војска, којашто била предводена од Адемар од Пуј, кој меѓутоа бил болен и исто така не ја придружувал за време на нејзиното минување низ византиските територии на Балканот. Без водач, Провансалските Крстоносци се оддавале на пљачкање и насилства врз локалното население, што ги довело во отворен судир со византиската војска, во чии редови се бореле голем број Печенешки одреди, при што Крстоносците биле разбиени и Византијците го заплениле нивниот багаж. Бидејќи Конечно, на 26 април, после размената на бројни пораки, Рајмунд се согласил на заклетва која била во изменета форма од онаа која ја положиле другите водачи, а според која тој се обврзувал дека нема да му наштетува на императорот и неговите поседи, но дека Бог бил единствениот кому му служел и кому му полагал заклетва на верност,[187] имплицирајќи дека тој се сметал за водач на Крстоносците назначен од папата. Неговите Крстоносци, кои по судирот со Византијците биле во доста незвидна положба се наоѓале во Родосто, од каде што зедно со Адемар биле пренесени од византиската флота на Млоазиското копно каде им се приклучиле на останатите Крстоносци. Подоцна, Рајмунд ќе стане главен поддржувач на Алексиј и ќе бара строга примена на заклетвата која водачите му ја положиле при опсадата на Антиохија.[188] Освен тоа што Рајмунд бил во судир со Боемунд, неговото инсистирање на придржувањето кон заклетвата можеби навистина имала поголемо значење, според некои научници.[189] Спогодбата која грофот од Тулуз ја направил со византискиот император содржела одбврска која барала од него не само да ги почитува поседите на императорот , но и да не пружа помош, совет или поддршка на секој кој не го правел тоа. Сето ова оди во прилог на теоријата според која Рајмунд бил загрижен со формулирањето на самата спогодба, која не смеела да биде во конфликт со неговата заклетва на кралот на Франција како негов сизерен, но не и со придржувањето

---

[186] Ibid.

[187] Fulcher of Chartres, *Historia Hierosolymitana (1095–1127)*, ed. H. Hagenmayer, Heidelberg (1913): 174

[188]Anna Comnena,The Alexiad... 185

[189] Hill, John Hugh and Laura L.,The Convention of Alexius Comnenus and Raymond of Saint Gilles, *The American Historical Review,* Vol. 58, No. 2 (Jan., 1953), 326

кон неа. Доказ за тоа  е и соработката која се развила помеѓу Алексиј и Рајмунд во нивниот заеднички конфликт со кнежеството во Антиохија на Боемунд и неговите наследници и пофалните зборови кои ги има Ана Комнина во Алексијадата за овој Крстоносен водач, а кои се уникатни во нејзиниот опис на Крстоносците.[190]

Последната голема Крстоносна војска тргнала од северна Франција во октомври 1096 година, предводена од Роберт, војводата на Нормандија, неговиот зет Стефан, грофот од Блуа, и неговиот братучед Роберт II, син на Роберт I, грофот од Фладрија. Неколку важни благородници ја придружувале нивната војска, како и значајни контингенти од витези и војници од Англија и Шкотска. Пристигнувајќи пред Цариград во мај 1097 година тие биле добро пречекани од Византијците[191], кои до сега имале доволно искуство за справување со бројните западноевропски вооружени ации. Положувајќи ја заклетвата и приклучувајќи се на останатата крстоносна армија почнала нова етапа од нивниот поход со опсадата на Никеа. По падот на Никеа во рацете на Византијците, Алексиј им разделил голем борј подароци и парични награди на Крстоносците како компензација, што меѓутоа не било доволно за да го оправда "предавството" на василевсот, како што изгледало во очите на Крстоносците.[192] Продолжувајќи кон исток, Алексиј им назначил на Крстоносците како придружба еден византиски контингент, предводен од неговиот најдоверлив генерал, Татикиј.[193] За време на опсадата на Антиохија, меѓутоа, Боемунд, знаејќи дека ќе биде приморан да се придржува кон заклетвата кон императорот, го убедил Татикиј дека Крстоносците организираат заговор да го убијат. Иако во тоа немало никаква вистина, сепак било доволно да го примора Татикиј и неговиот контингент да ја напуштат опсадата и да се повлечат. Со тоа ефективно бил ставен крај на активното византиско учество во Првиот крстоносен поход.

Во меѓувреме Алексиј го искористил празот кој Крстоносците им го нанеле на Селџуците за да премине во офанзива во Мала Азија. Кога најпосле тргнал да им се приклучи на Крстонсците во Антиохија, во јуни 1098 година, во периодот кога биле под

---

[190] Hill, John Hugh and Laura L.,The Convention of Alexius Comnenus and Raymond... 327; Anna Comnena,The Alexiad...  180
[191] Runciman, Steven, *History of the Crusades,* 50;  Anna Comnena,The Alexiad...  188
[192] Jonathan Riley - Smith, *The First Crusade and the idea of Crusading*, Pensylvania (1999): 64
[193] Anna Comnena,The Alexiad...  196

опсада од страна на Кербога, тој бил пресретнат од Стефан од Блуа и бројни дезертери кај Акшеир, коишто го убедиле дека Крстоносците се во безнадежна ситуација и несомнено ќе бидат поразени. Алексиј веднаш почнал да се повлекува толку брзо, што бројните дезертери коишто му се приклучиле умреле попат. [194] Ова било причината поради која Боемунд подоцна можел да го обвинува императорот за предавство кон Крстоносците, што ги ослободувало од нивната заклетва кон него. По самопрогласувањето на Боемунд за владетел на Антиохија, Алексиј му пратил писмо во кое го потсетил на неговото ветување и заклетва, на што Боемунд одговорил дека неговите војници го заземале градот, додека Татикиј и Византијците ги напуштиле Крстоносците во времето на најголемата несреќа.[195] Со тоа отпочнал конфликт меѓу Византија и новоформираното норманско кнежество во Антиохија уште за време на Првиот крстоносен поход, со помали поморски судири, и отворена војна меѓу Алексиј и Танкред, внукот на Боемунд за поседувањето на Лаодикеја.[196] По завршувањето н Првиот крстоносен поход, византсиката армија повторно во голем број се состоела од наемници од Блискиот исток. Според Ана Комнина, Боемунд успеал да зароби група од Турски војници во служба на Алексиј, при што увидел можност за добивање папска поддршка од новиот папа Паскал II за неговата војни со Византија. Боемунд ги донел заробениците во Рим, тврдејќи дека имаат "древна омраза кон нивната раса" којашто Алексиј ја пттикнува и искористува. [197] Папата бил убеден од аргументите на Боемунд и му назначил папски легат, дозволувајќи му да прогласи Света војна против Византиското царство.[198]Ваквите антивизантиски полиси ќе го тресат Истокот низ остатокот од XII век.

## 3. Идеолошкиот судир меѓу Византијците и Крстоносците

### 3.1. Општата претстава за Византија на Латинскиот Запад

[194] Jonathan Riley - Smith, *The First Crusade and the idea of Crusading*, Pensylvania (1999): 62

[195] Anna Comnena,The Alexiad... 214

[196] Lilie,Ralph-Johannes, *Byzantium and the Crusader States 1096-1280,* New York: Oxford University Press Inc., (1993)

[197] Anna Comnena,The Alexiad... 216

[198] Ibid.

Во описот на односите меѓу Западна Европа и Византија во Средниот век, во историската наука, обично се акцентираат контрастите помеѓу двете општества. Католицизмот наспроти православието, феудалистичкиот наспроти централистичкиот режим, предоминантно орална култура наспроти конзистенција во текстуалната традиција, економија во чија основа е размената наспроти непрекината циркулација на монети, поетизација на војната наспроти идеологијата на мир и тн. Не е јасно дали овие контрасти всушност се дел од реалноста на Средновековието или биле родени во нетолерантната историографија во XIX век. На прв поглед, политичките и црковните настани од XI и XII век го потврдуваат традиционалното мислење: овој период почнува со теолошкиот судир и Црковната шизма од 1054 година, и завршува со заземањето на Цариград од Крстоносната војска во 1204 година. Навидум очигледно е дека овие два света биле во судир еден со друг. Меѓутоа, политичките конфликти не секогаш се слика на културолошките односи. Притоа, треба да се има на ум дека Латинскиот запад, бил поделен на повеќе регионални сили и конфликтите меѓу германските императори и папата, или оние помеѓу Англија и Франција, ги одредувале Средновековните структури во Европа многу повеќе од односот на сите овие кон Византија. Понатаму, со продлабочувањето во проучувањето на Средниот век во модерната наука, некои историски факти добиваат нова перспектива, во случајов се поставува прашањето колку судирот меѓу кардиналот Хумберт и патрирјархот Михаил Керуларij во 1054 навистина создал шизма помеѓу двете цркви и двете култури.[199] Византијците продолжиле да склучуваат сојузи со нивните западни и северни соседи, склучувале бракови со претставниците на Западноевропската елита, примале западноевропски војници не само во воените редови туку како светци во Византиската Православна црква,[200] и развивале теолошка и секуларна интелектуална размена со "шизматскиот Запад". Очигледо релациите биле премногу комплексни за да се даде еден едноставен заклучок. Од сите области со кои биле во контакт, Византијците секако негувале најблиски афинитети со Западна Европа. Константин VII Порфирегенит одвоил значителен дел од De Administrando imperio оставајќи инструкции на неговиот син за тоа како треба да се

---

[199] P. Lemerle, *"L'Orthodoxie byzantine et l'oecume´nisme me´die´val: Les origines du 'schisme' des Eglises,"* BullBude (1965): 228–46

[200] C. P. Kyrris, *"The 'Three Hundred Alaman Saints' of Cyprus,"* in *The Sweet Land of Cyprus,* ed. A. Bryer, Nicosia (1993), 203–35.

однесува во контактие со Западњаците. [201] Единството меѓу Византија и Западна Европа наидувало на значајни пречки. Една од тие била јазичната поделба, којашто уште во XI век на запад била користена како аргумент против аспирациите на византискиот император за универзален авторитет. [202] Другата важна пречка преставувала разликата во развитокот на двете општества, која ќе почне уште од V век. Од друга страна постоеле и сличности, коишто се цел на проучување на денешните општествени историчари, од кои повеќето се сложуваат дека во најважните општествени одлики истокот и западот биле слични. Паралелните историски околности во кои се развивале ги предизвикувале тие сличности во промените. Оттука, Византија во VII век поминала низ промени кои биле во релација со оние од Западна Европа од V до VIII век, каде било карактеристично намалувањето на популацијата, наполното исчезнување на одредени градови, засилувањето на улогата на агрикултурата и дирекната размена во економијата, и целосниот распад на централната васт. Ситуацијата во Византија била слична но не и иста, каде што не дошло до наполното изумирање на градовите, парите биле доста дебазирани но сепак останале база на економијата и централната власт не го изгубила своето влијание. Може да се извлечат паралели и во областа на војувањето, на кое поле што во VIII, IX и X век во Византија дошло до промени слични на оние во Западна Европа. Војната била постајана, и војсководците често ја преземале и државната власт, или правеле обиди за тоа. Религијата исто така развила одредена улога во воените работи, иако никогаш до таа мера како во Западна Европа. Во Византија во XI и XII век дошло и до комбинација од трендови кои на Запад ја карактеризирале т.н "агрикултурна револуција": зголемување на популацијата, расчистување на нови површини обработлива земја, зголемување на производството и забрзано влегување на агрикултурните продукти на пазарот. Крајниот резултат на овие трендови сепак бил различен во Византија од оној на Западот.[203] Со феноменот на Крстоносните војни се отворило ново поглавје во односите на Византија со Западот каде преовладува дирекниот контакт помеѓу двете општества и изворите ќе може да дадат подирекна претстава за тоа како еден обичен припадник на Западна Европа го перципирал византискиот свет. Еден обичен преставник на Средновековното француско

---

[201] *De administrando imperio*, vol. 1, ed. G. Moravcsik and R. Jenkins, Washington, D.C., (1967): 71-73

[202] Angeliki E.Laiou - Henry Maguire (eds.), *Byzantium, A World Civilization, Dumbarton Oaks Research Library and Collection ,* Washington, D.C.(1992): 2

[203] Angeliki E.Laiou - Henry Maguire (eds.), *Byzantium, A World Civilization, Dumbarton Oaks Research Library and Collection ,* Washington, D.C.(1992): 4

кралство би било изненаден од моќта на централната власт во Византија изразена преку царските претставници кои се наоѓале и во најодалечените краеви на империјата, што не било реплицирано во ниедна друга Европска држава од тоа време. Во Франција, дирекното влијание на кралот било лимитирано во доменот на неговите поседи. Владетелите во другите области иако управувале како негови подредениф, биле потполно независни. Самото постоење на ваквата огромна и релативно обединета држава самата по себе прставувала предмет за чудење за секој Западњак кој доаѓал во директен контакт со неа. За него изненадувачки би бил и фактот што постоела униформно прифатени мерки и уште поважно една валута кована во царските ковници, во времето кога владетелите на поголемите западни држави биле на почетокот со обидите да го повратат монополот врз монетоковањето. Понатаму зачудувачки би било и отсуствто на приватно поседувани тврдини, како и релативната безбедност на патиштата. Постоела суштинска разлика и во системот на наследување, кој не бил сроден со ниеден од оние во Западна и Северна Европа а се однесувал на подеднаквото наследување на машките и женските наследници, што доведувало до ореструктуирање на семејното наследство со секоја генерација, за разлика од системот на примогенитура и наследно пренесување на семејните поседи од таткото на прворождениот син.[204] Приморaноста на сите други машки наследици сами да се снаоѓаат може да го објасни динамичното развивање на западното општество во поглед на статичноста на византискиот поредок. Изненадувачки за секој западњак би била и византиската аристократија која била центрирана околу престолнината;, привлечена од институцијата на императорот, феномен кој бил непознат во Франција се додека не бил свесно воведен од Луј XIV во XVII век, кој ги согледал неговите предности во централизирањето на државата. Она што било навистина зачудувачко за било кој Западњак била културната префинетост на највиоките ешалони а византиските благородници; тие живееле во големи резиденции декорирани со фрески кои ги преставувале на античките и современите грчко-римски херои,  и биле едуцирани во грчките класици, знаејќи цитати од Хомер и впуштајќи се во детални дебати за делата на Платон и Аристотел. Ова ја поттикнало преставата на запад за слабите и ефемизирани благородници кои ги сочинувале највисоките ешалони на византиската аристократија. На запад постоела и фасцинација со византиската престолнина. Во прв ред била нејзината

[204] Ibid.

големина, броејќи околу 250 - 400 000 жители, во времето кога Венеција, најголемиот град во светот на западното христијанство броел помалку од 80 000, додека Париз имал нешто помалку од 20 000 жители,[205] а воодушевувачки делувал бројот на монументални градби и реликвии, како и самиот авторитет кој го имал градот како престолнина на наследничката на римската империја и патријархално седиште. Екстравагантните дворски церемонии често создавале и доза на негатвина реакција кај некои Западњаци. [206]

Веќе напоменав дека Византиската империја одржувала привилегирани врски со одреден број Западноевропски сили со векови: Германската Света Римска империја, папството и неколку регионални сили на Апенинскиот полуостров, каде што западните и византиските сфери се допирале. Врската меѓу византиските и германските императори се должела на првин влијанието на секој од нив во Италија, што ја изгубило својата важност со губењето на последните византиски територии во Јужна италија на сметка на Норманите во 1071 година. Другата допирна точка била проблемот со императорската титула. Веќе напоменавме дека Византиската империја одржувала привилегирани врски со одреден број Западноевропски сили со векови: Германската Света Римска империја, папството и неколку регионални сили на Апенинскиот полуостров, каде што западните и византиските сфери се допирале. Врската меѓу византиските и германските императори се должела на првин влијанието на секој од нив во Италија, што ја изгубило својата важност со губењето на последните византиски територии во Јужна италија на сметка на Норманите во 1071 година. Другата допирна точка била проблемот со императорската титула. И покрај тоа, западните императори ги имитирале византиските и договарале бракови на нивните синови и ќерки со оние на византиските благородници, што го покажува нивото на авторитет и престиж кое Византија го имала во Европа во Раниот Среден век. Германскиот император Отон II се оженил за византиската принцеза Теофано во 972 година, со што бил запечатен сојузот меѓу германската царска фамилија и византиската аристократија. Од друга страна, терминот "Византија" не постоел: источната империја била позната како Римска, како на нејзините жители така и на нејзините непријатели, термин којшто понекогаш ќе му се испушти и на Ејнхард, кој како биограф

---

[205] ibid.
[206]ibidem...6

на Карло Велики бил непријателски настроен кон неа[207]. Кога сакале да ги одбегнат непријатните политички импликации за источниот царски континуитет, за поданиците на империјата го користеле називот Graeci, и покрај тоа што под обединувачкиот фактор на официјалниот Грчки јазик и данокот кој биле обврзани да го плаќаат кон цариградскиот император, државата била мулти-етничка: Ерменци, Сиријци, Словени, Италијани сите биле поданици на "Римскиот" император. Колку и да бил образован, Ејнхард идентификува еден евнух со словенско име како "Грк"[208]. И во двата случаеви, папството ја играло улогата на трет актер. Сепак врската меѓу Византија и папството била одредена воглавном од интензитетот на тензијата меѓу двете цркви, во чиј центар стоела папската аспирација не само кон тоа да не биде само почесен, туку и религиозен водач на целиот христијански свет во практика, што не било прифатливо за Цариградскиот патријарх. Фундаменталната разлика во мислењата се кристализирала во различните погледи во прашањата околу догмата, како и во церемонијалните и литургиските практики. Византијците, меѓутоа, ја наследиле Римската идеа дека императорот бил близок до божествената природа и практикувале форма на христијанство каде огромен еклесијастичен и теолошки авторитет бил префрлен на императорот. Ова со текот на времето ќе создаде перманентен расцеп во христијанскиот свет меѓу истокот и западот и настанот кој ќе го поттикне овој процеп најпрвин ќе биде иконоборската контроверзија. На иконоборството, уште од самиот почеток жестоко му се протиставувало Папството, кои го сметале за закана не само за Латинските еклесијастички обреди, туку и за авторитетот на самиот папа.

[207] Einhard, *Life of Charlemagne* tr. in P. E. Dutton, *Charlemagne's courtier: the complete Einhard*, Peterborough, Ont. (1998): 32-3

[208] Einhard, *Life of Charlemagne* tr. in P. E. Dutton, *Charlemagne's courtier: the complete Einhard*, Peterborough, Ont. (1998): 33-4



*(**Благовестие**, Вурзбург околу 1240 година)*

*Германските уметници често позајмувале теми и стилови од византиската уметност.*

*Во овој случајМарија е облечена во византиски превез. Златната позадина, рамките и осветлувањето на драперијата на ангелот исто така рефлектираат византиски уметнички аспекти.*

Кога императорот Константин V пристапил кон уште поревносно спроведување на иконоборството за време на неговото владеење (740-775), јазот меѓу Рим и Цариград се

продлабочил. Иако во VIII век иконоборството бил напуштен, расцепот меѓу источната и западната црква не бил исцелен. Најзначајна последица од иконоборскиот период во Византија ќе биде прифаќањето на строг традиционализам во источната црква. Иако таа дотогаш во споредба со западната била карактеризирана со иновативност, иконокластичката контроверзија делувала дезориентирачки во нејзиниот понатамошен развиток. Наеднаш, византиската црква станала аверзна кон иновација во очите на Западот и создала помалку или повеќе статична религиозна култура  и трајно ја запрел на интелектуалната динамичност на византиска територија.

Во 1054 година дошло до поформално разделување со взаемното екскомуницирање на папскиот легат Хумберт, бискупот на Силва Кандида и цариградскиот патријарх Михаил Керулариј. Тоа што претставувало конфликт меѓу црквите често било поврзано со политичките несогласувања. Норманските кнежества во Јужна Италија, кои подоцна ќе бидат обединети во кралството Сицилија, сочинувале нова група со која Византија одржувала поблиски односи. Во 1071 година, Норманските освојувачи ги заземале последните византиски упоришта во Јужна Италија, по што следувале неколку воени експедиции против балканските владенија на Византиската империја. Во исто време, се до втората половина на XII век византиските императори не се откажале од надежта за повторното освојување на загубените територии во Италија. Венеција претставувала засебна единка со која Византија одржувала посебна врска. Од нејзиното формирање во VI век, Венеција била барем номинално дел од империјата, иако уште од VIII век се развила во автономна Византиска енклава во состав на Германската Света Римска империја и де факто целосно независна од почетокот на XI век. постојаниот интерес на Венеција за Византиската империја бил инспириран од нејзините трговски интереси. Од друга страна византиските императори во Венеција гледале сојузник кој можел да обезбедува поморска поддршка на империјата. Односите помеѓу Венеција и Византија генерано биле добри се до крајот на XII век, иако честопати проследени со тензија. Општо земено до почетокот на Правата Крстоносна војна сите овие западни сили не претставувале закана за егзистенцијата на империјата, ниту пак, со исклучок на Норманите од Јужна Италија, го заземале непријателскиот став кон неа кој бил карактеристичен во предвечерјето на настаните од 1204 година.

Во европските територии кои биле најодалечени од Византија исто така постоела извесна претстава за неа, иако директните врски помеѓу нив и византискиот свет биле раскинати со арапските и викиншките инвазии на Западна Европа, како што е случајот со Британските острови.[209] Заминувањето на Римските легии од Британија во почетокот на V век, како и пљачкањето на Рим од Готите од истиот период го бележат крајот на инкорпорацијата на островот во Римската империја според *Историјата* на Беда. [210] И покрај отцепувањето од империјата, и после Англо-Саксонските инвазии, сеуште постоел интерес за Рим и империјата на островот. Постојат докази и за извесни трговски врски од почетокот на VII век помеѓу јужните области на Британскиот остров и Византија со пронаоѓањето на остава од монети од времето на Фока во Ворчестер во XIX век. [211]Контактите со Византија, иако спорадични, продолжиле низ VII век, кога во 669 година како архиепископ на Кентербери ќе биде поставен Теодор од Тарс, кој како Византиец но одиграл важна интелектуална улога во Британија. По неговата смрт, интересот и запознаеноста со истокот во Британија полека опаѓал, за на крајот целосно да прерасне во митско место. Муслиманските и викиншките инвазии ги смениле политичките и материјалните граници на Западна Европа, со што уште повеќе изолирајќи ги Англо-саксонците од Медитеранот. Земањето на титулата "Римски император" од страна на Карло Велики и излегувањето на Папството од византиската сфера на влијание конечно го елиминирала директните идеолошки линкови меѓу Византија и Рим. Сепак, во Англо-саксонската имагинација останало сеќавањето за Источната Римска империја и Грчкиот исток , како место на висока култура, магија и чуда.[212]

### 3.3. Концептот за "Света војна" од Византиска перспектива

---

[209] Thomas Lecaque *Anglo-Saxon Perceptions of Byzantium: The Myth of the Greek East* MDVL 5104 (2011): 1

[210] *Bede's Ecclesiastical History*, Bertram Colgrave and Mynors, eds., Oxford Medieval Texts, eds. V.H.Galbraith, R.A.B. Mynors, C.N.L. Brooke, Oxford: Clarendon Press (1969): 41

[211] Patrick Sims-Williams,*Religion and Literature in Western England 600-800,*Cambridge Studies in Anglo-Saxon England 3, eds. Simon Keynes and Michael Lapidge Cambridge (1990): 89

[212] Thomas Lecaque *Anglo-Saxon Perceptions of Byzantium: The Myth of the Greek East* MDVL 5104 (2011): 1

Неопходно е, во поглед на дефинирањето на Првиот крстоносен поход низ очите на современа Византија да биде разгледан и концептот за "Света војна" како главна карактеристика на Крстоносните војни и што е суштината на разликата во перципирањето на истата од византиска перспектива. За поголемиот број цивилизирани народи, како и за различните историски етапи, терминот "Света војна " е контрадикторен. Се поставува прашањето кој е религиозниот мотив што уништувањето и убивањето на илјадници човечки суштества може да го претвори во свето дело? Меѓутоа, како што историјата покажува, религијата доста често служела како изговор за насилството. Неопходно е да се дадедефиниција за тоа што всушност претставува "Светата војна" низ неколку факти, коишто ќе ги сведеме на три критериуми. Светата војна мора да биде прогласена од страна на компетентна релгиозна институција; потоа гавната цел на таа војна мора исто така да биде од религиозна природа и за оние коишто ќе земат учество во неа мора да постои ветување за духовна награда. Според овие критериуми, во Медитеранскиот свет во Средниот век се појавуваат два вида на Света војна.[213] Прв се појавува исламскиот џихад. Џихадот претставува религиозна должност на муслиманската заедница да го пропагира исламот, применувајќи принуда по потреба, додека целиот свет не го исповеда исламот или е потчинет на неговите закони. Кога џихадот е прогласен од калифот, или некој друг религиозен исламски авторитет, добива форма на вооружен конфликт. Оние коишто ќе умрат во оваа борба се прогласени за маченициии се верува дека одат директно во рајот. Џухадот не станува еден од петте "столбови" na исламот, но се одржува преку неговото проповедање и атрактивноста на идеалот на маченииштвото и рајот, како и подопирливите награди на воен плен и освојување. Во неговата суштина, џихадот е агресивен и заснован на експанзија. Секако дека не секоја војна водена од муслиманите во Средниот век, дури и оние пртив "неверниците" е ваков тип на света војна. Во поголемиот број случаи се работи за обични племенски, етнички или меѓудржавни конфликти, чии корени често одат наназад до пре-исламски времиња. Од друга страна, во западна Европа, идејата за света војна се развива подоцна и од други причини. И покрај тоа што во денешно време Крстоносните војни се сметаат за најексплицитен пример за Света војна, треба да се има во предвид дека она што го нарекуваме Крстоносна војна е, особено во периодот за времето на Првиот крстоносен поход и целиот нареден век, преставувало аџилак и оние

[213] George T.Dennis, *Peace andWar in Byzantium:Ess ays in Honor*, ed. T. Miller and J. Nesbitt , Washington, D.C., 1995): 62–86

кои земале учество во неа се сметале себе си за аџии. Походот бил Свето патување, а не Света војна.[214] Како такво патување било сметано за дефанзивен акт; вооружените придружници имале за задача да ги заштитуваат аџиите на нивното патување до Светите места за христијаните и да ги бранат или ако треба да ги превземат истите доколку паднат во рацете на "неверниците". Ваквиот дефанзивен карактер ги разликувал Крстоносните војни од Џихадот, како и фактот што, барем на почетокот преку нив не било строго практикувано присилното наметнување на христијанството врз другите, што ќе се смени во подоцнежните векови, за што ни сведочат Албигојските Крстоносни војни во Јужна Франција и Крстоносните војни на Тевтонските витези во Балтичкиот регион. Сепак, ширењето на христијанството со употреба на сила воглавном останало непознато во христијанскиот свет, како на Западот, така и на Истокот. Имајќи го тоа во предвид, сепак Крстоносните војни биле свикувани од највисокиот религиозен авторитет на Западот - папата; имале цел од религиозен карактер - освојувањето и одбраната на христијанските Свети места; и за оние кои земале учество биле предвидени награди од религиозен карактер - во прв ред искупување на гревовите.

За Византијците и двете идеи и форми на Света војна - Џихадот и Крстоносната војна, им биле одбивни.[215] За џихадот од Византиска гледна точка биле можноста за пљачка и љубовта кон војувањето, што за нив била особина на варварите. [216] Византиските автори во нивните полемики против исламот од VII до XIV век постојано го критикуваат Џихадот како дозвола за неоправданото убивање и изговор за пљачкање.[217] Иако и на Византијците не им било туѓо практикувањето на масакрирање и пљачкање, кога околностите им го дозволувале тоа, тие не го правеле во името на религијата. Што се однесува до Крстоносние војни, доволно е да се навратиме на Алексијадата на Ана Комнина, каде што таа ги осудува учесниците и целото движење.[218] Секако дка тие биле поприивлечна форма на Света војна за Византијците и дел од нив ги пречекувале со добра

---

[214] Jonathan Riley - Smith, *The First Crusade and the idea of Crusading*, Pensylvania (1999): 108

[215] A. Laiou*, "On Just War in Byzantium,"* in To Hellenikon:Studies in Honor of Speros Vryonis Jr., ed. S. Reinert et al. New Rochelle, N.Y.( 1993), :156–77;

[216] Leonis VI, *Tacticae constitutiones* 18.24, PG 107:952. in G. Pauler and S. Szila´gyi, *A Magyar Honfoglala´s Kutfo¨i* Budapest, (1900): 11–89. (понатаму *Taktika*)

[217] A. T. Khoury, *Polemique byzantine contre l'Islam, VIII–XIII s.,* Leiden (1972), 243–59;

[218] **2.2 Ана Комнина за крстоносците**

војна првите Крстоносци. Императорот, Алексиј I третирал на еден учтив, дури срдечен начин, иако постојано внимателен и во една напната состојба. Општо земено, се чини дека Византијците никогаш не сватиле зошто всушност  Западните витези и нивните следбеници поминувале низ нивната територија.  Враќањето на Ерусалим под хирситјанска власт веројатно бил примамлива цел, но дали била вредна за еден зафат од такви размери, опкружен со премногу опаснсти и извршен со таква бруталност. Најпосле, за Византијците Цариград бил еднаков со Ерусалим, вистинскиот Свет град. Византијците, секогаш практични, низ целиот период на Крстоносните војни биле многу позаинтересирани за поседувањето на Антиохија и нејзината важна стратегиск позиција, од Ерсалим и неговата сентиментална вредност.  тие би биле наполно вчудовидени од проповедите на Свети Бернард и неговите повици за екстерминација на неверниците (delenda penitus) и на ставот дека убивањето на "Христовите непријатели" не се смета за убиство на човек туку за уништување на злото. Исто би било и нивното мислење за Темпларите, монасите - воини. [219] Византијците брзо добиле мислење дека Латините имаат на ум ни помалку ни повеќе туку заземањето на самата империја, што била и потврдено со настаните од 1204 година. На крај, Латините во Византија биле намразени исто колку, ако не и повеќе од муслиманите. Доколку во Западноевропските земји источните експедиции биле претставувани како "Света војна", таквиот назив сигурно не би бил популарен во Византија. Значи, Византијците немале концепт за Света војна, според критериумите наведени погоре. Тие секогаш биле прогласувани од императорот и водени во име на империјата, целосно во согласност со римската традиција. Војните водени од Византијците не го смениле својт карактер затоа што легиите сега влегувале во битка под знакот на крстот. Нивните молитви за благословување и другите религиозни практики во војувањето ја правело војната "Света" или религиозна. Од друга страна, сите византиски војни би биле свети, бидејќи самиот император, под чиј авторитет и понекогаш директно водство биле водени, бил свет, како претставник на Христос на земјата.

Во обидот понатаму да се категоризира конфликтот како религиозен или свет мора да се постави прашањето дали е предизвикан и воден примарно од религиозни причини и

[219] J. Leclercq and H. M. Rochais, *De laude novae militiae, in S. Bernardi opera,* vol. 3, ed, Rome(1963): 433

дали истиот би постоел доколку религиозната мотивација би била мала или непостечка? Крстоносните војни се префектен пример. Никој, дури и во Средниот век, не би се осмелил да го напушти својот дом да помине 2000 километри низ неверојатни тешкотии, и да се соочи со многу реалната смртна закана, ако не бил религиозно мотивиран. Се разбира постоеле и оние коишто биле мотивирани од можноста за материјална добивка, во прв ред Боемунд, но сепак мнозинството од Крстоносците не добиле никаква стратегиска, економска или политичка придобивка, особено во првите 100 години. [220] Тие марширале кон исток во името на она што го сметале за религиозен акт, аке не и должност. За нив, ова со сигурност била Света војна. Не е ни чудно што и кампањите на Ираклиј против Персијците, изобилувајќи со религиозни елементи, понекогаш се претставувани како прототип на Крстоносните војни. Персијците ги уништувале црквите, масакрирале христијани и го земале "Светиот крст" од Ерусалим. Патријархот се молел за победа и ги благословувал византикските војници кои марширале под симболот на крстот. Религијата играла голема улога низ целиот конфликт. Но, и во отсуството на овие религиозни мотиви, скоро со сигурност може да се тврди дека Ираклиј ќе тргнел во војна против Персија. Неговите походи биле водени од политички причини исто толку, ако не и повеќе од религиските причини. Војната на Ираклиј била само една фаза од геополитичкиот конфликт меѓу Римјаните и Персијците кој траел цели 6 векови. Исто така, иако религиозната реторика и ритуал се присутни и во Византиските војни на Никифор Фока и Јован Цимиски во X, па и оние на Комнините во XII век пред се биле политички, државни војни. Тоа што нивните цели понекогаш се поклопувале со религиозните не ја менува нивната основна карактеристика. Најважно од се, треба да се напомене дека истите религиозни практики биле применувани од византиските војски и кога непријателите со кој биле соочени биле христијани. Религиозните извици и симболи користени од византиските војници служеле за да го кренат моралот и самодовербата кај војската. Религиозните ритуали, особено евхаристичната литургија, имале за цел да го утешат војникот и да го подготват да го ризикува својот живот. [221] Свештениците и во денешно време сеуште вршат религиозни обреди за модерните армии, но тоа не ги прави нивните

---

[220] Рене Грусе, *История на кръстоносните походи и Иерусалимското кралство, том I, превод Владимир Владов, Васил Стоев,* София (2010): 258

[221] G . Dennis, *Religious Services in the Byzantine Army*, *Eulogema: Studies in Honor of R. Taft, Studia Anselmiana* 110, Rome (1993): 107-117

конфликти свети. Византиската црква со сигурност се молела за победа, но ја одбила молбата на Никифор I Фока паднатите војници во неговите походи против муслиманите да бидат прогласени за маченци. Крстот бил ставан на знамињата, или користен наместо нив, да ги потсети војниците на Божјата заштита и дека се борат за христијанскиот свет. Низ историјата, крстот бил претставен на знамиња во војни кои се далеку од "Свети".

Византискиот став кон војната пак, може најлесно да се разбере во контекст на начинот на кој тие генерално го гледале светот и животот. Овој свет и животот во него бил нестабилен и минлив. Едниствената трајна реалност можела да се најде во другиот - светот на Небесното царство. Виантиската империја требала да претставува обична рефлексија на онаа на Небото и императорот морал да го имитира Бог на небото. Како негов претставник, тој морал да се грижи за доброто на своите поданици и да ги заштитува од сите опасности, одвнатре и однадвор на државата, додека црквата играла поинаква улога. За разлика од нејзината Латинска сестра, Византиската црква го оставала повикот на војна и самото војување, дури и против најопасните еретици и неверници, на царската власт. Таа земала водечка улога во една друга борба, онаа за душите на верниците, борба не против човечките, туку против натприродните сили на злото. За византиските христијани ова била форма на војување која може да се нарече Света, иако во науката не е познат експлицитен случај на користење на овој термин. Додека секој хриситјанин е подложен на нападите на Ѓаволот, свештениците се во првите редови во војната против неговите слуги. Според Григур од Нацијан, свештеникот треба да се бори во духовната војна (pneunomatikos polemos). [222] Духовната борба е честа тема во житијата на светците. [223]

Пишано дело од Византијците за идеологијата на војната, Света или праведна, сеуште не стигнало до нас и малку е веројатно дека такво дело воопшто некогаш е напишано. Податоците за ставот на Византијците кон оваа идеологија може да ги црпеме од воените прирачници и истории. Иако има повремени восклици на восхит за славата и храброста на военото поле во современите дела и иако во суштина зависеле од војната за

[222] Gregory of Nazianzus, The *five theological orations of Gregory of Naianzus, Oratio 2*, ed. by Arthur James mason, Cambridge (1899): 495
[223] Tomas Spidlik, *The* Spirituality of the Christian East*: A systematic handbook,* Michigan (1986): 233-266

нивниот опстанок, Византијците, ја сметале војната за "најголемо од сите зла". [224] Според Лео VI "мораме секогаш да го претпочитаме мирот над се друго, и да се воздржиме од војна".[225] Се добива една слика според која војната ја гледале како последна опција во постигнувањето на целта. Заканата била претпочитана од практичната примена на војната, и во ова Византијците покажуваат забележителен континуитет со Римјаните. Тие барале начин да ја постигнат политичката цел преку дипломатија, поткуп, религиозна конверзија или најпознатата византиска тактика на најмувањето на непријателот на нивниот непријател. Само кога се друго ќе потфрлело тие се осудувале да го применуваат оружјето. А дури и тогаш тие се обидувале да избегнат фронтален напад и се концентрирале на истоштување на непријателот, повремени изолирани судири и стратегиско маневрирање и надмудрување со противниците. Тие се двоумеле во водењето на војната на морална и практична основа. Убивањето, дури и кога било "оправдано" било зло - треба само да си припомниме на познатиот, иако ретко земан во предвид, канон на Свети Василиј кој прогласил дека на војниците кои убивале во битка требало да им се забрани пречест во траење од 3 години. Од практични причини, пак, војната била опасна и нејзината примена скапо ја чинела царската каса. Сево ова е во согласност со концентрирањето на дефанзивата во византиската стратегиска теорија и пракса. Византијците не биле борбен народ, што и ги навело Крстоносците да ги обвинат за кукавичлак. Целиот нивен став кон војната бил дефиниран од акцентот на одбраната и во тоа сигурно се разликувал од Крстоносните војни и Џихадот, кои по својата природа биле агресивни. Дури и офанзивните походи во непријателска територија на Ираклиј, Никифор Фока, Јован Цимиски и Василиј II биле насочени кон враќањето и заштитата на регионите кои сметале дека припаѓале на Римската империја. Во Византискиот свет, за разлика од Западна Европа во Средниот век, војната не била поле на кое благородниците го покажувале своето јунаштво и се кителе со слава. Самата по себе, војната кај Византијците не претставувала добар или акт за пофалба, и со сигурност не била "света". За да разбереме како ја оправдувале војната и нејзината примена треба да се осврнеме на Алексијадата на Ана Комнина, каде што таа, во обид да објасни зошто нејзиниот татко Алексиј I Комнин посветил толку време и енергија во војувањето, ја цитира позната

[224] G. Dennis, *Three Byzantine Military Treatises,* Washington, D.C., (1985): 20–21

[225] *Taktika...* 45

изрека на Аристотел дека "целта на секоја војна е мирот". [226] Таа исто така појаснува дека, како и секоја индивидуа и државата има право да употреби сила во својата одбрана. Алексиј , според неа, оправдано стапувал во воени дејствија за да ја поврати изгубената територија, за да ги присили противниците да се придржуваат кон договорот или да избегне некое поголемо зло. [227] Ваквиот став на Ана Комнина, како современик на Првата и Втората Крстоносна војна за војната и случаите кога нејзината употреба е оправдана, е уште позначаен во рамките на ова дело. Другите византиски автори, кога пишуваат за причините за војните, прават напори да ги оправаат исто колку и Ана Комнина во Алексијадата. Можеби најчистото и најдирекно објаснение на византискиот поглед на војната и војувањето е дадено од Лав VI на почетокот од неговата "Тактика", на почетокот од X век. Додека највисокиот приоритет на императорот е да го осигура мирот и просперитетот на неговите поданици, тој заклучува дека, за да го постигне тоа, мора да ги одржува вооружените сили во добар ред и да го промовира проучувањето на тактиката и стратегијата. Понатаму, тој го оправдува ваквото гледиште додавајќи дека иако, во согласност со Божјите закони, сите луѓе треба да го практикуваат мирот и да живеат во хармонија со другите, но тие се манипулирани од Ѓаволот, го користи гревот да ги наведе луѓето на војна и го наведува на војување, нешто што е туѓо на човековата природа. Затоа апсолутно е потребно луѓето да војуваат и да им се протистават на оние народи кои се маневрирани од него и ја сакаат војната. На крај, Лав I верува дека "мирот ќе биде прифатен од сите како начин на живот". [228] Така, Византијците не требало да војуваат против другите народи, доколку тие први  не отпочнат непријателските дејствиа и ја нападнат нивната територија. Во тој случај, непријателот почнал неправедна војна и Византијците имаат легитимно право да војуваат, имајќи ги Бог и правдата на своја страна.[229] Византиските војни никогаш не биле Свети, но биле "праведни" војни. Секогаш биле водени за одбрана на империјата или за враќање на територија на која Византијците полагале право. Војниците ги ризикувале своите животи за императорот и неговите христијански поданици.

[226] Anna Comnena,*The Alexiad...* 220

[227] Angeliki E. Laiou*, On Just War in Byzantium: Studies in Honor of Speros Vryonis, Jr., Ed¬its. John S Langdon, Stephen W. Reinert, Jelisaveta Stanojevich Allen, Christos P. Ioannides,* New York (1993): 156–165.

[228] *Taktika...* 673.

[229] Ibid, 696

Како заклучок, муслиманите верувале дека може да се користи воена сила со цел сите луѓе да се преобразат во исламот; западните витези верувале дека од нив се бара да го бранат христијанството и дека напаѓањето на неговите непријатели преставува нивна света должност. Византијците, не ја сметале војната ниту за добар ниту свет акт, туку за зло коешто единствено може да се оправда под одредени околности во чија основа била одбраната на империјата и христијанската вера.

### 3.4. Ана Комнина за Крстоносците

"Алексијада" (грчки: Ἀλεξιάς) е средновековен биографски текст, напишан околу 1148 година од страна на византиската принцеза Ана Комнина, ќерка на императорот Алексиј I, и во неа воглавном е опишана политичката и воена историја за време на неговото владеење (1081 – 1118 год. н. е.). Ова дело се смета за еден од најважните извори не само за византиската туку и средновековната историја воопшто, документирајќи ја интеракцијата меѓу првите Крстоносци и Византиската империја и покрај фактот што е пишувана скоро 50 години после од спомнатите настани, при што во него се забележени конфликтните перцепции меѓу Византијците и Крстоносците, односно помеѓу истокот и западот во раниот XII век. Оригиналот е напишан во еден вид „вештачки" Атички Грчки, и самото дело претставува еден од само неколкуте примери до тој период на жена која пишува за политичката и воена историја на нејзината земја. Поради тоа таа понекогаш се смета за првиот поважен женски историчар.

За причините и околностите под кои настанало самото дело неопходно е првин да се разгледа животот на нејзиниот автор. Ана Комнина (Ἄννα Κομνηνή) била родена 2 години откако нејзиниот такто, Алексиј, го узурпира престолот, и станува „Римски" император во Константинопол. Како негово прво од вкупно 9 деца, родено во Порфирната сала, таа веднаш е верена за Константин Дука синот на поранешниот император Михаил VII Дука, којшто требало да биде „вистинскиот престолонаследник". Како иден наследник на престолот таа уште од мали нозе е внимателно подучувана во полето на историјата, математиката, науката и античката филозофија. Интересно е што и покрај тоа што нејзините родители ѝ го забраниле учењето на античката поезија, којашто изобилувала со

глорифицирање на блудни богови и порочни жени и според тогашните сфаќања била неадекватна и дури и опасна за девојка од нејзиниот статус, таа тајно ја читала забранетата поезија со еден од евнусите од царскиот двор.  Оваа интересна анегдота зборува многу за нејзиниот карактер. Како и да е, факт е дека таа се здобила со извонредно образование што ја ставало во редовите на најучените жени на нејзиното време. Бидејќи во времето на веридбата на Ана и Константин, коишто сеуште биле деца, императорот Алексиј немал машки наследници, Константин бил прогласен за совладетел на Византиската империја. Меѓутоа, ситуацијата се изменила во 1087 година со раѓањето син на Алексиј и во 1092 година веридбата била раскината од страна на императорот и неговиот син и помлад брат на Ана - Јован бил прогласен за престолонаследник. Но, дури по смртта на „законскиот престолонаследник“ Константин во 1097 година таа е омажена за цезарот Никифор Вриениј Помладиот, којшто пак бил син на еден од поранешните ривали околу престолот на Алексиј. Самиот Никифор бил доста успешен државник, војсководец и историчар. И покрај тоа, таа самата пишува дека го прифатила бракот само да ги задоволи нејзините родители, меѓутоа во самиот вовед на Алексијадата, опишувајќи го нејзиниот сопружник таа го возвишува и опсипува со пофалби. Тие остануваат во брак 40 години и имале 4 деца, а во текот на овој период таа пишува поезија, од којашто денес останале само неколку фрагменти.

Животот на принцезата бил обележан од нејзината желба да биде на чело на империјата, којашто била разнишана со раѓањето на нејзиниот брат. Така, при крајот на владеењето на Алексиј, таа заедно со нејзиниот сопруг и нејзината мајка Ирина Дукина заговараат да го лишат од наследството нејзиниот брат и таа и Никифор да бидат крунисани за цар и царица, во што не успееле. Сепак, таа продолжила со обидите за узурпација на царскиот престол, но нејзиниот ентузијазам во тоа не бил делен од страна на нејзиниот сопруг којшто одбил да соработува, на големо разочарување на Ана. Заговорот бил откриен и таа морала да се отаже од статусот на член на царското семејство и била принудена на прогонство во  манастир заедно со нејзината мајка, што било вообичаена „казна“ за жени од висок ранг во византиското општество. Од друга страна Никифор останал во царскиот двор и станал еден од најблиските соработници на императорот Јован II Комнин. Во заточеништвото во Кехаритоменскиот манастир, којшто

бил основан од нејзината мајка, Ана го посветила своето време на понатамошно проучување на филозофијата и историјата и организирала интелектуални собирања. Нејзиниот неоспорен интелектуален гениј и опширно знаење е евидентно од нејзините неколку напишани дела, а од страна на нејзините современици, како епископот од Ефес, била гледана како некој којшто ги достигнал „Највисоките врвови на мудроста, како световни така и божествени“. Може да се претпостави, поради малите грешки во цитирањето на делови од Библијата и Илијадата и Одисејта на Хомер при пишувањето на Алексијадата дека цитираните делови ги знаела наизуст и ги пишувала од памтење.

Нејзиниот сопруг, Вриениј пишувал историја која се фокусирала на владеењето на императорот Алексиј, но неговата смрт во 1137 го спречува да ја доврши. Ана, којашто веќе била околу 55 години, имајќи услови и доволно време на располагање, наоѓајќи се во веќе спомнатиот принуден егзил во Кехаритоменскиот манастир се зафаќа со задачата за довршување на неговото дело нарекувајќи го Алексијада. Завршеното дело се состоело од вовед и 15 помали книги опфаќајќи го животот на Алексиј Комнин од неговата младост, кога е назначен за главен заповедник на Византиска армија во времето на императорите Михаил VI Дука и Никифор III Вотанијат и неговото издигнување на престолот, се до неговата смрт во 1118 година. Карактеристичен е нејзиниот живописен опис на оружјето, воените тактики и битките. Треба да се земе во предвид дека Ана воглавном пишува за настани кои се случиле додека таа била уште дете, па така опишаното во Алексијадата не е од прва рака. Сепак, покрај царската архива којашто и била достапна, таа ја имала можноста да собере податоци за настаните за кои пишува од најважните фигури во византиската елита коишто самите земале свое учество во нив или во најмала рака биле нивни сведоци. Така, на пример, самиот Никифор Вриениј, нејзиниот сопруг, учествувал во судирот со Крстоносците водени од Годфриј од Бујон под самите ѕидини на Цариград во 1097 година, потоа нејзиниот вујко Георги Палеолог бил присутен кај Пелеканон, јуни 1097 година, каде што се воделе преговорите меѓу Алексиј и Крстоносците. Тука доаѓа до израз значењето на Алексијадата како единствен очевиден хеленистички извор за Првата крстоносна војна и ни ја предава истата од гледна точка на византиската елита, пренесувајќи ја вознемиреноста од големиот број западноевропски трупи кои ја преплавиле империјата на патот кон Светата земја. Делото , исто така дава свој допринос

во разбирањето на женскиот менталитет, начин на размислување и перцепција во Визанија за време на Комнинската династија.

Стилот на пишување на Алексијадата очевидно е обликуван по оној во делата на античките историчари, како Тукидид, Полибиј и Ксенофон. Како последица на тоа, ја рефлектира и борбата за еден вид атицизирање во духот на Класичниот период, при што јазикот користен во нејзиното пишување е вештачки. Во најголем дел, хронологијата на настаните во делото е точна, освен за оние коишто се случиле по нејзиниот егзил во манастир, кога повеќе царската архива не и била достапна. За едно непристрасно дело, какво што самиот автор тврди дека се обидува да напише, најголемиот проблем на Алексијадата е односот помеѓу нејзиниот автор и објектот на интерес. Со право може да се нарече еден вид хагиографија, бидејќи и покрај нејзините искрени обиди да биде објективна, нејзината нескриена восхитеност од императорот и царицата, нејзините родители, посојано излегува на виделина и таа наоѓа добра, или барем разумна причина скоро за секоја нивна постапка. Нејзината неутралност е компромитирана и од фактот што веројатно пишувајќи го делото била водена од желбата да ги величи делата на нејзиниот татко на сметка на неговите наследници, кон коишто сепак имала право да биде непријателски настроена. Меѓутоа, од друга страна, ако се земе во предвид перспективата од 900 години временска разлика, читачот на делото може да си дозволи да биде толерантен и едноставно да се препушти на нејзината неспорна способност и вештина во предавањето на историјата.

Пишувана при крајот на нејзиниот живот, Алексијадата нуди и увид во емоционалните превирања на принцезата, којашто ја оплакува изолиранаата позиција во општеството којашто и била наметната поради принудениот егзил во којшто се наоѓала. Точната дата на нејзината смрт не е позната, но од опишаните настани во Алексијадата може да се заклучи дека сеуште била жива во 1148 година, па според тоа таа го надживува нејзиниот брат Јован II Комнин којшто умира во 1143 година и е наследен од страна на неговиот син Мануел. Познати се податоци за посмртен говор во нејзина чест во 1156 година, иако не мора да се земе дека бил напишан непосредно по нејзината смрт од страна

на некој коишто учествувал на спомнатите интелектуални собири во манастирот којшто бил избран за нејзиниот егзил.

Од непроценливо значење за ова дело е сликата која ни ја дава за Првиот крстоносен поход и неговите учесници при нивното минување низ византиската територија и интеракцијата меѓу нив и императорот. Делот за Крстоносците во Алексијадата почнува кон крајот на X книга и продолжува низ целата XI книга, опфаќајќи го периодот од првиот контакт на Византијците со т.н. "Народни Крстоносци" на Петар Пустиникот, до доаѓањето на главнината од Крстоносната војска, нивното испраќање во Мала Азија и комбинираните акции со Византијците, се до опсадата на Антиохија, каде што завршува византиското учество во походот со враќањето на Татакиј и византиските војници кои ги придружувале Крстоносците. Можеме слободно да претпоставиме дека таа ја отсликува перцепцијата на византиската елита за првите Крстоносци. Карактеристичен е самиот почеток од нејзинотот извештај за Крстоносците, при што не дава никаква алузија за тоа дека Алексиј го очекувал нивното доаѓање. Во описот на Алексијадата, Византијците се сосема изненадени од извештаите за мношвото "Франки", кои се приближуваат кон византиските поседи на Балканот. Понатаму, таа известува дека сите народи на Западна Европа, тргале во преселба кон Азија. [230] Во терминот "Франки" тука биле опфатени сите учесници во овој поход, без етничка дезигнација, којшто често во Алексијадата ќе биде користен наизменично со "Латини" и "Келти". Терминот "варвари", со којшто Ана Комнина често се служи како колективен назив за сите народи надвор од империјата, вклучувајќи ги и западноевропските, исто така ќе го користи и за Крстоносците. Ваквите извештаи длабоко го загрижиле императорот, кој бил запознаен со агресивната природа на Латините, нивната незаситлива алчност, и непочитување на договорите.[231] Како причина за ваквото движење Ана Комнина го припишува исклучиво проповедањето на Петар Пустиникот, кој доживеал многу страдања од рацете на Турците и Сарацените при неговот патување на аџилак и не успеал да стигне до "Гробот Божји". Таа опишува како тој не сакајќи да се откаже од својата намера смислил план и почнал да проповеда по Латинските земји дека "Гласот Божји" од него барал да им објави на сите благородници во

[230] Anna Comnena,*The Alexiad... 176*
[231] Ibid

Франција да ги остават своите домови и да тргнат на поклонение на Гробот Божји и да го спасат Ерусалим од рацете на Сарацените. Неговата проповед била навистина успешна и на Франкиските војници им се приклучиле множество од невооружени маси. Тука таа наведува еден натприроден знак кој го навестил доаѓањето на Крстоносците, во форма на наезда на скакулци која ги нападнала лозовите насади и бил интерпретиран како предвесник за однесувањето на Крстоносците, кои само ќе поминат низ византиска територија, како што скакулците го одминале житото, а ќе се насочат кон муслиманите, кои според Ана Комнина биле љубители на виното и пијанството. [232] Интересно е што во овој пример, Византија и нејзините поданици експлицитно се персонифицирани со христијанството, а Крстоносците воопшто не се религиозно дезигнирани, туку се едноставно идентифицирани како наезда.

Во нејзиниот опис на пречекувањето на Крстоносците во Константинопол, најпрво е дадено она на "Народната Крстоносна војска" на Петар Пустиникот и нивното префрлање во Мала Азија, при што постојано ја потенцира суровоста, алчноста и необузданоста на Латините, што било и причина за пропаста на овој прв бран Крстоносци кај Никеја. Следно, таа го наведува пристигањето на главнината од Кртоносците на чело со главните водачи, при што не се воздржува да го потенцира секое понижување на Латините, каде тоа е возможно, како што е бродоломот на војводата од Вермандоа и судирот на византиската флота со онаа на која пристигале Крстоносците на Рајмунд Тулуски, а која била составена од пиратски бродови. [233] И иако сите тие марширале под изговор дека нивната цел е Ерусалим, според неа всушност имале намера да го симнат Алексиј I Комнин од престолот и да го заземат Цариград, на што биле поттикнати од Боемунд.[234] Толпата Крстоносци на чело со Гдофри од Бујон, залогорени надвор од ѕидините на престолнината дури се дрзнува да нападне, кога се прошириле гласини дека императорот ги затворил нивните водачи кои биле на преговори со него во самиот град. После неколку судири со царската војска и Годфриј се согласува да положи заклетва на императорот дека сите освоени места кои претходно припаѓале на империјата ќе и бидат вратени. Главната цел на Алексиј била што побрзо да ги пренесе водачите и нивните Крстоносци на азискиот брег

[232] Anna Comnena,*The Alexiad... 176*
[233] Anna Comnena,*The Alexiad... 182*
[234] Ibid... *183*

како што пристигале, не оставајќи им шанса да се обединат сите пред цариградските ѕидини. Во текот на овие преговори, Ана Комнина повторно ја потенцира необузданоста на Латините, опишувајќи како еден од витезите на Годфриј седнува на местото на императорот, којшто пак покажува извонредно трпение со Крстоносците давајќи му совети на истиот како најдобо да се соочат со Селџуците во битка.[235] Односите на императорот со Боемунд од Тарент, се веќе опишани во едно од претходните поглавја на ова дело. Тука вреди да се спомене дека Ана Комнина, која до некаде била фасцинирана од нормаскиот водач, му припишува задни намери во однос на императорот, коишто ги затскрива со неговата учтивост и медијаторска улога која ја игра во преговорите меѓу императорот и Крстоносците. Понатаму таа го опишува походот на Крстоносците до Антиохија придружени од еден контингент византиски војници, при што секогаш ги оправдува и дава во најпозитивно светло постапките на императорот во неговата интеракција со нив.

На крајот, таа ја маргинализира победата на Крстоносците и заземањето на Ерусалим и се концентрира на конфликтот на Алексиј I Комнин со новоформираното норманско кнежевство во Антиохија. Според извештајот на Ана Конена, од византиска перспектива, од самиот почеток Крстоносците не можеле да бидат ништо друго туку варварска инвазија од Запад поттикната од љубовта кон војувањто на Латините и нивната алчност, додека религиозниот порив како фактор бил занемарен или воопшто не земан во предвид при нејзиниот опис на феноменот што го претставувал Првиот крстоносен поход.

# 4. Промените во Византија предизвикани од Првиот крстоносен поход

## 4. 1. Византиската перцепција за Латините во Првиот крстоносен поход

[235] ibid... 188

Првите Крстоносци од Западна Европа ентузијастички го "земале крстот", со намера да отидат на помош на нивните братски христијани од истокот. Овој ентузијазам не бил делен од самите источни христијани. Според голем дел од модерните научници, првите Крстоносците верувале дека ќе тргнат на поход под команда на императорот Алексиј,[236] но по пристигањето во Цариград, сфатиле дека биле недобредојдени гости на неговата империја. Византијците се чувствувале заплашени од нивниот број, кој бил многу поголем одошто очекувале, и фактот што биле командувани од нивни водачи и не одговарале пред Алексиј или било кој друг византиски војсководец. Тоа значело дека Алексиј немал контрола над Крстоносците - тие ниту морале да му се покоруваат ниту да му служат. Алексиј исто така бил вознемирен од одговорот на неговиот повик за помош од запад, што било логично земајќи ги во предвид претходните кампањи водени од Западните Европјани, поточно Норманите, против Византија. Византијвците гледале на Крстоносците со голема доза на сомнеж и неверување во самата нивна мисија. Политикта, авторитетот и лојалноста играле голема улога во третманот и односите меѓу Византијците и Крстоносците. Западњаците верувале дека папата е врховниот религиозен авторитет и дека источните христијани се во заблуда, а верувале и дека папата ги поттикнувал Норманските напади на Византија.[237] Исто така, еден од лидерите на Крстоносците бил самиот Боемунд од Таранто, син на Роберт Гвискард, еден од најголемите непријатели на Алексиј I Комнин. Византијците, разбирливо имале сомнеж дека ова ќе биде втор обид на Западњаците да се освои Константинопол, и иако Гвискард и неговиот син не успеале предходно, овој пат биле значајно посилни.

Папата Урбан очигледно не ги разбрал потребите на Визнатискиот император, кој најверојатно имал свој план за Крстоносната војна. Писмата и Говорите укажуваат на тоа дека главна цел на папата била контрола над Светата земја, што ќе му даде предност во обидите за повторното обединување на црквата, отколку да им помогне на источните христијани во одбраната од Турците.[238] Разбирлива е претпазливоста на Алексиј од намерите на Крстоносците, замајќи го во предвид поранешниот конфликт меѓу папата и

[236] Riley-Smith, Jonathan, *The First Crusade and the idea of crusading,* University of Pennsylvania Pres, (1994):55

[237] Nelson, Laura, *The Byzantine Perspective of the First Crusade:A Reexamination of Alleged Treachery and Betray,* Morgantown, West Virginia (2007): 47

[238] Ibid... 48

императорот за кој да има религиски авторитет , и заради тоа што претходно беше нападнат од некој од истите од овие лидери кои сега минувале со војска низ неговата територија. Алексиј барал платеници кои ке бидат под негова команда, додека папата го повикува целиот Западен христијански свет, што би било непотребно доколку неговата цел била да пружа помош на византиската војска која самио имала потреба од додатна воена поддршка. Урбан ја оправдува оваа војна со антагонизмот покажан од страна на муслиманите, но се гледа дека главна намера му било заземањето на Ерусалим, а како споредна цел било помагањето на Источната црква да се одбрани од нападите. Со тоа што папата преку Крстоносците ќе одговори на побараната помош од Алексиј, а во исто време тие ќе го искористат моментот и територијата на Визнатија за доаѓање до светата земја. Враќањето на поранешните провицнии под Визнатија било многу поважно за Алексиј, отколку преземањето на Ерусалим од Муслиманите. На почетокот на Првиот крстоносен поход Ерусалим бил контролиран од Фатемидскиот калифат од Египет, со кој Визнатија имала неколку години добри односи, и којшто добро го третирал локалното христијанско население.[239] Бидејќи Турицте ја имале заземено Антиохија и околните територии, која била од голема воена и религиска важност за Византијците, одејќи на југ, за Византија било добро Фатемидите да го контролираат Ерусалим, како контрабаланс на Турците.Целта на Визнатија била јасна - држејќи ги муслиманските држави одвоени и создавајќи недовреба меѓу нив, да го оневозможи нивното обединување во една муслимаска држава што би била закана за Визнатија. Крстоносците напаѓајќи ги сите муслимани ќе го постигнат токму тоа, обединувајќи ги во нивната одбрана од заедничкиот непријател.

Од друга страна Крстонсците го имале прифатено фактот дека императорот ќе има целосен авторитет на христијанскиот исток,[240] но во меѓувреме религиозните разлики исто така ќе испливаат на површина. Крстоносците не можат да ја разберат толеранцијата покажувана кон муслиманите од страна на Визнатијците. За западните земји било несфатливо постоењето на џамија во Константинопол, каде оделе муслиманските трговци и пратеници. Ваквото однесување за нив не само што се чинело еретичко, туку изгледало

[239] Nelson, Laura, *The Byzantine Perspective of the First Crusade:A Reexamination of Alleged Treachery and Betray,* Morgantown, West Virginia (2007): 51
[240] Ibid... 53

дека тие и ги поддржуваат "неверниците".[241] Во едно писмо од тој период "Грците" се вброени меѓу еретиците,[242] но се работи за преседан и оваа референца можеби се однесува не на ортодоксните туку на грчките еретици во Сирија, бидејќи редовите на грчкиот клер биле почитувани. Фсушност нема доказ за било каков анимозитет, или дури завидливост, спрема византиската популација како на територија на Византија, така и на територја на Мала Азија и Светата земја. Иако византијците биле сметани за воено некомпетентни и Византиската власт и нејзините претставници биле обвинувани како предавници.[243] Византискиот император бил заинтересиран да им помогне колку што може на Крстонсоците, иако главно гледа на нив како на оружје за да ги поврати изгубените територии. Ова оружје, во чие создавање самиот Алексиј играл посредничка улога, од Византијците бил гледан како нешто опасно но и може да послужи за опстанокот на империјата. Добро организираните Крстоносци ќе им зададат сериозен удар на Турците во Мала Азија,  што во прв план било и причината поради која тој побарал помош од папата. Најголема грижа на Императорот била безбедноста на неговата империја и неговите луѓе, и  одржувањето на дисциплината во редовите на крстоноците со цел да не се свртат против неговата империја, што би создало сериозен проблем. Кога крстоносните лидери не се сложувале со неговите барања тој не се двоумел да ја прати својата војска против нив, но доколку се однесувале како што посакувал тој ги наградувал со подароци и привилегии за нивната лојалност. Алексиј бил убеден дека главна цел на крстоносните водачи во оваа војна е да додјат до свои владенија на истокот. Тој немал ништо против се додека неговата империја си ги поврати загубените територии, кои ги имала пред Турската инвазија, при  што формирањето христијанска територија која ќе ја дели Византија од муслиманите секако му одела во прилог.[244] Но мора да се има во предвид дека гледањето на војната помеѓу Визнатија и Западните држави било драстично различно. Латините веруваат дека ослободувањето на светата земја од мулиманите и Евреите е света работа, додека  Визнатија војната како што е наведено погоре ја оправдуваат само доколку е за одбрана.[245] Што се однесува до обичното население, кое како и при секоја војна најмногу ги сносело негатвините последици гледало со страв кон

[241] Ibidem
[242] Riley-Smith, Jonathan, *The First Crusade and the idea of crusading*, University of Pennsylvania Pres, (1994): 108
[243] Ibidem
[244] Ibid… 58
[245] **3.1. Концептот за "Света војна" од византиска перспектива**

Латините кои како дел од Крстоносниот поход извршиле бројни злодела врз него, и често се приклучувало кон византиската војска во нејзините судири со разузданите крстоносни контингенти.[246] Нивното задржување на византиска територија сепак било прекратко за било каков подолготраен ефект врз секојдневниот живот на локалото население.

Се уште се дебатира дали поводот за започнување на Крстонсоните војни било зајакнување на исламот и дека битката кај Манцикерт бил почетокот на падот на Визнатиската империја. Според ваквото гледање на понатамошните настани, неуспехот во оваа битка била прватa причина за започнувањето на Првиот крстоносен поход, бидејќи доколку победеле Визнатијците, императорот ќе немал потреба да бараат помош од папата, што непосредно ќе доведе до катастрофата која 1204 година, после којашто ослабената Визнатија не ќе може успешно да се брани и ќе го дочека својот крај во 1453 година, кога Константинопол ќе потпадне под муслимаснка контрола.[247] Не може да се негира дека оваа Крстонсона војна била одлучувачки настан кој ќе го смени текот на историјата за Византија. Во крајна мерка говорот кој ќе го даде папата Урбан во Клермон во 1095 година ќе доведе до серија настани кој ќе ги влошат односите помеѓу Истокот и Западот. Сликата не е целосно јасна, се додека не се види од повеќе преспективи. И Визнатиските и Западните извори за Првиот крстоносен поход во крајна линија ја опишуваат како брутална и ирационална. А Откако првата крстоносна војна била веќе позади Византија, неверувањето кон западните држави станува поголемо од кога и да било. Додека траат крстоносните војни, Взинатија ке се најде помеѓу западните Христијански сили кои сакаат да го заземат и задржат Ерусалим, и Муслиманските сили кој се обидуваат да ги спречат. Со иницирањето на Првиот крстоносен поход на папата Урбан во Клермон во 1095 година ке почнат повеќе тензични настани помеѓу Истокот и Западот кои траат се до ден денес.

---

[246] Anna Comnena,The Alexiad... 178

[247] Nelson, Laura, *The Byzantine Perspective of the First Crusade:A Reexamination of Alleged Treachery and Betray,* Morgantown, West Virginia (2007): 83

### 4. 2. Економските промени во Византискиот свет

Какви проблеми и предизвици Крстоносците и Крстоносните држави претставиле за Византиската империја? Дали влијаеле на механизмите и методите на трговија? Дали донеле било какви структурални промени, или биле ирелевантни и единствените прашања остануваат да бидат поврзани со Италијанското присуство и евентуално доминирање со трговијата во овие облати? За Византиската империја, прашањето за економското влијание, доколку има такво, од Првиот крстоносен поход е целосно поврзано со прашањето за влијанието на италијанските трговци врз византиската економија, што го предатира и е блиску поврзано со самото крстоносно движење. Со текот на времето, присуството на италијанските трговци на византиска почва со текот на времето станува доминантно, редуцирајќи го степенот на слобода на локалните трговци. Друг факт кој треба да се земе во предвид при проучувањето на екеномските промени во Византија и источниот медитера како последица на Првиот крстоносен поход е создавањето на Крстоносните држави по 1099 година, што значело дека во источниот Медитеран биле присутни 3 одделни христијански групи: Византијците, Крстоносните држави и Италијанските трговци, доколку ги исклучиме локалните хриситјани на Блискиот исток, чијашто интерконекција ќе биде од голема важност.

Директниот контакт на Византија со Крстоносците од Првиот крстоносен поход од нивното стапување на Византиска територија од 1096 со прекини ќе трае се до 1108, односно вклучувајќи го и крстоносниот поход од 1101 година и втората норманска инвазија на Балканот на Боемунд од 1104 година. Од економска гледна точка во овој период постоеле 2 релевантни проблеми: снабдувањето на војските како што минувале низ византиските земји и размената на валутите. Главен предизвик за визнтиската економија претставувала огромната бројност на Крстоносните армии. Според модерните проценки, Народната крстоносна војска броела околу 20 000 при пристигањето пред Цариград, додека главните Крстоносни војски броеле околу 42 000[248] - 60 000 вклучувајќи ги и ненаоружаните придружници. Крстоносната војна од 1101 година, за која постојат

248 Jonathan Riley - Smith, *The First Crusade and the idea of Crusading*, New York (1999): 62

огромни современи проценки, мора да имала уште повеќе учесници.[249] Треба, исто така да се земе во предвид и времето кое Крстоносците го поминале на византиска почва, за што проценките се движат од 2 за повеќето до 6 месеци за оние кои најдолго се задржале, како што се војските на Рајмунд од Тулуз и Боемунд. [250] Како што е добро познато, војските кои ја сочинувале Првата Крстоносна војска биле премногу аморфни и дезорганизирани за било какви формални спогодби за нивно снабдување да бидат направени пред нивното доаѓање. Позната е само спогодбата од таков тип со Ломбардската војска од 1101 година, пред нејзиното стапување на византиска територија.[251] Што се однесува до самите Крстоносци, иако еден хроничар напоменува дека носеле некаква количина на провизии со себе[252], тие несомнено биле потрошени пред нивното пристигање во Византија. За таа цел, Крстоносците носеле пари и сребро со нив, најверојатно за да ги искористат за купување залихи. Византиските власти со сигурност очекувале Крстоносците сами да ја купуваат храната; Алексиј I веднаш штом разбрал за нивното доаѓање, пратил свои чиновници во Драч и Авлона да орагизираат панаѓури низ сите места кои се наоѓале на нивниот пат. [253] Дека не сите Крстоносци мислеле исто може да се заклучи од бројните судири меѓу нив и локалното население токму околу овие набавки на провизии. Императорот, се чини, како одговор се погрижил достапноста на овие панаѓури согласна со заклетвата за пријателство на водачите на Крстоносците. Сепак, постојаната жалба на Крстоносците во врска со ова била дека нема од кого да купат храна, како што е случајот со жителите на Костур кои одбиле да им продатат било каква храна поради сомнежот што го имале кон мотивите на Крстоносците.[254] Друг начин на снабдување на Крстоносците бил од царските донации. Алексиј I веројатно директно снабдил со храна голем дел од Народната Крстоносна војска на Петар Пустиникот. Пред освојувањето на Никеја Алексиј пратил брод со залихи за купување на Крстоносците, но по нејзиното паѓање, тој дозволил да бидат разделени на сиромашните од Крстоносната војска, што Стефан од Блуа го

---

[249] J. L. Cate, *The Crusade of 1101*, Madison, Wisconsin (1969): 351

[250] *The Crusades from the Perspective of Byzantium and the Muslim World,* edited by Angeliki E. Laiou and Roy Parviz Mottahedeh, Dumbarton Oaks Trustees for Harvard University, Washington, D.C. ( 2010): 162

[251] Albert of Aix, *Historia Hierosolymitana,* RHC, HOcc4, Paris (1879): 559

[252] Roberti Monachi *Historia Iherosolimitana,* RHC, HOcc 3, Paris (1866): 744

[253] Anna Comnena,The Alexiad, translated by Elizabeth A. S. Dawes In parentheses Publications Byzantine Series Cambridge, Ontario (2000): 209

[254] Robert the Monk*, History of the First Crusade: Historia Iherosolimitana, tanslation* by Carol Sweetham, Aldershot, UK: Ashgate, *(2005):45,49*

опишува како делење на бесплатна храна.[255] Трет начин со кој Крстоносците доаѓале до залихи било едноставно пљачкањето и воениот плен. Релативно лимитирано во Првиот крстоносен поход, барем на византиска територија, пљачката претставувала начин на опстанок штом Крстоносците навлегле на Турска територија. Подароците во форма на реквизити од владетелите на разни муслимански градови во Сирија и Палестина исто така биле чести. Веќе за време на Втората Крстоносна војна, која не е предмет на обработка на ова дело, проблемот со снабдувањето претставувал најмоќно оружје во преговорите со Крстоносците во рацете на Византијците.

Може да се заклучи дека најголемиот товар во исдржувањето на Крстоносните војски паѓал врз локалното население. И покрај фактот што императорот ја издавал наредбата за снабдување и организирање панаѓури, односно маркети, наредбата била извршувана од произведувачите на храна и трговците. [256]Со дуги зборови, храната не била конфискувана од страна на државата, ниту биле отворани  царските или воените залихи. Попатни референци во делата на хорничарите ни даваат извесен поглед во разните групи на луѓе кои ја продавале храната на Крстоносците. Фулхер од Шартр споменува "жители" на Цариград, кои, по наредба на императорот, изнесувале храна за продажба надвор од ѕидините.[257] Овде најверојатно се работи за трговци. Во една друга, за нас интересна референца, за време на минувањето на група Крстоносци низ Македонија, нивниот водич им порачал на "жителите на околината" да изнесуваат залихи за продажба, бидејќи на Крстоносците им било забрането да влегуваат по градовите.[258] Овие жители можеле да бидат трговци, или самите произведувачи кои можеле да снабдат помали групи на Крстоносци. Снабдувањето на големите Крстоносни војски кои почнале да се формираат пред ѕидините на Цариград и подоцна кај Никеја можеле да бидат снабдувани едноставно од трговци или земјопоседници. Цените можело да се формираат на местото на продажбата, иако Крстоносците очекувале државна контрола над цените и мерките за тежина. Дел од работата на царските чиновници била да гарантират за цените и да го запрат шепкулирањето со продажбите. Големите флуктуации во цената на храната поради нејзината реткост или поради големината на војските, сугестира дека фер цената, ретко

[255] Robert the Monk... *778*

[256] John Kinnamos, *The Deeds of John and Manuel Comnenus*, trans. C.M. Brand, New York, (1976): 70, 71

[257] William of Tyre*, Chronicon,* ed. R. B. C.Huygens, CCCM63, 63A, 2 vols., Turnout (1986): 16

[258] ibidem... 26-36

била спроведувана на дело. [259] И самите византиски извори зборуваат за жителите на градовите кои не организирале адекватни маркети и ја користеле можноста за продавање под екстравагантни цени. Според Хониjат, тие ги затвораle портите и спуштале јажиња за собирање на парите од Крстоносците, за потоа да спуштат продукти по свој избор, или во најлош случај само ги земале парите без ништо да дадат во замена. [260] Сево ова ја покажува ограниченоста на царската контрола врз ситуацијата.

Слободата на странците во империјата да купуваат и продаваат во нејзините граници претставувала специфична привилегија која била дадена на Венецијанците,[261] и која била проширена и на Крстоносците, што е доказ за поврзаноста на комерцијалните институции со снабдувањето на крстоносните војски. Како и да е, акутната и епизодна природа на снабдувањето на Крстоносците од Првиот крстоносен поход не можела да има долгорочни последици врз византиската економија. Искуството од овие настани било ставено во поголемата шема на комерцијалните механизми кои биле во својот зачеток. Поважно за разбирање на влијанието на Првиот крстоносен поход врз византиската економија е прашањето за начинот на плаќање во размената меѓу Крстоносците и организаторите на маркетите. Западните хроничари пишуваат за купување и "продавање"[262] од страна на Крстоносците, што најверојатно се однесувало на "продавањето" на пари, односно размена на трансакции. Треба исто така да се има во предвид дека западните извори ги наведуваат цените во западноевропски валути. Во сите извори за Првиот крстоносен поход, вклучувајќи го и походот од 1101 година, не постои ни една рефернца за проблемот во размената на валутите. Крстоносците носеле со нив голем број на монети од различни типови- најчесто сребрени билони од различна вредност и сребрени марки.[263] Иако изворите за Првиот крстоносен поход се неми во врска со начинот на размената на валутите, самиот проблем секако бил присутен во реалноста. Проблемот со маркетите и високите цени којшто пак е сеприсутен во изворите, несомнено го вклучувал и оној на начинот на кој се одвивала размената. Кој, во византиските градови кај кои минувале Крстоносците би бил оној кој би ја вршел размената на западните монети

[259] Robert the Monk*, History of the First Crusade: Historia Iherosolimitana, tanslation* by Carol Sweetham, Aldershot, UK: Ashgate, *(2005): 749*

[260] Nicetae Choniatae *Historia*, translated by Jan Louis van Dieten, Berlin (1975): 66-67

[261] стр. 6

[262] William of Tyre*, Chronicon,* ed. R. B. C.Huygens, CCCM63, 63A, 2 vols., Turnout (1986): 142,143,176,179

[263]D. M. Metcalf, *Coinage of the Crusades and the Latin East in the Ashmolean Museum,* Oxford, 2d ed. London (1995): 13–14

со византиските и по која цена? И доколку не постоела таква размена на валути, тогаш кој во Византија би примал исплаќање во западноевропски монети и по каква цена? Во секој случај разменувачот бил во позиција да ја одреди разменувачката цена многу високо од вистинската вредност на монетите и сребрените марки. Скоро непостоечките археолошки наоди од Западноевропски монети од периодот на Првиот крстоносен поход на Балканот може да биде интерпретирано на два начини; како доказ дека Крстоносците не ја купувале својата храна, туку живееле од пљачкање, што е во контрадикција со останатите докази, или како индикација дека монетите кои ги користеле при плаќањето биле брзо и систематски топени од Византијците, веројатно за да бидат прековани во Византиски деноминации. Во тој случај, мора да постоела некаква државна служба која ги откупувала монетите. Не постои информација во изворите како се одвивала размената на валутите, но може да се претпостави дека барем дел од таа размена се одвивала на самите маркети каде што како дел од нивното организирање биле вклучени и разменувачи. Слична на оваа била ситуацијата и во Мала Азија и Сирија што сугестира дека монетите на Крстоносците не биле добро прифатени на истокот.[264] Штом Крстоносците пристигнале до Цариград , нивните залихи со пара биле обновувани преку даровите од императорот во форма на пари, со што проблемот на размената бил олеснет до некој степен. Бројните подароци од злато и сребро од страна на Алексиј до водачите на Крстоносцните откако ќе ја положеле заклетвата на верност ги ставило византиските монети во циркулација. [265] Ана Комнина ги опишува огромниот број подароци дадени на Боемунд, вклучувајќи златни и сребрени монети.[266] По падот на Никеја, императорот поделил злато и сребро на водачите на Крстоносците, како и други вредни работи, како од воениот плен, така и од царксата каса. Обичните војници од Крстоносците добиле подароци во форма на тетартерони.[267] Трансакциите во маркетите воспоставени надвор од Никеја биле овозможени со овие подароци. Само 2 курсеви на размена се спомнати во изворите за Првиот крстоносен поход и тоа не за помалите деноминации, туку за златните хиперперони или сребрените денарии кои биле разменувани за сребрени, поточно билонски дениери на Крстоносците. Едниот е 8 хиперперони за 120 солиди, при што 1 солид имал вредност од 12 дениери, во

[264] Metcalf, *Coinage of the Crusades*: 22-23

[265] Fulcher of Chartres, *Historia Hierosolymitana (1095–1127),* ed. H. Hagenmayer, Heidelberg, (1913):176

[266] Anna Comnena,*The Alexiad: 233*

[267] Fulcher of Chartres, *Historia Hierosolymitana (1095–1127): 333-334*

време на опсадата на Антиохија и период во кој владеела глад меѓу Крстоносците[268] што земајќи ја во предвид ситуацијата во која била разменети може да се смета дека биле многу поскапо разменети од нивната реална вредност. Во вториот случај се наведува дека разменетиот дениер на Адемар од Пуј имал дебазирана вредност,[269] што го крева прашањето за сеопштиот квалитет на парите кои Алексиј им ги подарувал на Крстоносците, или на сеопштиот на квалитет на монетите ковани во негово време. До времето на Третата Крстоносна војна проблемот на размената бил софистицирано разработен до таа мера што бил вклучуван во договорите со Крстоносните водачи и императорот при што јасно бил одредуван курсот на размена, кој бил диктиран од политичкиот и воен притисок кој Крстоносците биле во можност да го извршат врз Византијците, како што бил случајот со договорот меѓу германскиот имератор Фридрих I Барбароса и Исак II од 1190 година.[270] Трговците веријатно играле важна улога во трансакциите, само кога се земе во предвид дека размената било тесно поврзана со купувањето на провизии од страна на Крстоносците. Трговците кои биле активни во провинциите и во Цариград имале најголем профит, особено ако се земе во предвид гореспоменатото нерамноправностите во разменување во провинциите за разлика од оние во Цариград. Трговците исто така веројатно играле најважна улога во разменувањето на валутите. Важната и комплексна улога која Цариградскиот трговец и банкар ја имал во време на Првиот крстоносен поход се должи на повеќе причини. Развивањето на византиско-италијанските релации, кое на институционално поле се развивало со забрзано темпо, е една од главните. Проширената улога која трговците и разменувачите на пари ја била во развиток од XI век во Византија, била прекината со настаните од 1204 година. Дали и како нивниот развиток ќе бил различен доколку не дошло до минувањето на крстоносните војски е тешко да се утврди. Она што може да се акцентира е фактот што односите меѓу Крстоносците и Византијците, после Првиот крстоносен поход, може да бидат гледани како меѓудржавни договори кои ги ратификувале веќе настанатите промени кои се развивале од Првиот крстоносен поход. Во овие промени, Крстоносните војни, почнувајќи со Првата, дирекно влијаеле на неколку полиња во Византиската трговија со Западот, пред се со италијанските градови-држави. Во однос на Пиза, во еден договор од

---

[268] *Gesta Francorum et aliorum Hierosolimitanorum*, edited and translated by Rosalind Hill, Oxford, (1967)
[269] Raymond of Aguilers ed Hill, 111-12
[270] Metcalf, *Coinage of the Crusade:* 8–10

1111 година трговските првилегии вклучувале клаузула според која секој кој патувал со Пизански бродови кон Ерусалим "против паганите" не бил подложен на никакви арински давачки во однос на Византија, познати како dapanai. Оваа гаранција важела само за оние Крстоносци кои ќе се заколнеле на капетанот на Пизанскиот брод дека нема да и наштетат на Византиската империја[271], што подразбира дека на оние кои не ја положиле ваквата заклетва не им било гарантиран сигурен премин, што пак докажува дека постоел делумен византиски бојкот за транспортот на Крстоносците. Овој договор има голема сличност со условите наложени на Боемунд во договорот од Девол од 1108 година во однос на неговото регрутирање војници за Антиохија. Поврзаноста на овие два настани е реална и на политичко ниво. Од 1099 година, Алексиј бил во конфликт со Пизанските и Ѓеновјанските бродови кои пловеле кон Светата земја, што е во апсолутна паралела со судирите и понекогаш отворениот конфликт меѓу Византијците и Крстоносците кои по копно минувале низ византиска територија.[272] Во времето кога Боемунд подготвувал нова инвазија на Византија, Алексиј се обидувал да ја вклучи Пиза, како и Ѓенова и Венеција во неговиот систем за одбрана против Боемунд. Овде постои и дипломатска, односна формална, институционална поврзаност, бидејќи слични клаузули влегле во комерцијалните привилегии многу рано во договорите меѓу Византија и Крстоносците од самиот почеток. Така полека се создавал нов начин во регулирањето на комерцијалните прашања со Западот којшто одел во тандем со нивниот однос со Крстоносците. На политичко поле, во Византија се забележува одреден распад на старите институции кои се однесувале на аспекти на трговијата, за потоа истите да се појават во една нова општа, медитеранска форма. Во некој од овие случаи, првите форми се појавиле во Византија, во други тоа биле Крстоносните држави. Во секој случај, Првиот крстоносен поход и создавањето на Крстоносните држави играле клучна улога во развитокот на овие нови комерцијални односи во Источниот Медитеран. Генерално гледано, главна одлика на овие промени било тоа што државите се откажувале од одредени прерогативи во интерес на општиот тренд кон слободното и безбедно движење на луѓе и стока.[273]

[271] G.Muller, *Documenti sulle relazioni delle citta` toscane coll'Oriente cristiano e coi Turchi fino all'anno MDXXXI* , Florence (1879)
[272] Anna Comnena,*The Alexiad: 42-48*
[273] G.Muller, *Documenti: 44*

За модерниот научник, поврзаноста помеѓу крстоносното движење и византиските трговски врски со христијаните и муслиманите изгледаат многу покомплицирани. Тоа делумно е резултат на фактот што со Крстоносните војни целата политичка сцена на Блискиот исток се сменила, а со експанзијата на Италијанските трговци економијата на регионот исто така се сменила. Овие промени биле долгорочни и се базираат на поврзаноста меѓу политичките и економските аспекти. Постојат и краткорочни и непосредни последици меѓу специфични настани поттикнати од Крстоносците во однос работите поврзани со трговијата, на пример презентирањето на специфични привилегии на посебни италијански градови. Исто така и трговските односи меѓу христијаните и муслиманите ќе се развиваат низ целиот Медитеран, како одговор на политичките настани и економските потреби. Во крајна сметка најголема економска корист од Крстоносните војни имале италијанските градови држави кои полека но сигурно воспоставувал трговски монопол во Источниот Медитеран и Црното море, и во срцето на самата Византиска империја.

### 4. 3. Воено-политичките последици за Византија

Византија имала непосредни воено-политички бенефиции од Првиот крстоносен поход и минувањето на Крстоносците низ Мала Азија. И покрај сите напори, се што Византијците успеале да постигнат во Мала Азија помеѓу 1081, односно од почнувањето на Комнинската реставрација, до 1096 година било привременото сопирање на Турското навлегување во северо-западна Мала Азија. Крстоносците од Првиот крстоносен поход биле тие коишто ја уништиле Турската власт во Битинија. Нивната победа кај Дорилеон била толку значајна во намалувањето на моќта на Слџучкиот сутанат во Рум што султанот Килиџ Арслан II, поддржан од Данишмендите, успеал да организира отпор само во источните граници на неговата држава, при што повторно бил поразен во неговиот судир со Крстоносците кај Хераклеа-Кибистра, во почетокот на септември 1097 година.[274] Византискиот император прагматично ја искористил новонастанатата ситуација и

[274] *The Cambridge History of the Byzantine Empire c.500 - 1492,* edited by Jonathan Shephard, Cambridge University press, (2008): 710

преминувањето во дефанзива од страна на Селџуците. Византиското реосвојување на западна Мала Азија почнало скоро веднаш по паѓањето на Никеа. До 28 јуни 1098 византиските војски го исчистиле западниот малоазиски брег и провинциите Фригија, Јонија и Лидија од Турците и стигнале до реката Менандер. Значајните градови Сардис, Филаделфија и Лаодикеа паднале во византиски раце. На крајот од 1099 и пчетокот од 1100 година експедицијата на генералот Мануел Ботумит во Киликија ја донела Анталија назад под византиска власт, иако патот помеѓу градот и византиските тврдини на Меандер останале под закана од турски инкурзии. Анталија ќе стане отскочна даска за понатамошните византиски кампањи во Киликија, каде што Алексиј воспоставил нуклеус за византиската администрација во регионот во 1101 година. Кон крајот на неговото владеење, императорот бил успешен во покорувањето на земјите околу Котиајон во летото 1113, и стигнувајќи до Кедреа и Филомелион во есента 1116 година.[275] Неговата политика на сисематско заземање на териториите во Мала Азија успешно ќе биде продолжена од неговиот син и наследник Јован II Комнин.

Политичките ефекти од Крстоносните војни, од друга страна влијаеле врз сите аспекти, од односите помеѓу државите до создавањето на целосно нови политички единки во регионот. Како резултат на Првиот крстоносен поход, биле формирани четири крстоносни држави, на чело со западни владетели: Кралството Ерусалим, кнежевството(принципатот) Антиохија, и грофовствата на Едеса и Ерусалим. За време на Првиот крстоносен поход, византискиот император Алексиј I Комнин побарал од сите крстоносни водачи да положат заклетва дека сите заземени територии ќе бидат вратени на Византиската империја. Но, кога вестите за повлекувањето на Алексиј за време на опсадата на Антиохија стигнале до Крстоносците, тие ја изгубиле почитта кон него и со тоа и секаква потреба од придржување кон дадените ветувања.

Во претходните поглавја е наведен специфичниот однос кој се развил меѓу императорот и Боемунд.[276] И покрај нивниот претходен конфликт, или токму поради поврзаноста помеѓу двајцата војсководци која произлегла од него, Алексиј ги прифатил предлозите на Боемунд да делува како интермедијатор помеѓу Алексиј и крстонсните

[275] Ibid.
[276] **1.2. Односот на Алексиј I со Западните земји; 2.3. Односите помеѓу водачите на Крстоносците и императорот**

водачи. [277] Меѓутоа, Боемунд го напуштил договорот при првата можна прилика, односно со значајната крстоносна победа кај Антиохија после која тој успеал да ја преземе целосната контрола врз градот. И додоека во наредните години императорот ги прифатил и признал крстоносните освојувања, тој никогаш нема да го прифати норманскиот доминион во Антиохија. Антиохија ќе стане центар на вниманието на византискиот император во односите со крстоносните држави. Во овој однос активна улога ќе заземе и Рајмунд од Тулуз, кој незадоволен од неговата позиција на истокот и гледајќи го Боемунд како негов главен ривал, ќе стапи во сојуз со императорот. Судбината на Ерусалм за Византијцие ќе премине во секундарен план.[278] Со ваквиот развој на настаните судирот меѓу императорот и Боемунд станал неизбежен. Шансата за тоа му се отворила на Алексиј кога Боемунд ненадајно бил заробен од Турците од страна на емирот Малик Гази од Данишмендската династија, кој на самиот крај од XI век ја освоил Кападокија и таму воспоставил независна власт. Алексиј стапил во пореговори со емирот за предавање на Боемунд во негови раце во замена за одредена сума, но преговорите биле неуспешни и Боемунд бил откупен и ослободен. Но веднаш по неговото ослободување, во битката кај Харан во 1104 година, муслиманските сили од регионот им задале тежок пораз на Боемунд и владетелот на Едеса, во што ги уништило неговите планови за создавање силно Норманско владение на истокот. [279] Увидувајќи дека нема доволно сили на располагање за да се впушти во повторна војна со муслиманите и византискиот император, Боемунд се вратил во Европа за да собере нови трупи. Предавајќи го регентството над Антиохија во рацете на неговиот внук Танкред, тој тргнува кон Апулија по морски пат. Ана Комнина дава интересен, иако фиктивен приказ, напишан со голема доза на хумор, за тоа како, за да биде сигурен од виантиските патроли, Боемунд ја симулирал својата смрт, бил ставен во ковчег и качен на брод и така го поминал патот до Апулија во есента 1104.[280]

Боемунд веднаш се впуштил во жестока кампања чија цел била оцрнување на византискиот император со цел на врбување на трупи и организирање нов Крстоносен

[277] Runciman, Steven, *History of the Crusades*, Volumes I & II , Cambridge University Press (1952): 5
[278] Vasiliev, Aleksander A., *History of the Byzantine Empire, 324-1453* University of Wisconsin Press (1952): 349
[279] Ibidem
[280] Anna Comnena,The Alexiad... 213

поход насочен директно против Византија. Голема улога во оваа кампања ќе игра неговата новостекнатата слава како еден од водачите на Првиот крстоносен поход. Тој ја добива поддршката од папата и Боемунд и папскиот легат, Бруно од Сењи, формално прогласуваат нов Крстоносен поход, опишувајќи го како via sancti Sepulchri со цел да се помогне на Источните христијани и да ги присилат Муслиманите да ги ослободат христијанските заробеници.[281] Но Боемунд бил исто така придружуван од претендент на византискиот царски престол и неговата грчка свита и за време на неговата венчавка со Констанца од Франција во Шартр во април или мај (1106 г.) тој лично проповедал крстоносна проповед во катедралата во која ги убедувал француските витези да му се придружат во инвазија на Византиската империја и им ветувал богати земји. Се чини дека неговиот план бил сличен со планот на учесниците во Четвртиот крстоносен поход еден век покасно, при што Крстоносците требало да се појават со сета сила пред Константинопол и да организираат смена на власта таму, иако кога му пишува на папата неколку месеци покасно тој ја споменува узурпацијата на тронот од страна на Алексиј само како еден од причините и како одмазда за начинот на кој тој се однесувал кон Крстоносците и како средство за ставање крај на шизмата.[282] Неговата решителност, како и неговиот статус биле засилени со неговата венчавка со ќерката на францускиот крал Филип I. Алексиј, од своја страна, како одговор оркестирал широка дипломатска иницијатива, праќајќи писма до владетелите на Западна Европа негирајќи ги обвиненијата кои Боемунд ги ширел против него и бара од нив да не земаат учество во новито Крстоносен поход.[283] Тој бил особено ангажиран во спречувањето на било каков сојуз кој ќе го подложи под закана западното крило на империјата и Ана Комнина го нагласува неговиот посебен пристапкон Италијанските поморски сили - Венеција, Пиза и Џенова.[284] Заканата за Алексиј и империјата доаѓала и од можноста од создавање агресивна Норманско-Унгарска алијанса. Во 1097 година, братучедот на Боемунд, Роџер од Сицилија заклучил сојуз запечатен со брак со Унгарците. Алексиј не можел да дозволи стапувањето на Боемунд во слични односи со Унгарија, што би му ги отворило вратите за масовна инвазија врз империјата од север. За да одговори на тоа, византискиот император

---

[281] Riley-Smith, Jonathan, The First Crusade and the idea of crusading, University of Pennsylvania Pres, (1994): 136
[282] ibidem
[283] Anna Comnena,The Alexiad... 215
[284] Ibidem

испратил пратеништво до дворот на унгарскиот крал, при што било договорено Пирошка, ќерката на кралот Владислав I (1077-95) да биде верена со Јован, синот и наследник на Алексиј.[285] Без поддршката од флотите на северноиталијанските градови-држави и унгарскиот крал Боемунд останал со опцијата за напад на југоисточното Јадранско крајбрежје, а императорот имал доволно време за да ја организира неговата одбрана. Ана Комнина опишува како императорот научил од претходните судири со Норманите да го искористи теренот на околината на Драч во негова полза и се погрижил да ги затвори планинските прооди источно од него.[286] Војниците на Боемунд, освен неговите Нормани, воглавно биле регрутирани од Франција и Италија, но според А. Василев со голема веројатност во неговите редови имало Англичани, Германци и Шпанци.[287] Неговиот план бил да го следи походот на неговиот татко од 1081 година, заземјајќи го Драч, и потоа преку Солун да тргне на Цариград.[288] Иако Боемунд придобил дел од локалното население кое му ги покажало скришните планински патеки, Норманите не биле во состојба да напредуваат, ниту лесно да се повлечат.[289] Ефективната поморска блокада спроведена со помош на Венецијанците, го спречила приливот на трупи и залихи кон инвазионата војска, а во обидите на норманските сили да дојдат до залихи од околните села постојано паѓале во византиски заседи. [290] На овој начин бил скршен нивниот морал и Боемунд бил приморан да бара примирје во 1108 година, согласувајќи се на договорот од Девол, којшто е во целост зачуван и пренесен во Алексијадата. Боемунд ја добил високата титула севаст и управувањето со градовите Антиохија и Едеса, коишто по неговата смрт требало да припаднат под византиска власт. Со договорот Боемунд се обврзувал да бидевазал на Алексиј и неговиот наследник Јован, да земе оружје против непријателите на императорот. Сите територии кои биле заземени од него на било каков начин, а коишто и порано не биле дел од империјата, можел да ги задржи како да му биле предадени од страна на императорот. Боемунд исто така се обврзувал да војувапротив неговиот внук Танкред кој всушност во тој момент ја држел власта во Антиохија, доколку одбиел да се покори на импператорот. Исто така византискиот император добивал право

[285] Ibid…217
[286] Anna Comnena,The Alexiad… 221-2
[287] Vasiliev, Aleksander A., *History of the Byzantine Empire, 324-1453* University of Wisconsin Press (1952): 349
[288] Ibidem
[289] ibidem
[290] Ibid. 226-8

да го именува антиохискиот патријарх од редовите на византиското свештенство.[291] Меѓутоа, Боемнод никогаш не се вратил во Антиохија и умрел три години подоцна со скршен дух во Апулија, во Јужна Италија. Со тоа, внимателно составените клаузули од договорот никогаш не биле имплементирани, и како последица на тоа Алексиј и неговиот наследник Јован II Комнин биле вовлечени во постојана воена и дипломатска борба во враќањето на Антиохија под византиска доминација. И со смртта на Танкред, којашто настапила не долго по онаа на Боемунд, за Византија ништо не било олеснето во поглед на враќањето на Антиохија. Уштo во времето на Алексиј бил земан во предвид план за експедиција против Антиохија но никогаш не бил извршен, бидејќи било очигледно дека во тој момент империјата не располагал со ресурси за таков тежок потфат. Прашањето околу статусот на Норманското кнежество во Антиохија ќе биде главна точка од која зависеле односите на Византија и крстоносните држави на Блискиот исток до крајот на владеењето на Комнинската династија.

Како спореден ефект на овој конфликт, потребата од осигурувањето на Венецијанската и Унгарската помош за војната против Норманите, Алексиј ќе пристапи кон делегирање на византискиот авторитет во Далмација и Хрватска. Уште во 1081-2 година венецијанскиот дужд ја добил титулата "Дукс на Далмација и Хрватска" како улога на наместник на императорот, но de fakto дејствувајќи само во свој интерес. Унгарците ја искористиле можноста која произлегла од истите околности и во 1102 унгарскиот крал Коломан го заокружил  анектиранењто на Хрватска крунисувајќи се себе си за крал на Унгарилја и Хрватскаво во Биоград.[292] Веридбата на Пирошка со Јован II Комнин му давало признавање на овој акт од страна на Византија, а се чини дека во исто време дала премолчана согласност со унгарската инвазија на Далмација од 1105 година, која била насочена против интересите на Венеција. Населението на крајбрежните градови се предало на унгарскиот крал во замена за одредени привилегии.[293] Одговорот на Венецијанците ќе биде одложен се до 1115-16, кога венецијанскиот дуксот ќе ја поврати власта над поголемите градови и покрај унграските напори, Венеција ќе ја задржи

---

[291]Ibid… 248-253

[292] *Codex diplomaticus regni Croatiae, Ivan Kukuljević Sakcinski, Društvo za Jugoslavensku povjest i starine, from the collections of: Harvard University (1874):44, 47-48*

[293] Ibid. 48

контролата над поголемиот дел од Далмација до средината на XII век. Со тоа како индирекна последица од Првиот крстоносен поход, освен повременото враќање на византиската власт во тој регион за време на Мануел II Комнин, северозападниот Балкан засекогаш ќе остане надвор од границите на империјата.

## Заклучок

Како резултат на Првиот крстоносен поход било формирањето на Ерусалимското Латинско кралството, коешто ја задржала власта над Ерусалим 88 години, а се одржало во Палестина цели 192 години, создавајќи тампон помеѓу Арабјаните и Турците и Византиската империја. Од ерусалимското кралство номинално завселе три вазални држави: грофовството Триполи, кнежеството Антиохија и грофовството Едеса. Во крстоносните државички до детали бил пренесен феудалниот систем кој владеел на запад, пред сè во Франција. Нивната непосредна близина до Византија ќе биде од огромно значење за понатамошните односи на Византија со западниот свет, а нивната политичка поставеност во однос на Византија ќе стане приоритет во надворешната политика на владетелите од Комненската династија. Владетелската класа во Ерусалимското кралство и останатите крстоносни области ја сочинувале западноевропсите витези, воглавном француски, кои што севкупно бореле неколку илјади, и поради што на исток за Европјаните се вкоренил називот Франки. Нивното влијание ќе биде доста изразено во највисоките кругови на византиското општество кеде што ќе дојде до извесно прифаќање на западноевропската витешка култура, што било најизразено во времето на владеењето на Мануел I Комнен (1043-1180).

Во крстоносните држави мгоу важна улога ќе игра трговијата, а во таа трговија прво место им припаѓало на италијанските градови-држави Венеција, Пиза и Ценова. И италијанските трговци добиле низа привилегии. Во пристанишните градови им биле одредени посебни квартови во кои тие живееле уживајќи целосна независност. Со нив управувале нивни конзули, кои ја претставувале власта на италијанските градови и на кои им биле одговорни. Италијанските трговци ја искористиле оваа привилегирана положба да

развијат жирока трговска мрежа на истокот, заобиколувајќи ја Византија, којашто ја изгубила совјата улога како единствена врска меѓу Истокот и Западот.

На долг рок главен ефект од Првата Крстоносна војна ќе биде фаталното ослабување на Византиската империја. И со помошта на Крстоносците, Византија не успеала да ја поврати Мала Азија од Турците, а падот на Цариград во 1204 засекогаш ја уништила улогата на Византија како свестка сила. Како парадокс после реставрирањето, се до втората половина на XIV век Византијците го охрабрувале турското навлегување на Балаканот за да служат ако тампон меѓу нив и нивните Европски ривали. Точно е дека Четвртата Крстоносна војна предизвикала непроценлива штета на Цариград и целата империја, но самата нејзина слабост ќе биде причина за привлекувањето на Крстоносците. И покрај сите негативни ефекти, многу е веројатно дека Крстоносните војни додале неколку години во животниот век на Византиската империја, којашто полека но сигурно била во изумирање.

# Извори и литература

## А)извори


1. *Anna Comnena,The Alexiad, translated by Elizabeth A. S. Dawes In parentheses Publications Byzantine Series Cambridge, Ontario (2000)*
2. *Bernold of St Blasien (of Constance), Chronicon, ed. Pertz, MGH Scriptores 5, Hanover (1844)*
3. *De administrando imperio, vol. 1, ed. G. Moravcsik and R. Jenkins, Washington, D.C., (1967)*
4. *Fulcher of Chartres, Historia Hierosolymitana (1095–1127), ed. H. Hagenmayer, Heidelberg (1913)*
5. *Fulcher of Chartres: Gesta Francorum Jerusalem Expugnantium, trans in Oliver J. Thatcher, and Edgar Holmes McNeal, eds., A Source Book for Medieval History, New York (1905)*
6. *Gesta Francorum et aliorum Hierosolimitanorum, edited and translated by Rosalind Hill, Oxford (1967)*
7. *GIBI, XI, София 1980, , История, увод, превод, коментари од Л.Йончев .*
8. *Gilbert of Nogent, Dei gesta per Francos, translated by Robert Levine, The Boydell Press, Woobridge, UK (1997)*
9. *John Kinnamos, The Deeds of John and Manuel Comnenus, trans. C.M. Brand, New York, (1976)*
10. *Nicetae Choniatae Historia, translated by Jan Louis van Dieten, Berlin (1975)*
11. *Robert the Monk's History of the First Crusade: Historia Iherosolimitana, tanslation by Carol Sweetham Aldershot, UK (2005)*
12. *Vizantijski izvori za istoriju naroda Jugoslavije. T. VI. Beograd 1986.*

13. *William of Tyre, Chronicon, ed. R. B. C.Huygens, CCCM63, 63A, 2 vols., Turnout (1986)*

## Б)Литература

1. *Abate, Mark T., History in DisputeVolume 10: The Crusades, 1095-1291, Byzantine-Latin Relations: Did poor relations between the Byzantine Empire and the western Roman Empire contribute to the failure of the Crusades and the ultimate loss of the Crusader States?, St. James Press (2003)*
2. *Abels, Richard, Timeline for the Crusades and Christian Holy War to c.1350, For HH315: Age of Chivalry and Faith at the United States Naval Academy (2009)*
3. *Albert of Aix, Historia Hierosolymitana, RHC, HOcc4, Paris (1879)*
4. *Angeliki E. Laiou, On Just War in Byzantium: Studies in Honor of Speros Vryonis, Jr., Ed¬its. John S Langdon, Stephen W. Reinert, Jelisaveta Stanojevich Allen, Christos P. Ioannides, New York (1993)*
5. *Angeliki E.Laiou - Henry Maguire (eds.), Byzantium, A World Civilization, Dumbarton Oaks Research Library and Collection , Washington, D.C.(1992)*
6. *Armenia and the crusades: tenth to twelfth centuries. The chronicle of Matthew of Edessa, tr. A. E.Dostourian, Lanham, MD (1993)*
7. *Bede's Ecclesiastical History, Bertram Colgrave and Mynors, eds., Oxford Medieval Texts, eds. V.H.Galbraith, R.A.B. Mynors, C.N.L. Brooke, Oxford: Clarendon Press (1969)*
8. *Brehier, Louis, Godfrey of Bouillon, The Catholic Encyclopedia ed. by Charles G. Herbermann New York: Appleton (1909)*
9. *Божилов И., Дзузелов V., История на средновековна България VII-XIV век. София (1999)*
10. *Carleton, Munro Dana ,Did the Emperor Alexius I. Ask for Aid at the Council of Piacenza, 1095? The American Historical Review Vol. 27, No. 4 (Jul., 1922)*
11. *Charanis, Peter, Aims of the Medieval Crusades and How They Were Viewed by Byzantium Church History, Vol. 21, No. 2, American Society of Church History, (1952)*

12. *Charanis, Peter, A Greek Source on the Origin of the First Crusade,Peter Charanis,Speculum,Vol. 24, No. 1 (Jan., 1949), pp. 93-94*
13. *Codex diplomaticus regni Croatiae, Ivan Kukuljević Sakcinski, Društvo za Jugoslavensku povjest i starine, from the collections of: Harvard University (1874)*
14. *D. C. Munro, Did the Emperor Alexius I. Ask for Aid to the Council of Placenza, 1095?, The American Historical Review, Vol. 27, No.4 ( Jul., 1922)*
15. *D. M. Metcalf, Coinage of the Crusades and the Latin East in the Ashmolean Museum, Oxford, 2d ed. London (1995)*
    a. *Eglises," BullBude (1965)*
16. *Erdmann, Carl,The origin of the idea of crusade, translated from the German by Marshall W. Baldwin and Walter Goffart, Princeton, (1977)*
17. *F. Dvornik, Byzantium and the Roman Primacy, trans. E. A. Quain, New York (1966)*
18. *F. Dvornik, The Photian Schism: History and Legend, Cambridge (1948)*
19. *Finlay George, History of the Byzantine and Greek Empires from MLVII to MCCCCLIII , London (1854)*
20. *G. De´de´yan, L'immigration arme´nienne en Cappadoce au XIe siecle (1975)*
21. *G. Dennis, Three Byzantine Military Treatises, Washington, D.C., (1985)*
22. *G. Every, The Byzantine Patriarchate, London (1962)*
23. *G.Muller, Documenti sulle relazioni delle citta` toscane coll'Oriente cristiano e coi Turchi fino all'anno MDXXXI , Florence (1879)*
24. *Gabrielli Frncesco, Arab Historians of the Crusades, Selected and Translated from the Arabic, University of California Press (1984)*
25. *Geanakoplos Deno John, Greek Scholars in Venice. Studies in the dissemination of Greek Learning from Byzantium to Western Europe, Cambridge (1962)*
26. *Geoffrey Malaterra, The Deeds of Count Roger of Calabria and Sicily and of Duke Robert Guiscard his brother, Unpublished translation by Graham Loud (2005)*
27. *Gibbon Edward, The history of the decline and fall of the Roman Empire, volume XI New York (1907)*

28. *Gregory of Nazianzus, The five theological orations of Gregory of Naianzus, Oratio 2, ed. by Arthur James mason, Cambridge (1899)*

29. *Грусе, Рене, История на кръстоносните походи и Иерусалимското кралство, том I, превод Владимир Владов, Васил Стоев, София (2010)*

30. *H.-G. Beck, Kirche und theologische Literatur im byzantinischen Reich, Munich (1959)*

31. *Harris, J. ,Byzantium and the crusades, London (2003)*

32. *Hill, John Hugh and Laura L.,The Convention of Alexius Comnenus and Raymond of Saint Gilles, The American Historical Review, Vol. 58, No. 2 (Jan., 1953), pp. 322-327*

33. *Историја Бугарске, Димитар Попов, Иван Божилов, Цветана Георгијева, Константин Косев, Андреј Пантев и Искра Баева; превод-Мариај Јоана Стојадиновић; Полис Клио - Београд (2008)*

34. *Јиречек, Константин Јозеф, Историја Срба, Књ. 1- Политичка историја до 1537 године, Невен, Београд (2006)*

35. *J. C. Morris and J. E. Ridings Byzantium and the Crusader States, 1096–1204, Oxford, (1993)*

36. *J. L. Cate, The Crusade of 1101, Madison, Wisconsin (1969)*

37. *J. Leclercq and H. M. Rochais, De laude novae militiae, in S. Bernardi opera, vol. 3, ed, Rome(1963):*

38. *Jean Darrouzès, Document inedits d'ecclesiologie Byzantine, Paris (1966)*

39. *John H. Erickson, Leavened and Unleavened: Some Theological Implications of the Schism of 1054, (1970)*

40. *Joranson, Einar, The problem of the spurious letter of emperor Alexius to the count of Flanders, The American Historical Review , Vol. 55, No. 4, Jul. (1950)*

41. *Kazhdan P. Alexander, The Oxford Dictionary of Byzantium, Oxford University press Oxford (1991)*

42. *Laiou, “On Just War in Byzantium,” in To Hellenikon:Studies in Honor of Speros Vryonis Jr., ed. S. Reinert et al. New Rochelle, N.Y.( 1993)*

43. *Leib, Deux ine´dits byzantins sur les azymes au de´but du XIIe sie`cle, Rome (1924)*

44. *Leonis VI, Tacticae constitutiones in G. Pauler and S. Szila´gyi, A Magyar Honfoglala´s Kutfo¨i  Budapest, (1900)*

45. *Lewis, Archibald R. "Nomads and Crusaders AD 1000 - 1368" -, Indiana University Press (1991)*

46. *Lilie, Ralph-Johannes, Byzantium and the Crusader States 1096-120, New York: Oxford University Press Inc., (1993)*

47. *Maluf Amin, Крсташки ратови у очима Арапа, (prevod Vesna Cakeljich) Laguna, Belgrad (2006)*

48. *Michel, Humbert und Kerullarios, Studien, vol. 1, Paderborn (1924)*

49. *Munro, Dana Carleton, Did the Emperor Alexius Ask for Aid at the Council of Piacenza 1095?, American Historical Review 27 (1922)*

50. *Nelson, Laura M.* The Byzantine Perspective of the First Crusade: A Reexamination of Alleged Treachery and Betrayal*, M.A. Thesis, Medieval Art, Eberly College of Arts and Sciences, West Virginia University (2007)*

51. *Nelson, Laura, The Byzantine Perspective of the First Crusade:A Reexamination of Alleged Treachery and Betray, Morgantown, West Virginia (2007)*

52. *Nicol, Donald M., Byzantium And Venice. A study in diplomatic and cultural relations, Cambridge (1988)*

53. *Nicol, Donald M., The Last centuries of Byzantium, 1261-1453, Cambridge (1993)*

54. *Nicolle, David Essential Histories - The Crusades, Osprey Publishing, Chicago ( 2001)*

55. *Obolensky. D,  The Byzantine commonwealth: Eastern Europe 500–1453, London (1971)*

56. *Ostrogorsky,Georigi, History of the Byzantine State, New Brunswick (1969)*

57. *Острогорски, Георгије, Историја Византије, Српска Књижевна Задруга, Београд (1959)*

58. *P. Lemerle, "L'Orthodoxie byzantine et l'oecume´nisme me´die´val: Les origines du 'schisme' des*
59. *Patrick Sims-Williams,Religion and Literature in Western England 600-800,Cambridge Studies in Anglo-Saxon England 3, eds. Simon Keynes and Michael Lapidge Cambridge (1990)*
60. *Peter Charanis, A Greek Source on the Origin of the First Crusade, Speculum, Vol. 24, No. 1 (Jan., 1949)*
61. *Photios, trans. J. P. Farrell: The Mystagogy of the Holy Spirit, Brookline, (1987)*
    a. *Princeton (1921; repr. Gloucester, MA, 1958)*
62. *Riley-Smith, J. , What were the crusades?, 3rd edn., Basingstoke (2002)*
63. *Riley-Smith, Jonathan, The First Crusade and the idea of crusading, University of Pennsylvania Pres, (1994)*
64. *Roberti Monachi Historia Iherosolimitana, RHC, HOcc 3 Paris (1866)*
65. *Runciman, Steven, History of the Crusades, Volumes I & II , Cambridge University Press, (1952)*
66. *Sharf, A. , Byzantine Jewry: from Justinian to the Fourth Crusade, London (1971)*
67. *Sharf, Byzantine Jewry from Justinian to the Fourth Crusade, London (1971)*
68. *Shepard, J. ,The English and Byzantium: a study of their role in the Byzantine army in the later eleventh century, Traditio, (1973)*
69. *Somerville, Robert, Pope Urban II's Council of Piacenza Oxford University Press (Oct 27, 2011)*
70. *Sources by Francesco Gabrieli, Translated from the Italian by E.J.Costello, Abingdon, (2010)*
71. *T. Khoury, Polemique byzantine contre l'Islam, VIII–XIII s., Leiden (1972)*
72. *The Cambridge History of the Byzantine Empire c.500 - 1492, edited by Jonathan Shephard, Cambridge University press (2008)*
73. *The Crusades from the Perspective of Byzantium and the Muslim World, edited by Angeliki E. Laiou and Roy Parviz Mottahedeh, Dumbarton Oaks Trustees for Harvard University Washington, D.C. (2010)*

74. *The Crusades, An Encyclopedia, Alan V. Murray, Editor, Oxford, England (2006)*

75. *The Oxford History of the Crusades, Edited by Johnatan Riley-Smith, Oxford University press, New York, (1999)*

76. *Thomas Lecaque Anglo-Saxon Perceptions of Byzantium: The Myth of the Greek East MDVL 5104 (2011)*

77. *Tomas Spidlik,* The *Spirituality of the Christian East: A systematic handbook, Michigan (1986)*

78. *Treadgold, Warren, A history of the Byzantine state and society, Stanford, California, (1997)*

79. *Tyerman, C., Fighting for Christendom: holy war and the crusades, Oxford (2004)*

80. *Tyerman, Christopher, The invention of the Crusades, Macmillan Press ltd, London, (1998)*

81. *Vasiliev A.A, History of the Byzantine Empire 324 – 1453, volume II, 1952 USA.*

82. *Vasiliev, Aleksandr Aleksandrovich, History of the Byzantine Empire, 324-1453 University of Wisconsin Press (1952)*

83. *Walker, Paul, The `Crusade' of John Tzimisces in the Light of New Arabic Evidence," Byzantion, XLII 301-327 (1977)*

84. *Whitby, Mary, Byzantines and crusaders in non-Greek sources, 1025–1204, Oxford (2007)*